УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

# З Б О Р Н И К

НАУЧНО - СТРУЧНА ТРИБИНА

***„ДА СЕ БИДЕ УЧИТЕЛ... “***



ШТИП, 2017

# ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

## ПЕТТА НАУЧНО-СТРУЧНА ТРИБИНА
## „ДА СЕ БИДЕ УЧИТЕЛ...“
## одржана на 6.10.2017 година

**Штип, 2017**

**За издавачот:**
проф. д-р Соња Петровска, декан

**Издавачки совет:**
проф. д-р Блажо Боев
проф. д-р Дејан Мираковски
проф. д-р Кирил Барбареев

**Уредувачки обор-Editoria Board:**
проф. д-р Снежана Јованова-Митковска
проф. д-р Снежана Мирасчиева
проф. д-р Кирил Барбареев

**Јазично уредување-LanuageEditor:**
Весна Ристова (македонски јазик)
м-р Снежана Кирова (англиски јазик)

**Техничко уредување-Technical Editing:**
доц. д-р Верица Јосимовска
доц. д-р Оливер Цацков

**Дизајан на корица:**
проф. д-р Никола Смилков

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

371.124(497.7)(062)

НАУЧНО-стручна трибина "Да се биде учител" (5 ; 2017)
Да се биде учител : зборник на трудови / Петта научно-стручна трибина, 06.10.2017. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за образовни науки, 2017. - стр.100: илустр.6; 25 см

Фусноти кон текстот. - Abstracts кон трудовите. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-470-3

а) Наставници - Улога и функција - Воспитно-образовен процес - Македонија - Собири
COBISS.MK-ID 105522186

СОДРЖИНА

**Предговор** .................................................................................................................... **8**

**Соња Петровска**
ГЛОБАЛНИОТ КОНТЕКСТ УСЛОВУВА ПРОМЕНА НА УЛОГАТА/УЛОГИТЕ НА НАСТАВНИКОТ ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС.............................................9

**Снежана Мирасчиева, Оливер Цацков**
ЗОШТО ДА СЕ БИДЕ УЧИТЕЛ – ПРИЧИНИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ ......... 13

**Т. А. Пачемска, Б. Ј. Тунеска, Г. Макридес, Л. К. Лазарова, М. Митева, С. Пачемска, З. Трифунов, Р. Тимовски**
МАТЕМАТИЧКА ДЕБАТА – ГЛАСОТ НА УЧЕНИКОТ - БАРАЊЕ ИЗВОНРЕДНОСТ ВО МАТЕМАТИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ПРЕКУ ПОДИГАЊЕ НА МОТИВАЦИЈАТА ЗА УЧЕЊЕ / ПРАКТИЦИРАЊЕ МАТЕМАТИКА ................................................................. 20

**Марија Иванова**
УЛОГАТА НА НАСТАВНИКОТ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА КОМПОНЕНТА ВО ЛЕКТИРНИТЕ ИЗДАНИЈА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ........................................................................ 27

**Елизабета Симоновска**
СОВРЕМЕНО ВРЕМЕ – СОВРЕМЕНИ УЧИТЕЛИ ............................................................ 33

**Роза Николова**
ДА СЕ БИДЕ УЧИТЕЛ ... „СЕДУМТЕ ПРИНЦИПИ ДА СЕ БИДЕ НАСТАВНИК “ ...... 36

**Снежана Јованова-Митковска**
СОВРШЕН УЧИТЕЛ – ЕНИГМА ИЛИ НЕШТО КОН ШТО ТЕЖНЕЕМЕ, СЕ СТРЕМИМЕ ......................................................................................................................... 42

**Емилија Петрова Ѓорѓева**
СВЕТСКИ ИСКУСТВА ЗА НАСТАВНИКОТ И НЕГОВАТА ВОСПИТНА УЛОГА ........ 47

**Даниела Коцева**
УЧИТЕЛОТ И СОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА.............................................................................. 52

**Киро Јорданов**
ПОДУЧУВАЊЕ И УСВОЈУВАЊЕ НА ВЕШТИНИТЕ НА 21ВИОТ ВЕК .......................... 58

**Ирена Китанова , Емилија Петрова Ѓорѓева**
МОЖНОСТИ НА ИНТЕРКУЛТУРАЛНОТО ВОСПИТАНИЕ ........................................... 66

**Оливер Цацков**
МУЗЕИТЕ И НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА ...................................................................... 70

**Маријана Кротева**
ПРЕДИЗВИКОТ НА НАСТАВНИКОТ ПО АНГЛИСКИ ЗА СПЕЦИФИЧНИ
ПОТРЕБИ.........................................................................................................................76
6

**Данче Николовска Вратеовска**
ОБРАЗОВАНИЕТО, УЧИТЕЛОТ И ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ ........................... 80

**Трајче Стојанов**
РАЗВОЈ НА КРИТИЧКОТО МИСЛЕЊЕ КАКО КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК ЗА
МАКЕДОНСКОТО МУЛТИКУЛТУРНО ОБРАЗОВАНИЕ ................................................ 84

**Кирил Барбареев, Билјана Димковска**
ФИНСКИ ЛЕКЦИИ ЗА НАШИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ ............................................. 889

**Јадранка Рунчева**
РЕФОРМСКИ ТЕНДЕНЦИИ ВО УНИВЕРЗИТЕТСКАТА НАСТАВА............................... 95

**Предговор**

*Да се биде учител* е колекција на трудови создадени како резултат на мислењата и ставовите изнесени на истоимената Петта научно-стручна трибина на Факултетот за образовни науки во Штип, која се одржа на 6 октомври 2017 година, по повод 5-ти Октомври, светскиот ден на учителот. Содржи лепеза на научни погледи и размислувања за предизвиците, перспективите, улогите и состојбата во која се наоѓа учителската професија денес, кај нас, и на глобално ниво. По својата суштина, зборникот е наменет за сите структури кои се активно вклучени во креирањето, имплементацијата и развојот на воспитно-образовниот процес.

Зборникот на трудови *Да се биде учител* е петтиот зборник, прирачник кој ќе им послужи на сегашните и идни генерации учители. Во публикацијата се претставени трудови кои третираат прашања за актуелната состојба во која се наоѓа учителот, визии за дизајнирање на профилот на учителот утре, предизвиците со кои се соочува оваа професија, а дадени се и насоки и модели за дизајнирање и редизајнирање на учителскиот профил.

На околу сто страници поместени меѓу кориците на оваа колекција, низ синергичен приод, можат да се најдат нови идеи за понатамошни истражувања и развој на учителската професија. Текстовите изобилуваат со богати и разновидни искуства кои се водилка за стекнување и развој на ново индивидуално искуство и инспирација за идни истражувања и собири.

Им благодариме на сите партиципиенти за учеството и придонесот на споделувањето на теоретските размислувања и практичните искуства на трибината.

Штип, декември 2017 Од уредниците

УДК 37.011.3-051-027.511
прегледен труд

# ГЛОБАЛНИОТ КОНТЕКСТ УСЛОВУВА ПРОМЕНА НА УЛОГАТА/УЛОГИТЕ НА НАСТАВНИКОТ ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

**Соња Петровска[1]**

**[1] Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип**

**Апстракт**
Трудот претставува кратка елаборација и лична евалуација на некои глобални предности и предизвици со кои се соочуваат наставниците во дваесет и првиот век. Намерата е да се иницираат прашања во врска со целта на училишното образование, изворите за учење и поучување, вистината за нивните вредности и улогата на наставниците во процесот на создавање на граѓани вредни за себе си и за општеството.
**Клучни зборови**: медиуми, развој, информации.

# THE GLOBAL CONTEXT CONDITIONS THE CHANGE IN TEACHERS' ROLE/S IN THE EDUCATIONAL PROCESS

**Sonja Petrovska[1]**
**[1] Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delcev" Stip**

**Abstract**
The paper presents a brief elaboration and a personal evaluation of some of the global strengths and challenges teachers face in the twenty-first century. The intention is to raise questions about the purpose of school education, learning and teaching resources, the truth about their values and the role of teachers in the process of creating citizens who are valuable both to themselves and to the society.
**Key words:** media, development, information.

## Вовед во петтата научно-стручна трибина „Да се биде учител...“

Уште во далечната 1970 г. Alvin Toffler во шок на иднината предвидел дека за неписмени, во 21 век, нема да се третираат оние кои не знаат да читаат и да пишуваат, туку оние кои не знаат и не се подготвени да учат, оние кои не знаат и не се волни да го преиспитуваат наученото.

Најголем дел од предвидувањата на овој визионер и претскажувач за шокантниот развој на бизнисот, движењето на капиталот, развојот на технологијата, техниката и науката, како и на политичките збиднувања денес се остваруваат. И како што ќе рече тој: сите ние ќе страдаме од состојба која не е различна од културниот шок што го доживуваат имигрантите и печалбарите. Резултатот е масовна дезориентација, е тоа е навистина шок на иднината.

Се чини, денес ја живееме иднината на Тофлер. Многумина од нас се во состојба на шок бидејќи медиумите со целата своја моќ често презентираат полувистини и промовираат личности и вредности несвојствени за посакуваните хумани општества. На глобално ниво постои тенденција на губење на довербата кон институциите, а интернет подржаните социјални мрежи нè бомбардираат со информации заради кои често се

чувствуваме неспособни да управуваме со сопствените животи. Тие ги надминуваат психофизичките капацитети на човекот за интеракција. Денес многумина сметаат дека компјутеризацијата носи софтвери кои ги уништуваат работните места на луѓето. Интензивно се развиваат нови работни места кои бараат луѓе со нови компетенции. Немоќта на по природа конзервативните образовни системи создава расчекор помеѓу понудата на кадрите и потребите на пазарот на трудот.

Можеби некој нема да се согласи со овие ставови, но тоа е разбирливо зошто нашиот „шок“ на кој денес сме изложени е многу нерамномерно распределен, па чувството може да се субјективизира. Се чини, некои не само што се сосема добро подготвени за иднината, туку и активно и свесно ги градат своите посакувани иднини. За нив, креирањето на иднината е секојдневна реалност. Истовремено, во овој ист свет, други се чувствуваат како немоќни инструменти на сегашноста и жртви на иднината.

И токму во оваа сегашност кога со силата на говорот се промовираат инклузивни општества, со зачудувачка брзина и интензитет се создава овој дуален свет. Светот на моќните и светот на „безнадежните“. Аргументацијата за оваа состојба е толку очигледна. Ако си млад човек кој живее во земја уништена од војна, преплавена од сиромаштија или пак во урбана џунгла каде и покрај сè си сам, навистина размислувањето за иднината најверојатно е луксуз што воопшто и не можеш да си го дозволиш. Ако вашето работно место се укине, или ако економијата во вашиот град е деградирана, тогаш пак, чувствувате дека сте жртва на иднината што некој друг ја создава.

Општествата мора да размислуваат за иднината.

Нема дилеми дека да се размислува за иднината значи да се размислува за децата, за нивниот развој, за нивните компетенции за живот во денешнината и за справување со предизвиците на иднината.

Се согласувам со познатиот едукатор (John Seely Brown) дека најважната работа за развојот на децата денес е да се развива љубовта за прифаќање на промените. Меѓутоа дали подготвеноста за прифаќање на промени е доволна? Промените треба да водат кон безбедност, сигурност, релативна стабилност и предвидливост зашто човекот е суштество кое може да живее и да се развива само во ваков контекст.

Нашите деца денес растат во значително покомплексен свет од светот во кој живеевме ние. Оттука и нивниот поглед кон светот е многу поразличен од нашиот. Често детските перцепции за светот се длабоко обликувани на за нас неочекувани начини, а под влијание на глобализацијата, дигиталниот и интерконектиран свет уште во нивната најрана возраст. Всушност, нивните перцепции за новостите и случувањата се условени од искуствата што ги стекнуваат во текот на растењето, главно преку инстант врски и односи со другарите и пријателите.

И кога ќе започнат да одат во училиште информациите повеќе не ги добиваат само од фронтменот/учителот во нивните училници. Тие се насекаде, доаѓаат отсекаде, доаѓаат во секое време и од секој уред.

Според една студија направена неодамна на Калифорнискиот универзитет просечниот Американец восприема околу 34 ГБ содржини како информации дневно, односно околу 100 000 зборови (45% од ТВ, 27% од компјутерите, 10%, од радиото, 20% од филмовите и околу 5% од телефонот).

Порано, глобалната цел на училишното учење главно се однесуваше на добивање на одговори на поставени прашања, секако поврзани со цели предвидени во наставни планови и програми. Денес одговорите можат да се добијат од секого, насекаде и

отсекаде. Но, сегашноста е уште покомплексна и покомплицирана и заради фактот дека вистинските одговори не остануваат долго вистинити односно точни? Само за пример: дури 50% од знаењата во областа на медицината застаруваат за 5 години.

И така во светот на изобилство на информации, многу истражувања покажуваат, дека учењето мора да се претвори во процес низ кој се развива:

- Љубопитноста - Да се сака да се дознае, да се разбере, да се сфати.
- Способности за поставување на прашања и самопрашување.
- Способности и вештини за собирање на информации од различни извори.
- Способности за колекционирање, односно групирање и синтетизирање на информациите.
- Способности за креативност и иновативност - Делување согласно информациите и споделување на активностите заради општото добро, заради околината.

И сето ова со посредство на ИКТ. Со посредство на педагошки добро осмислени воспитно-образовни активности низ кои врз дидактички принципи се интегрирани информатичко-комуникациските технологии. Зошто интеграцијата на ИКТ во наставата е неопходна?

Денес учениците различно го разбираат поимот – заедница од онаа во која ние растевме и учевме. Заедницата за нив не е само семејството, училиштето, врсниците и блиското опкружување, таа е многу поширока, покомплексна и се нарекува виртуелен свет. Во оваа заедница протекува инстант комуникација, а таа подразбира комуникација на децата со билиони можни „учители“.

Ние како учители должни сме пред пошироката општествена јавност да го поставиме прашањето? Кој и како ја следи, ја проценува и ја вреднува компетентноста на овие „учители“? Но, истовремено сме должни и себе си, да се прашаме – Дали сме подготвени да ги научиме нашите ученици да ги истражуваат, селектираат и да управуваат со овие неоспорно моќни ресурси? Дали сме подготвени да ги научиме како, во тој бесконечен виртуелен свет да ги препознаат вистинските „учители“? Можеме ли да ги научиме да станат одговорни граѓани и да им помогнеме да стекнат знаења, да развијат вештини и способности за живот и работа во 21-от век?

Како да ги научиме што е она што им е потребно да го научат?

Процесите на учење и поучување, што во добар дел сѐ уште се реализира по традиција, мора да биде редефиниран. Наставниците преку оживотворување на принципите на хуманистичкото образование низ курикулумите и дидактичко-методичките пристапи креирани и реализирани за секоја воспитно-образовна активност најдиректно можат да им помогнат на децата и на нивните родители да го сфатат светот на промените, светот на различностите како можност за учење и развој.

Дури и денешните наши училници претставуваат неми сведоци на минатото, наместо инспирација и удобност каде учениците ќе ја живеат сегашноста и ќе се подготвуваат за иднината.

21-от век повеќе не можеме да го третираме како наша иднина. Ова е сегашноста и затоа нашата мисија мораме да ја претвориме во предизвик. Сакам да кажам дека учителите повеќе не остваруваат мисија, учителите во 21-от век се креатори и реализатори на воспитно-образовен процес кој е втемелен на континуирано адаптирање на содржини, методички пристапи и технологии. Во најширока смисла на зборот тие се носители на

акции за создавање на средина за учење која ќе ги развива кај децата способностите за справување со предизвици.

Нема да ги образложувам посебно улогите и задачите на учителот во 21-от век (планер, лидер, креатор, соработник, советник, мотиватор ...), само ќе се вратам на почетокот. Остварувањето на нашата комплексна и суптилна дејност зависи од подготвеноста, во секој момент од нашето делување, да провоцираме кај децата љубов кон промените, скепса, желба за нивно преиспитување и храброст постојано да ги поместуваат нанапред сопствените граници на учење.

Рутината во учителската работа, за разлика од многу други професии, го деградира нејзиниот квалитет, ја убива различноста кај децата и младите. Консеквентно на ова тоа придонесува во создавањето на униформни општества. Општества во кои отсуствува критичноста, визионерството и спремноста да се прифати предизвикот.

**Наместо заклучок**

За крај останува и прашањето кои се нашите наставници, кои сме ние и кои се клучните мотивациски фактори кои го детерминираат интензитетот и квалитетот на нашето воспитно-образовно делување. Иако постојат одговори кои ги промовира научната фела и оние кои се најдиректно задолжени за креирање на образовните политики, се чини, образованието денес е во сериозна криза.

**Литература**


- Tofller, A. (1970). *Future Shock*. Bantam Books. ISBN 0-553-27737-5.
- John Seely Brown. (1997). Seeing Differently: Insights on Innovation. Harvard Business Revieuw Book. Harvard Business School Publishing.

УДК 37.011.3-051:005.963
прегледен труд

# ЗОШТО ДА СЕ БИДЕ УЧИТЕЛ – ПРИЧИНИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ

**Снежана Мирасчиева[1], Оливер Цацков[2]**

**[1,2] Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип**

**Апстракт**
Технолошката инвазија во просторот на образование и воспитание, пред учителот, меѓу другото, поставува барање за обликување на процесот на учење. Соочен со одговорност и задачи, нужност од почитување на другите и тимска работа, со квалитативно стручно усовршување, сензибилност за доверба и грижа за учениците, современи стратегии за учење и поучување, истражување и само – развој станува свесен за потребата од промени. Тие пак од своја страна се силен предизвик за учителот, но во исто време го трасираат патот на перспективниот развој на професијата учител.
**Клучни зборови:** учење, ученици, развој, образование, општество, професија.

# WHY BE A TEACHER - REASONS, CHALLENGES AND PERSPECTIVES

**Snezana Mirascieva[1], Oliver Cackov[2]**
**[1,2] Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev” Stip**
**Abstract**
The technological invasion in the area of education and upbringing requires that a teacher, among other things, shapes the learning process. Faced with responsibilities and tasks, the need to respect others and the need for teamwork, with qualitative professional development, sensibility to trust and care for students, modern learning and teaching strategies, research and self-development, a teacher becomes aware of the need for change. The points mentioned, on the other hand, are a strong challenge for a teacher, but, at the same time, they determine the path for the perspective development of the teacher profession.
**Key words:** learning, students, development, education, society, profession.

*Образована личност е единствено онаа*
*која ќе научи како да учи и како да се менува.*
*Карл Роџерс*

## Вовед

Една од стратешките цели на образовните реформи е оспособувањето на младите за успешно снаоѓање во светот на континуирани, брзи и најчесто глобални промени, со што позицијата на наставата и улогата на наставникот  во тој процес значително се менува. Значењето на учителот како носител на промените во 21-от век денес е најмногу очигледна, денес во услови на продорен упад на информациско - комуникациската технологија и во услови за спектакуларниот развој на светот во училницата, барајќи од учителот да го обликува процесот на учење. Секој учител е соочен со одговорност и задачи, нужност од почитување на другите и тимска работа, со квалитативно стручно усовршување, сензибилност за доверба и грижа за учениците, современи стратегии за учење и поучување, истражување и само - развој. Во време кога училиштето треба да биде

најзабавно и најинтересно место за децата, повеќе од сигурно е дека учителот мора да биде свесен за потребата од промени. Барањата кои се поставуваат пред учителот во контекст на компетенции и професионалност, наметнуваат голема одговорност. Од друга страна, образовните реформски мерки и одделни чекори во образовната политика имаат негативно влијание на дигнитетот на учителската професија. Впрочем, суштината и реализацијата на промените треба да биде во склад со интересите на учителот, вклученост и постојана стручна и лична сензибилност за живеење со промените.

**Зошто да се биде учител?!**

Прашањето зошто да се биде учител на прв поглед е едноставно и се очекуваат едноставни одговори. Но, во едноставноста е комплексноста. Учителската професија е значајна за секоја општествена заедница затоа што учителите се „огледало" на општеството. Постојат многу причини кои можат да бидат одговор на прашањето зошто да се биде учител. Еве неколку од нив:

- нуди можности да промени нечиј живот;
- овозможува откривање на нешто ново и креативност во континуитет. Имено, учителот е истовремено научник и уметник, истакнува М. Стевановиќ (2003);
- постојано унапредување на сопствената работа;
- секогаш има можност за задоволство;
- учителот вистински го води светот во 21-от век;
- силна причина да се биде учител се децата.

Да се биде учител е работа која бара многу од личноста и е под различни влијанија, динамични извори, иновации и застарени догми кои дополнително ја отежнуваат учителската работа. Емоционално исцрпува, а понекогаш е и невозможна. Во време на технолошки обележја, сепак учителската професија е најдобрата професија. Да се биде учител е најблагородната професија затоа што создава личност за иднината, го креира животен пат на индивидуата, открива начин и пат некому да помогне, да го оспособи за живот. Учителите се полни со енергија и страст и знаат да препознаат, почитуваат и да се дружат со луѓето околу себе. Тие знаат да покажат интерес и грижа. Да се биде учител значи: да се биде несебичен и трпелив; да знаеш да комуницираш; да се биде одговорен; да знаеш да се „носиш" со секојдневните „луди" животни ситуации; да се биде оптимист и да ја гледаш секогаш „светлата страна"; да си исклучително вреден. Учителот знае да се релаксира. Тие се страсни и знаат да сакаат, а да бидеш во контакт со некој кој ја сака својата работа значи постојано да бидеш мотивиран и поттикнуван на активност, е вистинско „освежување" наспроти монотонијата и досадата, но и доста привлечно.

Во обидите да одговориме на прашањето го напуштивме стандардниот модел, па го изоставивме делот кој се однесува на определување на поимот учител. Кога го поставив прашањето, немав намера да понудам одговори од научната и стручна литература, зашто тие се веќе познати и којзнае по колку пати изречени. Размислувањата за тоа зошто да се биде учител се водени од синтагмата „добар учител" за која ќе се обидам да дадам краток осврт. Имено, добриот учител се карактеризира со:

- Одлично познавање на подрачјето кое го предава. Квалитетно ја објаснува содржината, добро управува со времето, го „слуша" говорот на децата, учениците, родителите, колегите и останатите во заедницата;
- Храбро се соочува со предизвиците;
- Темелно се подготвува за настава;

- Енергичен, динамичен и самоуверен;
- Достапен и подготвен за соработка;
- Трпелив и љубезен;
- Поттикнува креативност, творештво и оригиналност;
- Создава топла работна атмосфера;
- Креира чувство на припадност и заедништво;
- Неговата љубов, воодушевување и ентузијазам се огледуваат во работната средина и меѓучовечки односи, со почит кон сите ученици како кон посебни индивидуи;
- Автентично сведочи со своето однесување, секогаш подготвен да помогне и мотивира, во средина на меѓусебна почит и доверба;
- Пожртвуван и искрен, поттикнува на перманентен развој и раст;
- Со својата креативност поттикнува критичко мислење;
- Со смисла за хумор и чувство за мерка, води отворена комуникација;
- Со активно слушање стекнува доверба, со образованието, знаењето и љубезноста воодушевува, а со хуморот релаксира;
- Подготвен на промени, прилагодлив, кооперативен и упорен, иновативен.

Ваквиот модел е идеален, но колку може да се реализира? Можно ли е да го идеализираме добриот учител?! Да се обидеме да бидеме достојни на својата племенита, креативна и вдахновена професија. На тој начин ќе ја одржуваме убавината, оригиналноста, складот и дигнитетот на секоја индивидуа.

Изнесените сознанија можеби не се целосни, но се инспиративни и отвораат перспективи за нивно дополнување и менување зашто се одраз на моментот на анализа. Напротив, кога говорам за учителот и прашањето зошто да се биде учител, вистинскиот одговор е дека учителот е човек - херој на своето време, затоа што во годините во одминување и најавата на нови години кои идат, нив - учителите ги прогласуваме за јунаци на годината. Станува збор за луѓе кои секојдневно воспитуваат, образуваат, се носат со сериозни проблеми, но и понатаму покренуваат и инспирираат. Иднината за која сите говориме е во нивни раце. Затоа тие се нашите и ваши „славни“. Ако иднината е во рацете на нашите деца, а децата ги препуштаме на учителите, каде е почитта кон нашите учители?! Најголемиот проблем со кој се соочуваат учителите денес е недостигот на почит. Колку и како и дали воопшто секој од нас се заблагодари на учителот за вложеното време, зашто „и учителите се среќни кога некој ќе ги пофали. Општествената заедница во целост треба повеќе да ги цени учителите и нивната работа“. Од учителот се очекува многу, па сепак тие вредни работници во училиштата ретко слушаат пофални зборови од другите за трудот кој го вложуваат. Причините се резултат на рефлексијата на општествено-економските и научно - технолошки промени во последните неколку децении. Промените во воспитно - образовната дејност, нова концепциска поставеност на современото училиште, нови наставни програми, нови професионални, административни обврски, нови улоги и предизвици на учителот не само што го привлекоа вниманието на научно-стручната па дури и поширокета општествена јавност за учителската професија, туку резултираа со дијаметрално контрадикторни и спротивставени размислувања, кои одат во две насоки: „од почит кон учителот, најдрагоцената личност за животот и развојот на нашето дете, „првиот учител е најважниот, најзначајниот, го трасира патот на нашето дете“ до размислувања и ставови според кои се негира нивната улога и значење за животот и развојот на децата/учениците„ се деградира статусот на учителот. Токму ваквите ставови постојано нѐ поставуваат нас, учителите во ситуација на постојано преиспитување,

поаѓајќи од фактот дека изборот на учителската професија подразбира љубов кон децата и човекот воопшто, имајќи ја во вид секогаш желбата да се придонесе во нивниот развој, фактот дека оваа професија е професија која бара огромни вложувања во личниот развој, влог во едукацијата за доброто на идните генерации, професија без која не може да се замисли општественото битисување, истакнува Јованова.“ (2015,22) Општеството опстанува затоа што секогаш го превземаат генерациите кои доаѓаат, но ретко кога го поставуваме прашањето колку тие генерации се доволно подготвени за да ги превземаат улогите во општеството. Образованието не е едноставно усвојување на знаења, туку инспиративно и мотивирачко доживотно и перманентно истражување и учење. Образованието мора да ги следи промените во општеството со што постојано ќе биде во фаза на прилагодување на надворешните услови, и што е уште поважно обликување на умовите на идните генерации. Всушност, најголемата загатка на образованието лежи во подготовката на новите генерации за иднина и во тоа како нивните умови денес ги усвојуваат знаењата. Впрочем, тешко може да се предвиди како ќе изгледа технолошкото општество во иднина, но сосема е јасно дека новите генерации ќе заработуваат за живот со својата креативност и имагинација, а општеството пред нас ќе се мери по степенот на ентузијазмот и благосостојбата на своите граѓани. Затоа поучувањето е уметност, а учителската професија треба да биде општествена привилегија. Креативното изразување и негување на темелните човекови вредности е нужно за формирање здрава личност и стабилен идентитет. Впрочем, да се биде учител е повеќе од професија, особено да се биде добар учител зашто „*добриот учител влијае на вечноста: никогаш не може да каже кога неговото влијание ќе престане*“. (*Хенри Адамс)*

**Предизвици пред учителот**

За предизвиците на учителската професија може да се говори од повеќе перспективи како: од перспектива на учениците, од перспектива на родителите, од перспектива на промените во општеството, од перспектива на технолошкиот развој, од перспектива на општествениот статус на самата професија. За жал сведоци сме на состојбата денес кога учителската професија е потценета професија, со уништен дигнитет и предмет на постојани критики и навреди од сите членови на заедницата. Девалвирањето на учителската професија е очигледна низ призмата на недоволно платена професија како резултат на ниската свест за значењето на професијата, свест која е заробена во вековно старите парадигми. И покрај тоа, евидентно е дека повеќето учители го избираат ова занимање бидејќи сакаат да им помагаат на другите. Тоа е работа со која личноста се обврзува дека позитивно ќе влијае на животот на децата. Иако некои учители оставаат впечаток дека нивната работа е лесна, таа е исполнета со препреки и проблеми како обемни наставни планови и програми, оптовареност со административни обврски, неодговорни ученици, незаинтересирани родители, ниски примања. И сите ќе се сложиме со тврдењето дека да се биде учител е улога која денес е силно потценета. Да се биде учител е предизвик, одговорност, задоволство. Тоа е можност да се поттикнат и охрабрат многу други да ги постигнат своите цели и остварат своите соништа. Воспитувањето на младите генерации, кои растат во опкружување различно од она од пред неколку години, е вистински предизвик. Мораме да признаеме дека учителската професија е исклучително значајно занимање, поврзано со многу предизвици – од ниски примања до лоши услови за работа; од административна оптовареност до „гушење“ на креативност; од непочитување и насилство до незаинтересирани родители. Од тука и прашањето за тоа како учителите се

носат со предизвиците? Силата на учителот лежи во љубопитноста, отворениот дух, развој на критичко мислење и доживотно учење. Подобрувањето на квалитетот во образованието и мотивацијата на учителите треба да бидат приоритети со еднаков третман. Современото училиште ориентирано кон напредок, развој и успех во учењето, се соочува со предизвиците кои претпоставуваат, бараат и условуваат квалитативно нови односи, ставови и размислувања на сите субјекти во воспитно - образовниот процес. Таквиот модел на училиште бара современ учител кој со својата личност и професионална компетентност ќе ја менува и унапредува наставната практика, учител – креатор, рефлексивен практичар и истражувач. Предизвиците поставени пред учителот денес постојано растат. Првенствено учителот треба да одговори на барањата на децата - да ги мотивира, да влијае на развојот на нивните интелектуални способности, да ги воспитува, да ја прилагоди работата на нивните можности. Учителите денес треба да одговорат и на барањата на родителите – кои се најчесто фокусирани на оценките, преамбициозни, со нереални очекувања. (Во минатото, учителот уживал почит и доверба од целата општествена заедница, па односот на родителите бил отворен и соработнички, различен од денешниот). Уште еден предизвик стои пред учителот денес, а се однесува на перманентното образование. Учителот денес мора да ги следи современите тенденции, да користи современи наставни методи и средства, да води преобемна педагошка документација и постојано да се усовршува. Денешниот свет околу нас, со секојдневните промени влијае на работата на учителот, добро да се подготви за настава, секојдневно контактира со голем број родители, а секој наставен ден треба да биде различен за да го побуди интересот кај децата. Предизвик за учителот денес е и потребата од континуирано следење на развојот на технологијата како предуслов за унапредување на наставата. Работата на учителот секојдневно ја следат и родителите и децата и целата заедница, но никој не се прашува како се чувствува учителот и дали воопшто може да работи во такви услови. Иако учителската професија е една од најодговорните во општеството, сепак учителите не се доволно наградени - ниту со почит, ниту материјално. Убавината на учителската професија постои и денес, затоа што работата со деца е привилегија. Љубовта, искреноста и позитивната енергија која ја добива учителот од децата не може да ги промени ниту времето, ниту општеството. Но предизвикот е голем бидејќи треба да се работи на усовршување на учителот, но и на решавање на проблемите кои ги наметна општеството како деградација на учителот, предрасудите и стереотипите за комплексноста на работата на учителот. Затоа успехот денес го гледаат во градење на односи на доверба и соработка со родителите бидејќи имаат иста цел: здрава, воспитана, културна и образувана младина. За да се избори со тој предизвик општествената јавност треба да ги поддржи учителите во нивните ставови и да ги „слушне“ нивните предлози. И покрај сите предизвици, неуспеси и разочарувања, сите учители и понатаму работат со децата. А зошто безброј студенти сакаат да станат учители, иако знаат дека работата можеби не е ценета колку што треба да биде, што е тоа што им дава сила да не се откажуваат се прашања кои не добиле одговор во целост. Што е тоа што ги прави истрајни учителите? Иако нивната работа е тешка и заморна, воодушевувањето со кое децата учат и нивниот видлив напредок се силен поттик за истрајност, е најчесто одговорот на учителите.

**Учителот низ перспективна призма**

Задоволството и среќата се услова за ефективна работ и креативно творештво. Од тука и тврдењето дека да се биде учител не е само занимање, туку професија која содржи „внатрешно“ доживување преполно со емоции. Затоа образованието на учителот треба да биде во склад со современите научни постигања и позитивна наставна практика. Перспективата на учителот е во свеста дека професијата бара секојдневно учење и следење на новите научни сознанија бидејќи сложената и одговорна работа на учителот води кон „создавање“ на луѓе кои во „општеството на знаење“ ќе работат и творат. Призмата на перспективи на учителската професија е вложување во иднината, односно вложување во учителскиот кадар и создавање ресурси кои ќе го движат општеството во насока на прогрес и развој. Заради тоа повеќе од нужно е идните генерации да бидат активни учесници и функционално образовани личности.

**Заклучок**

Професијата учител е професија која бара талент, знаење и комуникациски способности. Сознанијата дека учителската професија е една од најважните и најодговорни во едно општество се добро познати затоа што учителот е човек кој помага во градењето на карактери. Прекрасно е чувството кога човек кој се занимава со учителска работа располага со неопходните квалитети. Но кои се тие квалитети и колку се доволни во работата со децата е всушност прашање со кое професијата учител е постојано предмет на интерес. Денес, во ера на технолошка доминација, во секојдневната работа учителите во значителен процент се иницијатори за примена на голем број технички помагала првенствено поради потребата од воведување нови и креативни стратегии на учење. Затоа учителската професија е толку динамична и понекогаш исцрпувачка, но добрите учители секогаш се „враќаат на суштината“ на професијата. Зборот учител кај секој од нас буди различни асоцијации. Но сите ние сме согласни дека се почести се навредите и нападите врз учителите. Зошто е тоа така? Погледите во блиското минато нудат поинаква слика, слика во која да се биде учител е една од најценетите и највлијателни професии, учителот е личност која се почитува и цени. По неколку децении сликата сосема се менува. Па сè помалку се цени учителот, често се навредува па дури и физички се напаѓаат учителите. И покрај ваквата слика и денес говориме за добар учител. Да се биде добар учител не е само занимање, туку вистински позив. Учителот е поучувач, пријател, морален столб и потпора на детето. Учителот на децата им ги пренесува радоста, топлината, ја поттикнува самодовербата и чувството на вредност кај секое дете. „Вистинските учители“ децата ги обликуваат во личности на кои ќе остане иднината. Зарем овој факт не е прекрасен?. Иако денешниот свет е преполн со критики, лоши намери и интриги кога тешко може да се остане доследен на своите идеали, секогаш треба да се сетиме на децата кои во нас гледаат личност која ќе ја помнат цел живот. Тие се нашата мисија! Затоа да се биде учител е „реалност“ со многу убави и неповторливи моменти и со многу животни проблеми и ситуации на кои не можеме да влијаеме, но кои оставаат трага на нас. Така нашите ученици стануваат дел од нашиот живот, нивната радост е и наша радост, нивниот успех и наш успех, нивните солзи се и наши солзи.

Ние, учителите, сме тие кои го менуваме светот, а на тоа треба да бидеме горди.

**Литература**


- Банчотовска, Н. С. (2008). *Професионалните компетенции на наставниците*. Скопје: Академски печат.
- Brajša, B. (1995). *Sedam tajni uspješne škole*. Zagreb: Školske novine.
- Гојков, Г. и сарад. (2006). *Циљеви-компетенције учитеља и васпитача*. Вршац: ВШОВ.
- Đorđević M. (1994). *Kako uspešno vaspitavati*. Niš: Gradina.
- Langran, P.(1979). *Uvod u permanentno obrazovanje*. Beograd: BIGZ.
- Kevereski, L. (2007). *Professional Inductions of Teachers in Europe and Elsewhere, Apprenticeship in education in the Republic of Macedonia, Between Theory and Practice*, Ljubljana: M. V. Zuljan and J. Vogrinc (ed.).
- Marinković, S. (2010). *Profesionalni razvoj nastavnika i postignuća učenika*. Užice:Učiteljski fakultet.
- Мирасчиева, С., Ѓорѓева, П. Е., Коцева, Д. Китанова, И. (2016). За предизвиците и перспективите на професијата учител. Зборник *Предизвиците и перспективите на учителската професија*. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, Факултет за образовни науки. стр. 17-23.
- Митковска, Ј. С. (2015). Каков наставник сакам да бидам? *Зборник Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век*. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, Факултет за образовни науки. стр. 1-28.
- Stevanović, M. (2003). *Nastavnik Odgajatelj Umjetnik.*Varaždinske Toplice:Tonimir.

УДК 37.015.3:005.32]:51
научен труд

# МАТЕМАТИЧКА ДЕБАТА – ГЛАСОТ НА УЧЕНИКОТ - БАРАЊЕ ИЗВОНРЕДНОСТ ВО МАТЕМАТИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ПРЕКУ ПОДИГАЊЕ НА МОТИВАЦИЈАТА ЗА УЧЕЊЕ / ПРАКТИЦИРАЊЕ МАТЕМАТИКА

**Т. А. Пачемска[1], Б. Ј. Тунеска[2], Г. Макридес[3], Л. К. Лазарова[1], М. Митева[1], С. Пачемска[2], З. Трифунов[2], Р. Тимовски[1]**

**[1] Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Република Македонија, [2] Сојуз на истражувачи на Македонија – Скопје, Република Македонија, [3] Сојуз на математичари на Кипар**

**Апстракт**

Овој труд е адресиран на конкретниот приоритет-барање извонредност во образованието по математика преку зголемување на мотивацијата на учење. Трудот е презентација на активностите од првата фаза од реализацијата на проектот „Математичка Дебата“ кој има за цел добивање позитивен став кон математиката преку зголемување на мотивацијата за учење математика.

Образложението за зајакнување на мотивацијата за учење математика се однесува на попосредна загриженост за политиката на недостиг на вештини на пазарот на трудот. Интересот на младите за математика и сродни научни дисциплини е важен затоа што е силна детерминанта за избор на кариера во областа на математиката, науката и технологијата (MST). Исто така, постигнувањето и одржувањето на високо ниво на вештини во овие области е од клучно значење за економијата базирана на знаење, па зголемувањето на бројот на дипломирани студенти од MST останува да биде важна цел во сите европски земји.

**Клучни зборови:** наставен метод, наставна практика, математички знаења...

# MATH DEBATE –THE VOICE OF STUDENTS - SEARCHING EXELLENCE IN MATH EDUCATION THROUGH INCREASING THE MOTIVATION FOR LEARNING

**T. A. Pachemska[1], B. J. Tuneska[2], G. Makrides[3], L. K. Lazarova [1], M. Miteva [1], S. Pachemska [2], Z. Trifunov [2], R. Timovski [1]**

**[1] University "Goce Delcev" Stip, Republic of Macedonia, [2] Union of Researchers of Macedonia - Skopje, Republic of Macedonia, [3] Union of Mathematicians of Cyprus**

**Abstract:**

This paper addresses the specific priority of searching excellence in Mathematics education through increasing the motivation for learning. We give a short presentation of the activities in the first part of the project MATHDebate. The objective of this project is gaining a positive attitude towards mathematics by increasing the motivation for learning mathematics.

The rationale for strengthening the motivation for learning mathematics relates to the more immediate policy concern of skills shortages on the labour market. Young people's interest in mathematics and related subjects is important as it is a strong determinant of career choices in mathematics, science and technology (MST) related fields. Furthermore, maintaining high-level skills in

these fields is crucial to the economy based on knowledge so the increase in the number of MST graduates remains an important objective in all European countries.
**Key words:** math teaching methods, math practices, math knowledge

**Вовед**

Математиката е насекаде околу нас. Способноста за разбирање на математиката и математичкото расудување како и практикувањето математика е неопходно за иднината на секоја индивидуа. Во денешното сложено општество, учењето и разбирањето на математиката и природните науки стана неопходно за целосен развој на секоја личност. Во изградба на економија базирана на знаење, потребата од развој на математичките компетенции е врвен приоритет. Развојот на економијата на секоја земја зависи од индивидуалната симулација, развојот на нови современи технологии и зајакнување на врските помеѓу научните дисциплини. Важноста на математиката во последниот период е зголемена поради огромната примена на компјутерите, информатичките технологии, моделирањето и симулацијата. Поради тоа е толку важно да се обезбеди што е можно подобро математичко образование за децата кои веќе се во основно училиште.

Важноста на математичкото образование треба да се нагласи уште во основно училиште. Во првите години учениците од било кој дел од светот учат бројни концепти и нумерација, форми и бројки и основни мерни вештини, меѓу другите почетни математички вештини. Но, наставата по математика во основно училиште не е без напор. Општо земено, она на што се посветува внимание во наставата по математика е математизација на размислувањето на учениците, т.е. јасноста во размислувањето на учениците, едноставноста во претпоставките на учениците и логичкото заклучување. Една од најважните цели на математиката е да ги развие вештините на учениците за разбирање на апстрактните математички концепти и решавање на реалните проблеми.

Покрај огромната важност и примена на математиката во другите науки и примена на математичкото знаење во секојдневниот живот, во многу земји во светот математиката не е омилен предмет кај учениците. Повеќето ученици не ја сакаат математиката бидејќи најчесто не ги добиваат посакуваните резултати. Ова обично води кон вознемиреност, па дури и страв - фобија од математиката. Општо земено, учениците се соочуваат со проблем при усвојување на основните математички концепти, но, исто така, не можат да го користат математичкото знаење во другите науки и во разни практични ситуации. Иако математиката е толку важна и е на пиедестал меѓу науките, кај учениците се смета дека е тежок, апстрактен, здодевен и непрактичен предмет [4]. Ставовите на овие ученици кон математиката се една од причините за нискиот успех на учениците на сите нивоа на образование. Многу истражувачи, како Akinsola, Moenikia и Singh во [1], [5], [7], покажаа дека стравот од математиката е фактор за низок успех во математиката. Општо земено, ставовите на учениците кон математиката и нивниот успех по математика се во корелација. Придонес во изучувањето на ставовите на учениците кон математиката е даден од Neale, кој истакнува дека „ставот игра клучна улога во учењето на математиката и се смета дека позитивниот став кон математиката игра клучна улога во предизвикување на учениците да учат математика“ [5]. Neale во [5] го дефинира математичкиот став како „сакање или не сакање на математиката, тенденција да се вклучат во математичка активност или да ја избегнуваат, верување дека е учениците се предодредени да бидат добри или лоши во математиката и верување дека математиката е корисна или бескорисна“. Така, ставовите на учениците кон математиката влијаат на тоа колку добро и колку често тие се посветуваат на математиката, и колку уживаат во сето тоа, Моенијанија

[8]. Поради тоа неопходна е работа со цел да се променат негативните ставови на учениците за математика.

Сите наставници, особено наставниците по математика, се обидуваат да создадат автентичен ученички интерес кон концептите кои се изучуваат на часот. Но учениците најчесто обврските ги извршуваат само затоа што ова се бара од нив, без вистински интерес. Ова состојба би можела да се промени со воведување на следните практики во училницата: разгледување и решавање проблеми од нивниот секојдневен живот, користење на креативен пристап или користење на математички музички видеа. Позитивни ставови на учениците кон математиката би биле корисни за наставниците. Добро би било на почетокот на учебната година наставниците да ги идентификуваат учениците кои имаат негативен став кон математиката и да преземат потребни мерки за истиот да се промени. За да се направат активни учениците, да се зголеми мотивација и позитивните ставови, математиката треба да биде поврзана со секојдневниот живот. Кога учениците ќе решат проблем од секојдневниот живот, за нив наученото ќе биде потрајно и позначајно. Значи, неопходно е постојано вложување на труд со цел да се зголеми знаењето математика кај учениците. Но, неопходно е да се развијат и нови методи за наставниците и активности во кои учениците ќе земат активно учество во реализацијата на наставата.

Gillet и Filak истражуваа и покажаа дека поддршката за наставниците при самостојно учење влијае на мотивацијата на учениците, меѓу другите аспекти, во [3, 2]. За да се надминат негативните ставови кај учениците, неопходно е да се развијат нови методи од страна на наставниците, да се практикуваат активности во кои учениците ќе бидат активни во реализацијата на наставниот процес. Класичниот пристап во наставата, создава пасивен студент, така што учениците мора да бидат охрабрени да земат учество во анализата на математичката наставна програма.

Ефективното учење математика бара најпрво, разбирање што учениците знаат и што е потребно да научат, а потоа и поттикнување и подржување за да го научат тоа добро. Процесот на настава по математика треба да се реализира така што ќе се обрне внимание на следните аспекти:

- Учениците учат да уживаат во математиката;
- Учениците да ја увидат важноста на математиката - изедначувањето на математиката со формулите и шемите е најлошото нешто што може да му се даде на ученикот. Таквиот пристап од страна на наставникот може да го оштети размислувањето и разбирањето на учениците. Учењето каде и како може да се користи некоја математичка техника е поважно од проучувањето на таа техника.
- Учениците да научат да поставуваат и да решаваат проблеми – на овој начин тие учат да зборуваат, да комуницираат и да работат заедно во процесот на решавање на математичките проблеми;
- Учење дека математиката е неопходен дел од нивниот живот;
- Логичното размислување е најдобриот подарок, кој може да се добие со математиката и да се користи во секојдневната комуникација.

Учениците учат математика преку искуствата што ги обезбедуваат наставниците. Наставниците мора да знаат и да ја разберат длабоко математиката што ја предаваат. Не постои „вистински начин“ за поучување. Ефективната настава бара континуирани напори за учење и подобрување. Ефективното пренесување знаења бара наставникот да одлучи

што треба да потенцира, како да ја организира и диригира работата со учениците. Ефективното предавање бара вложување на постојан напор за подобрување на наставата. Наставниците мора постојано да го зголемуваат знаењето од математиката и од педагогијата.

**Методот „Математичка Дебата“**

Во последниот период се реализирани многу проекти во кои главната област на истражувањето е математичкото образование. Овие проекти беа реализирани со цел да се подобри процесот на настава по математика. Во некои од нив, се работи за промена на ставовите на учениците кон математиката како училишен предмет. Исто така во многу проекти се разработени многу процедури за решавање на некои математички проблеми. Методите, кои можат да се користат во процесот на настава по математика, исто така се разработени во некои проекти. Постојат многу реализирани проекти со цел да се зголеми математичкото знаење преку решавање на математички проблеми. Меѓутоа, во ниту еден од нив не е разгледана можноста за активно вклучување на учениците во процесот на настава по математика на начин на кој студентот ќе го избере методот на кој наставникот може да презентира одредена математичка содржина. Активното учество на учениците во процесот на наставата по математика, во смисла на избор на метод за работа на некоја содржина по математика, би придонело за поинаков став на учениците кон математиката како училишен предмет. *Учениците најчесто никој не ги прашува за проблемите на кои наидуваат при совладувањето на математиката*. Со воведување на еден иновативен метод, од една страна, ќе се наметнат позитивни ставови и интерес во математиката за учење, а од друга страна ќе се зголеми нивното познавање на математиката, како и нивната способност да го користат стекнатото математичко знаење.

Со цел да се направи наставата по математика интересна за сите ученици се реализира проект во кој учествуваат учениците, наставници од училишта и академски кадар и чија основна цел е да се развие нов метод за реализација на наставата математика, кој ќе ја зголеми мотивацијата на учениците за математика, но исто така ќе ги промени своите ставови за важноста на математиката во училиштето и нивните животи.

Со овој метод сакаме да развиеме нова наставна методологија и да ја користиме кај учениците на возраст од 11 до 15 години со што би придонеле учениците да ја засакаат математиката и да научат повеќе. Користењето на дебата за математичките проблеми и примена на ИКТ методологијата за учење ќе доведе до зголемување на вештините на учениците за математика како зголемување на нивните способности за решавање на практични проблеми. Учениците ќе бидат активен дел од образовниот процес користејќи ја оваа нова методологија. Учениците стекнато знаења и вештини во математиката може да го применат во други наставни предмети. Применувајќи го методот Математичка дебата исто така се развиваат и писменост и комуникациски вештини. Проектот од ваков вид е одлична можност за дискутирање и аргументирање меѓу учениците, критикувајќи различни мислења за некоја тема, сето тоа со една цел: постигнување на многу добри математички вештини на учениците. На крајот, очекуваме да се постигне поголема мотивација за учење математика и ова ќе доведе до извонредност во математичкото образование.

Овој проект би бил многу корисен за училиштата бидејќи тоа ќе им помогне на наставниците во обидите да направат мотивирани и одговорни ученици. Со тоа што математичкото учење би станало попривлечно и достапно, учениците би биле добро

подготвени за испитите што ќе следуваат, што се од суштинско значење за нивниот иден развој. Покрај тоа, овој метод ќе им помогне на младите ученици да развијат самодоверба и успешно да се справат со значителни животни промени и предизвици. Уште повеќе, тоа ќе им овозможи да дадат позитивен придонес за општеството, преку развивање на експертиза и искуство потребно за да ги искористат своите права и да ги разберат нивните одговорности и да ги подготват за предизвиците и можностите за работниот живот.

Подобрувањето на мотивацијата на учениците за учење на математиката е од клучно значење за многу различни причини. На ниво на ЕУ, Стратегијата за образование и обука 2020 ја нагласува важноста да се обезбеди ефикасно и правично образование со висок квалитет, со цел да се подобрат можностите за вработување и да и се овозможи на Европа да задржи силна глобална позиција. Со цел да се постигне оваа цел, мора да се посвети континуирано внимание на подигање на нивото на основни вештини, како што се писменост и математика (Совет на Европската Унија, 2009).

Во последните десет години сите училишта во многу земји (Македонија исто така) се соочуваат со големи тешкотии да ги натераат учениците да ја сакаат и да учат математика. Иако е суштински предмет за идниот развој и кариерата на учениците, обично се смета дека математиката е многу тешка, не е интересна и не е поврзана со друга предметна област. Секоја година се намалува знаењето на учениците. Ова може да се види со студии на PISA и TIMSS спроведени во многу училишта. Кога учениците се во можност да го изберат своето средно училиште (по деветто одделение), поради стравот од проучување на математиката, обично ја избираат својата струка без каква било математика во неа, како што се ниско училиште, јазични училишта, медицински школи, уметност итн. Техничките и научните универзитети не се популарни и немаат студенти. На пример, не постои ниту еден невработен наставник по математика во држава со многу голем процент на невработеност.

Министерството за образование и наука на Р. Македонија го постави ова прашање како национален приоритет и направи реформи за зголемување на нивото на математичкото знаење. Намалувањето на бројот на ученици со ниски постигнувања во математиката е приоритет во секоја европска земја. Во напорите што Министерството за образование ги направи за решавање на овој проблем, во 2016 година математиката беше воведена како задолжителен предмет за дипломирани студенти на државните матура. Сепак, учениците не го полагаа овој предмет како резултат на силна негативна дебата. Ова нè поттикна да го направиме овој пристап на употреба за нова методологија и да создадеме иновативни приоди во настава и за учење математика со користење на современи технологии.

Наставниците заедно со професорите и здруженијата на истражувачи кои работат на оваа тема ги споделија своите искуства и мисли и се обидуваат да развијат нова методологија за учење математички вештини преку демократски процес на избор на наставна методологија од страна на учениците. Користејќи го овој метод, тие ќе научат повеќе, ќе бидат повеќе мотивирани, ќе користат нови технологии за учење, а голем процент од студентите ќе сакаат да продолжат со своето образование во областа на науката и технологијата.

Ова е проект што е фокусиран на учениците, базиран е на активно учење и има за цел поттикнување на вештини за критичко размислување. Целна група во овој проект се ученици на возраст од 11-15 години, односно во последните три години од основните училишта. Ние веруваме дека имплементацијата на овој проект ќе го зголеми недостигот

во основните вештини за математика, како и писменоста и преку овој нов ефективен и иновативен наставен метод ќе се постигне извонредност во образованието по математика. Овој проект ќе може да се направи споредба на теми, прашања и видови на проблеми што ги имаат учениците од различни земји, да го споделат искуството и знаењето наставниците и учениците по математика од избраните земји.

Методот Математичка дебата е иновативен на следните начини:

- Методот користи современ и атрактивен пристап на учење математика, каде учениците сами ќе избираат „како" сакаат да ја обработат наставната содржина и ќе учествуваат во нејзината реализација,
- Методот ги користи модерните технологии кои се популарни кај учениците во секојдневниот живот. Поради тоа направена е *е-платформа MATHDebate*,
- Ставањето на учениците во центар за време на процесот на учење досега не е спроведено на територијата на Македонија, ниту во земјите партнери во проектот.

**Заклучок**

Како резултат на иновативноста на овој метод како и активното вклучување на учениците во процесот на поучување математика, имајќи можност тие да го одберат начинот на кој ќе им биде презентирана одредена наставна содржина, учениците ќе развијат позитивни ставови кон математиката. Користејќи примери од секојдневниот живот, решавајќи практични задачи поврзани со наставниот материјал кој се изучува, се очекува мотивацијата за учење математика да биде зголемена и да се добијат подобри оценки и резултати по математика, но и во останатите природни и технички науки, односно да се подобри функционалната математичка писменост. Исто така, се очекува да се подобрат компетенциите на наставниците бидејќи ќе имаат можност да ја гледаат и практицираат наставата по барање на ученикот. Ќе се зајакнат дигиталните и јазичните компетенции на наставниците и учениците. Како резултат од проектните активности, веќе е публикувана Анализата и изборот на добри практики, а ќе се изготви и прирачник за наставници и корисници на електронската платформа за MATHDebate.

**Литература**


[1] Akinsola M. K., F.B. Olowojaiye, Teacher instructional methods and student attitudes towards mathematics*International Electronic Journal of Mathematics Education, 3 (1) (2008), pp. 60-73.*

[2] Filak V. F and K. M. Sheldon, “Teacher support, student motivation, student need satisfaction, and college teacher course evaluations: testing a sequential path model,” Educational Psychology, vol. 28, no. 6, pp. 711–724, 2008.

[3] Gillet N., R. J. Vallerand, and M. A. K. Lafrenière, “Intrinsic and extrinsic school motivation as a function of age: the mediating role of autonomy support,” Social Psychology of Education, vol. 15, no. 1, pp. 77–95, 2012.

[4] Ignacio N. G., L.J.B. Nieto, E.G. Barona,The affective domain in mathematics learning, *international electronic Journal of Mathematics Education, 1 (1) (2006), pp. 16-32.*

[5] Moenikia, M. & Zahed-Babelan, A. A study of simple and multiple relations between mathematics attitude, academic motivation and intelligence quotient with mathematics achievement. Procedia Social and Behavioural Sciences, 2, 1537-1542, (2010).

[6] Neale, D., The role of attitudes in learning mathematics. The Arithmetic Teacher, Dec, 631-641, (1969).

[7] Singh K., M. Granville, S. Dika, Mathematics and science achievment: effects of motivation, interest and academic engagement, The Journal of Educational Research, Vol. 95, No. 6 (Jul. - Aug., 2002), pp. 323-332.

УДК 37.011.3-051:316.723-021.463(497.7)
стручен труд

# УЛОГАТА НА НАСТАВНИКОТ ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ И МЕЃУЕТНИЧКАТА КОМПОНЕНТА ВО ЛЕКТИРНИТЕ ИЗДАНИЈА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Марија Иванова[1]**
**[1]ООУ „Димитар Влахов“ Штип**

**Апстракт**
Република Македонија како земја со хетерогена структура (од етнички, верски, но и социјален аспект) претставува средина во која најголемите извори на конфликти се лоцираат токму уште во раниот процесот на образованието. Поради тоа, најоодветното место за нивно решавање, поточно, воспитувањето за решавање на конфликтите, е најсоодветно во рамките на самото училиште. Во таа смисла, улогата на наставникот, кој преку реализацијата на наставните програми, директно влијае да се одвива процесот на пренесување на вредности, е од голема важност. Наставните програми, во кои се сместени основите на вредносната матрица, не се сосема доволни, со оглед на барањата што ги наложува практиката. Низ збогатувањето на содржините, а особено низ страниците на лектирата, промоцијата на хуманите вредности и мултикултурната толеранција, ќе биде во насока на зголемување на ефектите на процесот на социјализација и поголема толерантност. Лектирните изданија не се само оддавање почит на творештвото на овој или на оној писател, туку тие се сензитивна материја преку која се промовира одредена идеологија, преку која децата се насочуваат како да се спознае историјата, светот, животот, а пред сѐ и над сѐ, како да се спознае сегашноста. Но, лектирата промовира и мултиетничност, соживот, интеграција, со што ќе се придонесе за неутрализација или барем намалување на интензитетот на факторите што влијаат врз паната појава на конфликтите и ќе се афирмираат поголем дел од вредностите што ја сочинуваат посакуваната политичко-културна матрица. Според тоа, наставникот како реализатор на воспитно-образовниот процес, е најзначајниот фактор во поттикнувањето и развивањето на хуманите вредности кај учениците.**.**
**Клучни зборови:** конфликт, толеранција, интеграција, вредности, социјализација.

# THE ROLE OF THE TEACHER IN THE IMPLEMENTATION OF MULTICULTURALISM AND THE INTERETHNIC COMPONENT IN THE COMPULSORY READING LIST EDITIONS FOR PRIMARY EDUCATION

**Marija Ivanova[1]**
**[1] Primary School "Dimitar Vlahov" Stip**

**Abstract:**
The Republic of Macedonia as a country with a heterogeneous structure (from ethnic, religious, and social aspect) is an environment in which the biggest sources of conflict are located in the early process of education. Therefore, the most appropriate place for their resolution, or more precisely, for education about conflict resolution is within schools. In this sense, the role of the teacher, who through the implementation of the curriculum directly influences the process of transferring values, is of great importance. The curricula, although containing the foundations of the value matrix, are not enough given the requirements imposed by practice. This promotion of human values and multicultural tolerance through the enrichment of the content in the curriculum, and especially through the pages of the

compulsory reading list, will be aimed at increasing the effects of the socialization process and multiethnic and multicultural tolerance. Reading list editions are not just paying tribute to the work of this or that writer, but they are a sensitive matter through which a certain ideology is promoted, through which children are directed to finding out how to know history, world, life, and, above all, how discern the present. But the compulsory reading list promotes multiethnicity, multiculturalism, and integration, which will contribute to neutralization or at least a decrease in the intensity of the factors influencing the ocurrence of conflicts and affirm most of the values that constitute the desired political and cultural matrix. Accordingly, the teacher, as the implementer of the educational process, is the most important factor in stimulating and developing human values among pupils.
**Key words:** conflict, tolerance, integration, values, socialization.

## Вовед

Ако се обрне внимание на современата употреба на терминот мултикултурализам во јавната средина или во секојдневната комуникација, ќе се забележи дека терминот, забележително, се користи на повеќе начини кои незначително, но сепак доста се разликуваат. Прелиќ вели дека „од една страна, мултикултурализмот се користи како синоним за етнички плурализам (мултиетницитет) во рамките на една држава, за толерирање на културните различности, односно за мирна коегзистенција на различните етнички групи во едно општество (односно држава), но (често со негативна конотација) и во смисла на коегзистенција на културите кои се затворени во себе, јасно разграничени, без меѓусебна културна размена. Покрај тоа, мултикултурализмот, од друга страна, се користи и со значење на, всушност, спротивно јасно разграничени, меѓусебно одвоени култури-како синоним за процеси на хибридизација на културите и идентитетите во современиот глобален свет“. (Прелић, 2012, стр. 140). Меѓутоа, од стручен и научен дискурс, Стојковиќ истакнува дека „под мултикултурализам, најнапред, се подразбира еден вид на јавна политика, која се однесува на културната различност во мултиетничкото општество, односно се однесува на начините како таа во општеството и во државата да биде третирана. Мултикултурализмот може да се дефинира и како специфична јавна политика, која се однесува на справувањата со културните различности во мултиетничките општества, која официјално го нагласува меѓусебното почитување и толерирање на разликите во рамките на државата. Со други зборови, мултикултуралноста како политика, означува експлицитна државна политика која има две цели: да обезбеди соживот и да го дефинира односот на државата и етничките малцинства. (Stojković, 1999, стр. 147). Вил Кимлика, пак, смета дека „политиките кои ги штитат културно различните колективитети во рамките на една држава, освен под терминот мултикултурализам, уште се нарекуваат и политики на идентитети, политики на различности/ со права на разлики, политики на признавања. Мултикултурализмот, во оваа смисла, е поим кој припаѓа на политичката сфера, но сепак, покрај концептот на права, правда, признавања итн., суштински е поврзан и со проблемите на културите, идентитетот, културните права, културните интеграции, асимилации и сл. Во најширока смисла, под мултикултурализам се подразбира определување на местото на другиот, дефинирање и разбирања на поинаквоста, а посебно на културните различности, што претставува и еден од темелните проблеми на (социјалната и културната) антропологија“. (Kymlicka, 2003, стр. 17).

**Имплементација**

Наставникот, преку посериозна апликација на хуманите вредности во наставните програми во основното образование, а посебно на часовите по лектира, низ соодветни вежби што ќе се работат со учениците, преку низа наставни техники за разработка на содржините со мултикултурална компонента, особено ќе се придонесе за намалување на факторите што влијаат врз појавата на конфликтите и ќе се афирмираат поголем дел од вредностите што ја сочинуваат посакуваната мултиетничка интеграција во образованието. Екипата на стручњаци од различни профили, пред воопшто да почне да го прави списокот со лектири, особено за основното образование, треба да ги дефинира принципите според кои тој список ќе се прави. Во актуелната листа со лектири, не може јасно да се детерминира некој посебен принцип. Ниту пак, може тие принципи да се најдат публикувани во класичните или во новите медиуми. Павловски (2017) истакнува дека „при анализата на лектирите во основното и во средното образование кај нас, неодамна, Друштвото на писателите на Македонија побара да се ревидира листата со лектири за основно и средно образование. Писателската асоцијација се изјасни дека содржината на лектирата во голем дел е застоена и не соодветствува со вистинските потреби на образовниот процес и на интересите, нивото и сензибилитетот на новите генерации ученици. Имено, треба да се има на ум дека креирањето на лектирите во основното и во средното образование е тесно поврзано со наставниот план и програма. Значи, тоа не е работа само на литературниот критичар или на литературниот историчар, туку комплексна мултидисциплинарна дејност во која се вклучени различни профили на стручњаци. Уште повеќе, не станува збор за создавање едноставна антологија на светската или на македонската книжевност, туку за четиво кое ќе влијае врз воспитувањето на генерации деца и младинци, односно на носителите на иднината на државата“. (http://www.fakulteti.mk/news/17-07-17/profesor_mishel_pavlovski_vo_aktuelnata_lista_so_lektiri_ne_najdov_poseben_princip_spored_koj_e_napravena.aspx).

Павловски (2017) во својата статија го цитира Мартиновски, истакнувајќи дека „мора да постојат критериуми при изборот на лектирите:

**А) Естетски критериуми**

1) При изборот и измените на лектирите, стожерен критериум треба да биде естетската, т.е. книжевната вредност на делата. Во таа насока, литературните творби треба да бидат со засведочени естетски вредности, верифицирани од страна на книжевната критика и книжевната историја. Делата треба да ги краси стилски и јазичен израз разбирлив и приемчив за учениците од соодветното одделение;

2) Преку естетските дострели, предложените книжевни дела треба да ја стимулираат читателската љубопитност кај учениците и да ја развиваат читателската култура;

3) Неопходно е да се почитува принципот на репрезентативност на книжевните творби во сферата на книжевноста за деца и млади. Особено е битно да се имаат предвид наградени дела на реномирани специјализирани конкурси од оваа област (наградите „Ханс Кристијан Андерсен“, „Астрид Лингдгрен“...);

4) Притоа, од особено значење е да се инсистира и на квалитетот на преводите на предложените дела од странските автори;

5) Во изборот на лектирата, покрај светските класици, треба да се настојува да се застапат и дела од авторите на соседните литератури;

6) Особено е значајно да се направи добар избор и од македонската книжевност за деца и млади. Од голема полза во збогатувањето на листите со дела од најновата македонска продукција во доменот на литература за деца и млади може да биде и застапување на првонаградени дела на конкурсот „Ванчо Николески“ за детска книжевност на ДПМ.

**Б) Книжевно-историски и жанровски критериуми**

1) Неопходно е да се направи избор на репрезентативни дела од македонската и од светската книжевност за деца и млади и од книжевно-историска перспектива;

2) Особено е важно во лектирата да бидат застапени дела од сите позначајни епохи и дела од современата книжевна (македонска и светска) продукција;

3) Во корелација со актуелните наставни планови по предметот македонски јазик, треба да се направи избор на дела што ќе ги стимулираат учениците да ја запознаат жанровската разнообразност во книжевното творештво.

**В) Педагошки критериуми**

1) При изборот на лектирата, исто така, задолжително треба да се води сметка книжевните дела да соодветствуваат и со наставните програми по предметот македонски јазик и со возраста на учениците и нивните развојни карактеристики;

2) Притоа, треба да се имаат предвид капацитетите, предзнаењата, компетенциите и интересите на учениците, а и воспитните придобивки од читањето на соодветното книжевно дело. Сознанијата од досегашните анализи и анкети се дека во досегашниот избор има и дела што се несоодветни за возраста на учениците.

**Г) Технички стандарди за лектирните изданија**

Покрај наведените општи критериуми, предлагаме да се установат и стандарди и прецизни упатства за квалитетот на изданијата на лектирите, кои ќе им бидат дистрибуирани на издавачите. Имено, неопходно е да се постави како стандард големината на фонтот, бидејќи книгите треба да бидат лесно читливи за учениците. Треба да се изработат и стандарди за техничката подготовка на книгите, квалитетот на хартијата, но и стандарди за ликовно уредување на изданијата, бидејќи визуелниот аспект е мошне значаен при рецепцијата на книжевните дела“.

Покрај овие битни критериуми во изборот на лектирните изданија за основното и средното образование, несомнено дека од есенцијална важност е незанемарувањето на можеби и еден од најбитните критериуми денес. *Критериумот на мултикултурализмот, односно меѓуетничката интеграција во образованието – МИО* и промоцијата на хуманите вредности, особено во лектирните изданија за основно образование, е повеќе од неопходност во денешново современо и мултиетничко општество. Во изборот на содржините, особено треба да се внимава за застапеноста на следниве вредности: почитување на различноста, толеранција, соработка, солидарност, полова еднаквост, коегзистенција, предрасуди, стереотипи, расна дискриминација, социјални разлики, хуманост, самосвест, непристрасност, судир на вредности, моралност, етичност, основни човекови права, идентитет и усвојување вредности, почитување на мислењето на другите, ненасилство, свест за колективни потреби, верска толеранција и недискриминација, демократичност, патриотизам, приватност. Во реализацијата на замислата, мора да се тргне од идејата дека готовите решенија што учениците треба да ги „научат“ не се доволно ефикасни. Напротив, неопходно е учениците да станат свесни дека треба да се навлезе во суштината на конфликтите и нивното решавање не треба да се избегнува, туку конфликтите и недоразбирањата треба да се разберат, анализираат, како нивната природа, така и нивната генеза. Особено важни се размислувањата за конфликтите, па расправите

што ќе следуваат и, конечно, резултатот чија најпозитивна димензија претставува прифаќањето на хуманите вредности од страна на учениците. Првиот чекор во решавањето на конфликтите е тие да се препознаат. Натаму е битно на учениците да не им се даваат готови „вистински“ решенија, туку тие да се запознаат со што поголем број можни солуции и што поголем број можни последици од нив (и позитивни и негативни). Токму тука, како креатор и реализатор на часот, улогата на наставникот е највоочлива и најважна во имплементацијата на хуманите вредности кај учениците.

**Заклучок**

Наставникот и училиштето, секако, покрај тоа што се грижат за воспитно-образовниот процес, за здравјето и безбедноста на учениците, исто така, се најважните фактори во негувањето и запазувањето на родовата сензитивност, поддржувањето на инклузивноста и зајакнувањето на партиципацијата на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Она што учениците ги прави горди на своето училиште, секако, се другарувањето, заемното почитување и довербата меѓу самите ученици од различен пол, етничко потекло и различни способности, како и неподеленоста на учениците врз база на социјалниот статус. Наставникот е тој кој, преку содржините од наставните програми, може максимално да ги промовира еднаквоста и правичноста како вредности кон кои треба да се стремат учениците. Реализацијата на овие содржини, овозможува наставникот да обрне поголемо внимание на воспитниот дел од наставата, низ повеќето наставни предмети (Час на одделенската заедница – Животни вештини, и др. предмети) каде ја третира проблематика на еднаквост и правичност ,како и изучување и примена на темите од МИО. За таа цел, не само што се потребни бројни активности, како организирање на работилници на редовните часови, изработување плакати и проекти за запознавање на правата и обичаите на секој член од различна етничка култура коишто ќе бидат истакнати на видно место во училиштето или училниците, туку најважно е наставникот, кој секогаш треба ги почитува принципите на еднаквост и правичност во однос на сите ученици, да ги развива хуманите вредности, а особено на часовите за лектира, низ соодветно понудените лектирни содржини, каде низ разни наставни техники, креации, на самиот час, директно и најефектно ќе се влијае на свеста и осознавањето на мултикултурноста и меѓуетничката толеранција кај учениците. Значи, не само Директорот како менаџер на училиштето, Стручната служба, и останатите вработени во училиштето, кои преку реализација на своите програмски активности, придонесуваат за тоа учениците да учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминацијата, стереотипите, но и мултикултурализмот, сепак, најзначајната алка во овој синџир на образованието, секако е самиот наставник. Тој, потпомогнат од целиот овој воспитно-образовен тим во училиштето, треба постојано да работи на создавање позитивна клима низ различни работилници, слогани истакнати во училиштето, реализација на теми на одделенски часови, презентации на стручни активи на таа тематика, да безбедува еднаквост и правичност за сите ученици, без разлика на нивниот пол, етничко потекло, социјален статус, учениците со посебни образовни потреби. Според Кодексот на однесување, кој треба да е изработен во секое училиште, можат да бидат вклучени сите ученици во изборот за изучување на мајчиниот немакедонски јазик во својата средина, во рамките на изборните предмети, слободните ученички активности, додатна и дополнителна настава, на сите да им се овозможи учествувања на различни конкурси, натпревари, приредби, еднакво да се третираат сите ученици во оценувањето,

сите да добиваат еднакви шанси во изборот на најдобар ученик, како и користење на информатичката технологија и училишната библиотека. И училишната библиотека, со својот богат книжевен фонд, нуди избор на лектирни изданија, а особено според концептот на мултикултуралност, што е од особено важност за зајакнувањето на сожителството, мултиетничката толеранција, почитта на другите култури, јазици, национални обележја. На тој начин, учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во Република Македонија, без разлика на која етничка група припаѓаат. Така се обезбедува здрава клима меѓу учениците и меѓу наставниците, без разлика на полот, етничката припадност или различност во способностите низ секојдневната редовна настава, низ еднаквиот третман во следењето и ефикасноста на организацијата на наставата, работата на воннаставните активности и социо-културните услови во кои работат учениците. И Советот на родители има можност активно да се вклучува и да ја следи севкупната работата на училиштето, па и на самиот наставник, за тоа дали е прифатен и дали се промовира мултикултурализмот преку проектот МИО – Меѓуетничка интеграција во образованието. Промовирањето на етничката, културната и верската различност, мултикултурноста, уште во раната возраст, а особено низ лектирните изданија во основното училиште, позитивно ќе влијае врз насочување на учениците кон меѓусебен толерантен однос и избегнување на меѓуетнички конфликти и недоразбирања уште во најраната возраст. И пак, централното место во овој чин на имплементација на МИО, го зазема наставникот како најважната нишка во воспитно-образовниот процес.

**Литература**


- Јанева, Н., Стојаноска, А. Б. и др. (2014). *ПОЧИТ кон различности и мултикултурализам во раниот детски развој: студија за разбирањето, практиката и ставовите на родителите и воспитувачите во однос на различностите и потребата од мултикултурно предучилишно образование (почетна состојба*). Скопје: Канцеларија на УНИЦЕФ.
- Прелић, М. (2012). Мултикултурализам: расправа која траје. *Зборник за друштвене науке Матице српске,* 139 (2): 139-149.
- Шнапер, Д. (1996). *Заједница грађана. О модерној идеји нације*. Сремски Карловци: Издавачка књижарница Зорана Стојановића.
- Živković, M. (2010). *Multikulturalizam / Postkolonijalizam: eseji*. Niš: Grafika Galeb.
- Stojković. B. (1999). *Multikulturalizam, Balkan i planetarna kultura. Pogovor, u: A. Semprini, Multikulturalizam*. Beograd: Clio.
- Kimlika, V. (2002). *Multikulturno građanstvo, liberalna teorija manjinskih prava*. Novi Sad: Centar za multikulturalizam.
- Podunavac, M. (1998*). Princip građanstva i poredak politike.* Beograd: Princip – Fakultet političkih nauka
- Bennett, C. (1990). Comprehensive multicultural education: Theory and practice. Boston: Allyn and Bacon.
- Brown, B. (1999) Unlearning discrimination in the early years. Staffordshire: Trentham Books.
- http://www.fakulteti.mk/news/170717/profesor_mishel_pavlovski_vo_aktuelnata_lista_so_lektiri_ne_najdov_poseben_princip_spored_koj_e_napravena.aspx
- 11. www.doiserbia.nb.rs/ft.aspx?id=0352-57321239139P

УДК 37.011.3-051-027.18
стручен труд

# СОВРЕМЕНО ВРЕМЕ – СОВРЕМЕНИ УЧИТЕЛИ

**Елизабета Симоновска[1]**
**[1] ОЈУДГ „ АСТИБО " Штип**

*„Ако немаме кројачи, Атињаните ќе одат голи, ако немаме чевлари, Атињаните ќе одат боси, ако немаме учители Атињаните ќе ги нема" – грчки философ*

Затоа да се биде учител од дамнина до денес е една од најважните професии кои само избрани луѓе можат успешно да ја работат.

Современо време – современи учители - што значи тоа во восптно - образовната работа?

Во време кога имаме брз развој на информациска технологија една од најодговорните професии е воспитанието и образованието на децата – професијата воспитувач - учител, особено на децата од предучилишна возраст.

Секојдневно се среќаваме со констатацијата дека денешните деца не се како децта од порано, „поранешните генерации" што секако е неточна, од развоен поглед на детето, односно и поранешните и сегашните деца поминуваат низ истите развојни фази, туку можеме да се согласиме дека во многу нешто се променети околностите и опкружувањето во кои децата растат и се развиваат.

Учителот како уметник - вајар на детската личност, има многу поголема одговорност и улога во животот на децата отколку што самиот е свесен за истата. За успешна реализација на задачите од секојдневната работа учителот треба да зрачи со позитивна енергија , вечен оптимизам, да биде мотивиран да им посвети внимание и да им пружи љубов на децата за кои се грижи.Секој нов ден е нов предизвик , нов почеток, нова можност да се најде нов начин или метод за да се воведат децата во животни ситуации исполнети со радост, среќа и задоволство. Врв на личните квалитети и способности е вештината да ги канализира негативните појави и однесувања во насока на надминување, прифаќање и решавање на истите. За да ги постигне овие цели современиот учител мора да биде спремен да учи, да стекнува и да умее да ги применува новите форми и методи во насока на подобрување на воспитно – образовниот процес, така што ќе биде свесен за својата одговорност за воспитувањето на децата , за неговата посветеност кон нив. Накратко може да се каже дека правилно организирано образование на идните воспитувачи, нивната отвореност за надградување на сопствените знаења во периодот кога ќе работат со деца, е само дел кој ќе им помогне на учителите во современите услови да им помогне да ги подготват децата за живот, така што од најрана возраст со рана стимулација и поттикнување на воспитно – образовни активности, ќе им овозможат на децата низ игра и интеракција со опкружувањето и околината во која што растат, да се

радуваат, играат и да стекнуваат искуства кои подоцна ќе им овозможат квалитетно растење и живеење.

Современиот учител треба да поседува вештини да креира стимулативна средина за престој на децата, да им овозможи еднакви услови и материјали за работа со што ќе обезбеди можност за откривање и стекнување на знаења и искуства согласно возраста, но ќе го запознае и индивидуалниот потенцијал на секое дете и согласно на тоа ќе му помага за постигнување на развојните стандарди, или пак доколку е надарено, ќе ги поддржува и поттикнува способностите на детето во соработка со родителите и стручните лица од установата во која работи.

Способноста за комуникација со сите релевантни чинители – воспитувач – дете – родител е важна алка од синџирот на успех, затоа што стекнувањето на доверба за компетенциите кои ги поседува учителот е многу важна за успешна соработка и развој на децата за кои се грижи.

Формалното образование кое го стекнува учителот на факултетот за образовни науки е само прв чекор од патот кој треба да го оди кон успехот – воспитување на генерации деца кои понатаму треба успешно да чекорат по патот наречен живот. Професионалниот развој е процес кој трае во текот на целиот работен век, ако не и цел живот, затоа што она што сега го нарекуваме современо време во следните десет години ќе биде минато време и ќе треба да се соочиме со нови технологии, форми и методи на работа кои за нас ќе бидат нови и непознати а за некои нови генерации ќе бидат време и технологии во кои живеат. Затоа доживотното учење не е само предизвик, туку е неопходност за градење и одржување на успешна кариера на современ учител.

Ниеден факултет, ниедно школо не може да ги подготви студентите до најситни детали за тоа што ги очекува во професијата која ја одбрале а тоа е учител. Начинот на функционирање на една установа се состои од систем на вредности, етички кодекс, знаења, вештини и одговорност, значи на сé што се однесува на работата на учителот. Ако сепак во текот на образованието учителот се подготви за неговата улога денес, утрешниот ден ќе донесе нешто ново за што учителот ќе треба да биде подготвен за разбирање и потреба од стекнување на нови знаења и вештини. Професионалниот развој на учителот подразбира постојано градење на квалитетн однос кон самиот себе и кон средината, да не е ограничен само на одредена состојба или еден дел од практичната работа. Однесувањето се смета како динамична и прогресивна димензија на секој поединец, упатува на постојано преиспитување на наученото и функционална применливост на теоријата во пракса.

За крај ќе набројам само неколку причини заради кои е најважно зошто да се биде учител :

1. Заради можноста да помогнете да се промени животот на децата – секако на подобро
2. Заради непресушниот извор на креативните можности кои ги нуди;
3. Заради можноста која ја имате постојано да се подобрувате во својата професија
4. Иако не е почитувана и платена согласно вложениот труд и посветеност, детската насмевка, убавиот збор, топлиот поглед, се непроценливи нешта кои во ниедна друга професија не може да се доживеат;
5. Секогаш наоѓаме задоволство во активностите кои ги подготвуваме и реализираме;
6. Оваа професија ни нуди можност да го доживееме 21 век во вистинско светло, но понекогаш имаме можност да бидеме и пред времето;

7. ДЕЦАТА – најголем мотив и двигател да се опстои и успее во професијата учител.

**На крај,**
Ние, учителите сме тие кои го менуваат светот и затоа треба да сме горди со својата професија!

**Литература**


- Montessory, M. (1949). The absorbent mind, The Theosophical Publishing House, Adyar – Madras - India
- Hickein, P. How to Bring OutYour Child's Genius in just Ten Minutes a Day by Pamela Hickein достапно на http://www.rightbrainkids.com/genius-child-program-ebook/ access/ your _childs _ genius_10aday.pdf прочитано на 26.04.2017

УДК 37.011.3-051
стручен труд

## ДА СЕ БИДЕ УЧИТЕЛ ... „СЕДУМТЕ ПРИНЦИПИ ДА СЕ БИДЕ НАСТАВНИК “

**Роза Николова[1]**
**[1] ООУ „Св.Кирил и Методиј“, Македонска Каменица**

**Апстракт**
Создавањето на најмладата и младата личност во современите и динамични услови бара и современ, квалитетен, модерен наставник. Наставникот во воспитно-образовниот процес претставува активен субјект и креатор на сите едукативни текови и современи тенденции за успешно аплицирање во воспитно-образовната и наставната практика. Кога се говори за наставник, пред сè се мисли на неговиот едукациски позив, како воспитувач, водител, организатор, креатор, реализатор, планер, програмер, евалуатор на воспитно-образовниот и наставниот процес. За да може да ги остварува сите погоре наброени функции и успешно да ја извршува својата улога и функција, наставникот треба да биде стручно оспособен, да поседува солидна педагошко-дидактичко и методичко-психолошка наобразба и култура. Така „наоружаниот“ наставник станува креативен наставник, а со својот личен пример на своите ученици и воспитаници им служи за пример. Со оглед на тоа што образованието има длабочина и квалитет на знаења, вештини, навики, многу важен е приодот на наставникот, неговите сознанија, вниманието кое тој го посветува, неговиот ангажман, творештвото, колку тој е автономна сила и моќ за пренесување на знаењата и мотивирање на учениците за нивно совладување. Се поставува прашањето, дали наставникот може да биде адаптибилен кон секоја промена, дали таа промена води напред или чекор назад, колку е делотворен кон постојаните потреби и промени. Во сите тие услови на промени, наставникот како креатор и реализатор на педагошката работа во училиштето може суштински да ги пренесе знаењата доколку е: доследен, издржлив, цврст и непоколеблив во својата работа.
**Клучни зборови:** образование, воспитание, ученици, модерен, промени.

## TO BE A TEACHER …“SEVEN PRINCIPLES OF BEING A TEACHER“

**Roza Nikolova[1]**
**[1] OOU „Sv.Kiril i Metodij“ Makedonska Kamenica**

**Abstract**
Because of the great importance of a quality educational process, the question of pedagogical competence of teachers is a permanent preoccupation of scientists and experts. The teacher who is competent to perform his/her own profession, is expected to possess special knowledge and skills, and special features so as to be a positive role model for the identification of his students and the authority which is followed voluntarily. The expectation is that a pedagogically competent teacher has the necessary personal and professional capacities and successfully meets the demands of the teacher role. Starting from the fact of being a competent person who possesses adequate skills or qualities, the teacher is expected to possess and regularly promote the abilities and qualities of understanding, acceptance and listening (children, parents, colleagues), action, undertaking initiatives, consideration, negotiation, encouraging etc. and to ensure conditions for recognizing and successfully meeting the physical, emotional, spiritual and other needs of every member of the school community. A teacher can and should be expected to create such an environment in which students will be supportive and inspiring, knowing that the school environment is their second home.
**Key words:** Profession, competence, teaching, education, school.

**Вовед**

Наставникот во едукациските процеси претставува активен субјект и креатор на сите прогресивни едукативни текови и современите тенденции за нивно успешно аплицирање во секојдневната восптно-образовна и наставна практика. Наставникот треба да предничи, да има „слух“ за образовните и културни потреби и аналогно на тоа да ги „освежува“ знаењата. Просветителските традиции на Кирил, Методиј, Климент, Наум, претставуваат камен темелник на системот на образование и воспитание кај нас. Оттука се применуваат различни форми на професионално и стручно-научно образование и сознание, со цел наставничките и воспитувачките кадри да го прифатат она што е современо, реално и објективно прифатливо. Кај нас, на нашите простори наставникот има свој културно-историски и педагошки тековен развој. Порано и денес се употребувале и се употребуваат термините: учител, наставник за одделенска настава, наставник за предметна настава, професор. Денес пак кога говориме за наставник, пред сè мислиме за неговиот едукациски позив, како воспитувач, водител, организатор, креатор, реализатор, планер, програмер, евалуатор на воспитно-образовниот и наставниот процес. Комплетниот преглед на обврските на наставникот се утврдува по неколку основи. Покрај нормативно утврдените елементи на наставничката улога, голем дел од неа е дефиниран преку теоретското и практичното оспособување на идните наставници, а дел може да се очекувани активности врз основа на некои традиционални сфаќања за неа. Секоја професија има свој развој, па поради тоа настануваат често, брзи и значајни промени во содржината и на наставничката професија. Токму тоа сега е карактеристично за оваа професија. Колку што трендот на промените во образованието добива во својата содржина (обем-зафаќа повеќе аспекти) и интензитет, толку понагласено се истакнува дека клучот на промените, посебно оние од квалитативна природа, е во работата на наставникот во променетото однесување на наставникот во наставата. Одредени фактори повеќе се интересираат за тоа што треба да работи наставникот. Тоа се: наставничките факултети-оние кои ги подготвуваат наставниците; службите и установите кои ја следат реализацијата на наставата и другата воспитно-образовна дејност во училиштата и ја вреднуваат работата на наставниците, како и научните установи кои истражуваат како може успешно да се поучува.

**Препознатливост на наставничката професија**

Доволно е да се каже името на занимањето или професијата на некој човек, па веднаш да се има претстава за него: какво образование има, што работи, какво однесување се очекува од него, каков е неговиот статус или статусот на неговата професија во општеството, неговата положба во социјалната структура итн. Колку и какви ќе бидат тие информации за една личност само врз основа на неговото занимање(професија) зависи од многу нешта, но најмногу од општите и специфичните карактеристики по кои секоја професија е препознатлива во пошироката јавност. Наставничката професија, може да се вброи во оние професии кои се познати во јавноста и по многу нешта, лесно препознатливи. За оваа професија, секој член на општеството, постар од седум години, може да даде информации, затоа што секој возрасен барем осум години бил во состојба да има директни или индиректни контакти со наставници. Секој од нив ги користел услугите на наставникот и од лично искуство може да знае како работат наставниците и како се однесуваат кон учениците. Многумина од другите професии, сметаат и мислат дека можат успешно да се занимаваат со професијата наставник, или секој може да биде успешен

наставник или лесно е да се студира и заврши на некој од наставничките факултети. Значи, тоа што наставничката професија поради долготрајниот контакт со неа, многумина добро ја препознаваат и затоа ја чувствуваат блиска, не е и доказ дека за неа секогаш имаат јасни претстави. Овие мислења создаваат неповолна слика за оваа професија. Потврда за тоа се и примерите кога училиштата и наставниците се обвинуваат од општеството и за многу слабости на самото општество. Наспроти сето тоа, постои и една општопозната и прифатена карактеристика како вредност, според која професојата наставник, како и многу други, е препознатлива во сите демократски современи општества, а тоа е, пред сѐ, нејзината култивираност (тесностручни, општостручни и општообразовни знаења).

**Наставник – вчера - денес - утре**

Од тоа, каков е наставникот денес, зависи какви ќе бидат сеќавањата на неговите ученици на вчера, но и нивната визија за утре. Тоа е значајно за секое младо суштество, без разлика дали тоа свесно или несвесно се подготвувало за едукаторско занимање. Ова родителите не треба никогаш да го заборават. Посебно е важно за младите кои се определуваат за наставничка професија како свое животно определување. Секој ученик има свое сопствено доживување за својот наставник. Некои ученици се почувствителни во своето забележување и доживување, други помалку. Во оспособувањето на идниот наставник, важно е да се запознаат сеќавањата на студентите на нивните наставници во текот на школувањето бидејќи на тие сеќавања се темелат нивните сознанија и ставови. Врз основа на проживеаното се јавуваат сеќавања, врз основа на сеќавањата, се создаваат визии. Како учениците со такви и слични доживувања и сеќавања да изградат визија за наставник на новото време?[1] Да не заборавиме, новото време нема да дојде „утре“, тоа може да се оствари само „денес,“ бидејќи „утре“ не постои, тоа е само визија. Ученик кој вредноста и применливоста на новите идеи ја мери со личните доживувања, тешко може да ги прифати, сѐ додека не се увери во нивната вистинитост и исправност, ама не само по пат на зборови, туку преку потврда со лични доживувања и искуства.

Се поставува прашањето: Дали треба да се менува постоечката ситуација и на тој начин да се создаваат услови за нов наставник или да се оспособува новиот наставник да ја менува постоечката ситуација? Ако се одлучи за првата варијанта, останува нејасно кој може и кој треба да ја менува постоечката ситуација. Ако се прифати втората варијанта, јасно е дека целата обврска паѓа на менување на наставниците, кои ги образуваат идните наставници и кои пред сѐ, треба самите да се променат и така да овозможат на идните наставници во нив да пронајдат пример, идол, како за лични промени, така и за промени во животната и работната средина. Наставникот влијае на своите ученици не само со неговото знаење, туку многу повеќе со тоа што е тој во суштина. Секое негово движење, секој невербален знак со кое тој ги изразува своите најдлабоки чувства и ставови, не ги остава рамнодушни учениците. Во наставниот процес зборовите имаат големо значење, улога и вредност, но нивната сила-моќ зависи од невербалниот контекст.

*Наставникот на новото време* во прв ред треба да прифати дека учениците не се празни садови кои треба да се полнат со информации и знаења, туку факел, кој треба да се пали, а кога ќе се запали, „ќе го осветлува патот“. Знаењето е светло. Наставникот на

[1] Bratanic, M. (1993) Nastavnik za novo doba, Zagreb стр. 597.

новото време треба да им биде светло на своите ученици. Наставникот треба да ја сфати пораката:

Кој сака да ги развеселува луѓето,
мора во себе да носи радост.
Кој сака во светот да внесува топлина,
мора во себе да носи оган.
Кој сака да им помага на луѓето
мора да биде исполнет со љубов.
Кој сака да создава мир на земјата,
Мора да најде мир во срцето.[2]

*Седум принципи за наставник на новото време*

Радост, топлина, помагање, љубов, мир во срцето се основни квалитети кои треба да го красат наставникот на новото време.

Постојат седум принципи на кои треба да се темели поучувањето, за чие остварување, во прв ред е одговорен секој наставник:[3]

*Прв принцип:* Основна цел на поучувањето е душевниот мир. Според овој принцип, оздравувањето е ослободување од стравот. Без внатрешен мир нема здравје. Меѓутоа, залудно е ова наставникот вербално да го научи. Тој мир треба да го почувствува во себе, тој мир мора да зрачи од него. Како таков, наставникот мора да биде пример за своите ученици во остварување на нивниот внатрешен мир и спокојство.

*Втор принцип:* Суштината на нашето постоење е љубовта, духовна снага која не поттикнува да се посветиме на друг. Во светот на љубовта знењето е постоење. Љубовта на наставникот учениците треба да ја почувствуваат, доживеат. Љубовта се чита повеќе невербално, отколку вербално. Таа извира од погледот, движењата, мимиките, бојата на гласот. Секој ученик ја доживува на свој начин.

*Трет принцип:* Давањето е примање. Во склад со овој принцип, кога нашето внимание е насочено на давање и дружење со другите, се ослободуваме од стравот. Во врска со наставата, овој принцип бара јасен и недвосмислен став што всушност наставникот им дава на учениците, а што од нив добива. Дали наставникот на учениците им пренесува само знаење, информации, наставни содржини или нешто повеќе од тоа? Најчесто, она што наставникот го дава, тоа и го бара за возврат. Затоа, не е сеедно дали наставникот им дава на учениците само објективни знаења. Гледа ли наставникот на воспитувањето и образованието  како на процес на развој на личноста или му е важно само она знаење кое му го пренел на ученикот? Наставникот на новото време со јасни ставови својата работа со учениците не ја спознава само со своите предавања, вежби и семинари, туку и врз основа на квалитетни дружења и остварување на соработка.

*Четврт принцип*: Постои меѓусебна поврзаност на душите. Овој принцип во наставата се остварува со квалитетна интерперсонална комуникација. Во поголем дел на наставната комуникација во училиштата преовладува низок степен на интеракциска поврзаност и комуникацијата се одвива надвор од центарот на наставничката и ученичката личност. Остварувајќи интеракција во заедничката работа, постигнуваме конечен резултат да биде успех, резултат подобар од секој поединечен.

[2] Jampolsky, G. G. (1983), Teach only love, Bantam Books, New York.
[3] Bratanic, M. (1993) Nastavnik za novo doba, Zagreb стр. 602.

*Петти принцип:* Сегашноста е единственото време кое постои. Вчера е само сеќавање, утре е само визија, само добро живеење денес, го прави секое вчера сеќавање на среќа и секое утре визија за надеж, затоа: грижи се добро за овој ден. Со ова е објаснето една важна задача на училиштето и наставникот. Често се нагласува потребата за подготовка на младата личност за иднина, за професионално оспособување, за утре, а се заборава дека всушност живееме денес, дека младите личности својот најубав дел од животот го поминуваат во училиште. Забораваме дека од проживеаното денес, се остваруваат сеќавања за вчера и се буди надеж за утре.

*Шести принцип:* Одлуките ги донесуваме учејќи да го слушаме својот внатрешен мир кој го прифаќаме во себе. Нема правилно или погрешно однесување. Значаен е изборот помеѓу стравот и љубовта. Знаејќи дека мирот, стравот, љубовта комуницираат повеќе невербално од вербално, зборовите се ирелевантни за она што го учиме и поучуваме. Искуството на љубов и мир се значајни работи со кои комуницираме кога учиме и поучуваме.

*Седми принцип*: Простувањето е вистински пат за здравје и среќа. Кога не осудуваме, се ослободуваме од минатото и ги напуштаме нашите стравови за иднината. На тој начин доаѓаме до сознание дека секој е наш учител и секоја околност можност за растење во среќа, мир и љубов. Овде се истакнува интеракцискиот аспект на воспитување во кој заемно во растот се обогатуваат, како ученикот, така и наставникот. Ова е темелен принцип на воспитувањето на новото време.

**Заклучок**

Професијата наставник не е периферна, делумна и времена, минлива, напротив, таа е сржна, носечка, има суштествено значење. Таа носи со себе и остава обележја на голем број генерации. Успешен наставник е оној кој си ги остварува своите улоги, оној кој работи квалитетно. Успешниот наставник умее да ги поттикне и активира сите потенцијали кај секој ученик и да го наведе оптимално да работи, притоа да не се служи со присила. Педагошката компетенција на наставникот е значајна за квалитетен воспитно-образовен процес, како и за резултатот од тој процес, па според тоа се поголемо значење на тоа прашање се посветува и во научната и стручната јавност. Педагошки компетентен наставник треба да поседува посебни педагошки знаења и вештини, но и особини на личноста значајни за воспоставување, градење и унапредување на односите, како со учениците, така и со нивните родители и со колегите, па и со сите чинители на воспитно-образовниот процес. Само оној наставник кој поседува компетенции во различните аспекти на педагошкото дејствување, критички размислува за себе и својата воспитно-образовна пракса, го менува и унапредува своето однесување, има чувство на задоволство во педагошката работа, па може да очекува дека „излезните резултати“ во смисла на постигнувањата на учениците и напредувањата на секое поле ќе бидат позитивни. Кога се во прашање воспитувањето и образованието на децата, професијата нема право на грешки. Од витално значење е наставничката професија да се цени себеси, своите единствени вештини и сфаќања и придонесот што го дава на општеството и да стои во своја одбрана секогаш кога е под удар на оние кои немаат претстава за потребите и комплексноста на задачата со која наставниците се соочуваат секогаш кога ќе влезат во училницата. Денес, со сигурност, може да се очекува наставничката професија да доживува ренесанса. Тоа станува потреба на новото време искажана најмногу во барањата за сè поквалитетно образование како основа за поквалитетно живеење.

**Литература**


- Попоски, К. (1998) Успешен наставник, Скопје.
- Suzic, N. (2005) Pedagogija za XXI vijek, Banja Luka: TT-Centar.
- Suzic, N. (1995) Osobine nastavnika I odnos ucenika prema nastavi, Banja Luka: Narodna I univerzitetska biblioteka „Petar Kocic“.
- Bratanic, M. (1993) Nastavnik za novo doba, Zagreb.
- Jampolsky, G. G. (1983) Teach only love, Bantam books, New York.
- Biondic, I.(1998) Autoritarno ili demokratsko strukturiranje profesija nastavnika, Pedagogija, Beograd.
- Guy R. Lefrancois: Psychology for teaching, Belment, California, 1994.
- Schutz, P. A., Crowdre, K. C. and White, V. E. (2001).The development of goal to became a teacher. Journal of Education Psychology.

УДК 37.011.3-051-057
прегледен труд

# СОВРШЕН УЧИТЕЛ – ЕНИГМА ИЛИ НЕШТО КОН ШТО ТЕЖНЕЕМЕ, СЕ СТРЕМИМЕ

**Снежана Јованова-Митковска[1]**
**[1]Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип**

**Апстракт**

Една од најубавите професии е професијата учител. Да се биде учител, значи да се знае, да се умее; значи да се биде оспособен за соочување со мноштво предизвици, значи верба и љубов кон себе, кон децата, учениците, кон луѓето воопшто; значи себевложување во желбата да се помогне, да се поучи секој  да го достигне максимумот; значи истрајност во трасирањето на патот на младите генерации; значи волја за стручно, професионално развивање, значи стремеж кон совршенство, значи....

Што е тоа совршенство? Дали сме, дали треба да сме совршени? Дали е тоа нашата водилка? - се само некои од прашањата кои се обидовме да ги елаборираме во овој труд.

**Клучни зборови:** професија учител, добар учител, перфектен учител, предизвик.

# A PERFECT TEACHER- AN ENIGMA OR SOMETIHING WE YEARN, STRIVE FOR

**Snezana Jovanova-Mitkovska[1]**
**[1]Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev”, Stip**

**Abstract**

One of the most beautiful professions is the profession of a teacher. Being a teacher means: to know, to be able to do everything; it means being able to face a multitude of challenges, it means faith and love for oneself, for children, students, for people in general; it means self-motivation in the desire to help, to teach everyone to reach their maximum; it means perseverance in paving the way for young generations; it means the will for professional development, the pursuit of perfection; it means… What is perfection! Are we, should we, be perfect? Is this our guide?, these are just some of the questions have tried to elaborate in this paper.

**Key word:** teaching profession, good teacher, perfect teacher, challenge.

***„Добар учител влијае на вечноста;***
***никогаш не може да се каже кога неговото***
***влијание ќе престане“***
***(Хенри Адамс)***

Наведената мисла нѐ упатува на бројни интересни прашања за одгатнување: Како да бидеме добри, совршени учители? Како можеме да го оствариме своето влијание, влијание на вечноста? Дали можеме и на кој начин да го постигнеме тоа? Што е тоа кое нас нѐ карактеризира, нѐ определува како добри, некогаш би рекле и совршени учители?

Ќе наидеме на бројни одговори, кои пак ќе претставуваат водилка кон нови и нови прашања.

Дел од нашето секојдневие се фразите како: тој е прекрасен добар учител, тој е совршен учител, перфекционист е, не е добар, никој не е и не може да биде совршен .....

Неретко многумина од нас се прашуваме што е тоа што го прави посебен, совршен, различен од нас....

Одговорот можеме да го добиеме со потрага по тоа што е совршенство, дали постои разлика помеѓу совршенство и перфекционизмот, дали е тоа нешто кон што треба да тежнееме или?

Но, да почнеме редоследно.

*Што е тоа совршенство?*

Трагајќи низ литературата наидовме на определби од типот:

- Совршенство е состојба без маани и дефекти, идеална состојба;
- Сè што се нарекува совршенство значи потполност;
- Совршенство значи да се достигне потполност, да бидеш пораснат, да бидеш зрел...;
- Совршенство е кога ќе оствариш некој свој идеал.

Дали ова значи дека навистина постојат такви идеални состојби, дали такво нешто е можно или не? Дали сè што е наречено совршено, е совршено во апсолутна смисла, односно без никакви ограничувања? Дали нешто што сметаме дека е совршено во еден конкретен момент, може да биде совршено и понатаму, или пак се движи понатаму?

Совршенството подразбира дека никаков понатамошен прогрес не е можен. Дали навистина тоа го сакаме?

Всушност, секој од нас трага по совршенство, но не секогаш го достигнуваме. Совршенството треба да претставува нешто што констатно се прилагодува на средината. Тоа значи дека нештата се менуваат (панта реи).

*Дали постои совршена личност без мани, недостатоци...?*

Одговорот на прашањето е се разбира негативен. Не постои совршена личност која нема мани и е брилјантна во сите работи.. Совршенството кај луѓето не може да се дефинира како недостаток на мани, затоа што токму маните, недостатоците се нешто кое нè покренува, нè води во потрага по совршенство. Дали ако од личноста ги одземеме нејзините недостатоци и оставиме само вредности, ќе биде совршена? Одговорот е пак негативен. Таа личност нема да биде совршена, туку ќе има една голема мана, која се однесува на недостатокот на мани. Во тој случај личноста ќе ја изгуби смислата на постоење, и веројатно ќе исчезне како што исчезнуваат многу нешта кои постојат и се совршени во некоја конкретна средина, конкретно време, пример: дискетите, ЦД-ињата, дисковите и сл.

Совршеноста не е пречка, дефект на човештвото, тоа е силата која нè води напред.

Стремежот за совршенство е составен дел од човечката природа, тој е основниот човеков поттикнувач. Според Алфред Адлер, стремежот кон совршенство е она што му дава смисла на животот, тоа е мотив, кој во крајна линија, е во позадината на сите човечки активности. Ваквото тежнеење е здраво сè додека поединецот при остварување на сопствените интереси ги уважува интересите на другите членови на заедницата во потрагата по својот сопствен потенцијал, но истиот добива негативна конотација, доколку се бара доминација над другите.

За Абрахам Маслов (еден од основачите на хуманистичката психологија), наклонетоста кон перфекција е пред сè карактеристика на здрава личност, за која се говори во рамки на нагонската потреба за самореализација, односно за актуелизација на сопствениот потенцијал.

И токму, ваквиот начин на размислување е она што треба да нè направи перфектни.

Ова пак нè води кон одговор на прашањето што е тоа да се биде перфектен, дали совршен и перфектен е едно исто или?

Перфекционизмот значи стремеж за високи достигнување во секое поле и наклонетост на поединецот да од себе бара совршенство и максимален можен ефект. Во исто време, постои и очекување  да се биде најдобриот во она кое го работи, изведува. Постигањата значат поставување на високи стандарди и огромен напор, совесна, одговорна, внимателна работа на патот кон постигање на поставените цели. Станува збор всушност за пожелен перфекционизам  бидејќи тој претставува здрава тенденција кон високи достигнување, која е придружена со чувство на задоволство за тоа што може да се постигне. За разлика од овој пожелен, постои итн. нездрав перфекционизам, невротичен или дисфункционален перфекционизам - поставување на сè поголеми нови и нови зафати, успехот станува опсесија, па личноста, често поради огромни непотребни напрегања, да не биде во состојба да се радува на псотигнатиот успех и да се доведе до појава на несакани ризични однесувања.

Како припадници на човековиот род и ние учителите, често влегуваме во замката тежнеење кон реализирање на сопствените соништа, т.е тежнеење кон совршенство во многу аспекти од својот живот како: совршена професија,  совршена работа на која ќе и се даде својот максимум, максимален успех.... Ако постојано тежнееме кон совршенство секогаш треба да го имаме во предвид конкретното време, конкретната средина, поставените стандарди, поставените реални цели, не превисоки очекувања, но нашите можности..

На почеток го поставивме и прашањето: Кој е и кој може да биде совршен учител? По што би го препознале совршениот учител меѓу нас, или би се стремеле да станеме? Кои се знаците кои ни покажуваат дека некој го поседува епитетот совршен учител? Ги истакнуваме:

- Љубовта кон професијата учител, љубовта кон децата, учениците. Учителот кој ги сака своите ученици без оглед на нивното потекло, возраст, пол, способност, оној кој знае да допре до интелектуалните, емоционални и духовни длабочини на децата, учениците и да го пронајде вистинското богатство; оној кој ги почитува и со зборови и со дела; оној кој знае многу за интересите, хобијата, желбите и целите на своите деца, ученици;
- Добар стручњак, познавач на сопствената работа. Учител кој темелно ја познава наставната материја, информиран е за клучните прашања и теми од својата област. Тоа е учителот кој постојано ја чувствува потребата за стручно усовршување, следење на новините во науката, струката, но истовремено и умешност новите сознанија да ги интерпретира на начин соодветен на децата/учениците;
- Оној кој покажува емоционална сигурност, наклоност, личност која дава топлина, нежност, оној кој е љубезен,  трпелив, секогаш подготвен да ги охрабри и да им помогне на учениците, оној кој поддржува, кој е модел, пример со кој детето, ученикот сака да се идентификува;
- Учителот кој е доследен во своите постапки ставови, судови, во наставата и надвор од неа. Доследниот учител ги почитува поставените барања, ги извршува дадените

ветувања, тој е принципиелна личност, личност која се придржува кон клучните принципи – себепочитување, почитување на другите;

- Учител кој ги прифаќа фактите и втемелени тврдења, но секогаш е подготвен да ги преиспитува или да им овозможи на другите такво преиспитување;
- Оној кој е иницијатор на наставниот процес, квалитетен комуникатор;
- Оној кој е пример за своите следбеници во семејството, училиштето, потесната или поширока средина на која и приаѓа и во која дејствува, но и која на него дејствува;
- Зрела, стабилна личност, личност која познава различни техники на воспоставување на контакт и интеракција со учениците;
- Оној кој соработува, работи во тим со колегите, е подготвен да се промени, прилагодлив, кооперативен, упорен; не се откажува од своите цели усвојува нови наставни стратегии и умее истите да ги сподели со колегите. Оној кој не се плаши да ги признае своите грешки, да побара совет, да побара помош;
- Оној кој е подготвен за ефикасна организација на наставниот процес, макро и микроартикулација Оној кој поставува јасни цели, очекувани исходи, оној кој ја промовира интеракцијата во училницата и независното размислување, оној кој користи примери, детали, аналогии, метафори и така натаму за да го направи материјалот појасен и позабележлив. Оној кој применува различни пристапи, оној кој  верува во учениците и во себе;
- Оној кој постојано соработува со родителите, користејќи најразлични облици на соработка во насока на унапредување на успехот на нивното дете-промени во наставната програма, случувања во училиштето, во училницата и сл.;
- Оној кој поседуа организациски способности, кој е подготвен да се промени, прилагодлив, кооперативен, упорен;
- Оној кој поседува способност за разбирање и прифаќање на културата и вредностите на другите средини и семејства;
- Оној кој има развиен сенс за вредности и има урамнотежен однос кон личната самостојност;
- Тој е човекот со верба и надеж во себе, во своите способности, личност полна со ентузијазам.

Дали ги препознаваме овие знаци кај некои од нас? Одговорот би бил  потврден, да тоа е мојата учителка, таа беше нашата втора мајка, нашиот модел за идентификација.

Тоа е мојот колега, колешка, тие се овде меѓу нас, тие се луѓето кои ги почитуваме, следиме,... се стремиме да бидеме налик на нив, никогаш исти.

Да, се стремиме, тежнееме секогаш да бидеме најдобри, успешни, модели, примери за идните генерации.

**И за крај,**

„Пред да одлучите да бидете учител, сетете се и самите дека треба да бидете човек на кој треба да се угледаат" (Ruso, 1950:126)

Бидете совршени „***<u>Здраво е да се имаат здрави амбиции</u>***"

## Литература


- Bratanić, M. (1993): Mikropedagogija. Interakcijsko-komunikacijski aspekt odgoja, Zagreb: Školska knjiga.

- Đorđević, J. (2004): Nastava kao proces poučavanja, učenja i komunikacije. U: *Komunikacija i mediji*, Beograd: Učiteljski fakultet u Jagodini, Institut za pedagoška istraživanja u Beogradu.
- Judge, T., Heller, D. & Mount, M. (2002). Five-factor model of personality and job satisfaction: A metanalysis. Journal of Applied Psychology, 87, pp. 530–541;
- Suzić, N. (2003). Osobine nastavnika i odnos učenika prema nastavi, Banja Luka: Teacher Training Centre.
- Suzić , N. (2005). Pedagogija za XXI vijek, Banja Luka: Teacher Training Centre.
- http://www.valentinkuleto.com/2013/06/25-nacina-da-budete-sjajan-nastavnik/
- http://www.stetoskop.info/Perfekcionizam-zdrava-ili-nezdrava-teznja-ka-visokom-postignucu-479-c20-content.htm

УДК 37.011.3-051(100)
прегледен труд

# СВЕТСКИ ИСКУСТВА ЗА НАСТАВНИКОТ И НЕГОВАТА ВОСПИТНА УЛОГА

**Емилија Петрова Ѓорѓева[1]**
**[1]Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип**

**Апстракт**
Во реализирањето на воспитната компонента, наставниците се соочуваат со низа потешкотии. Имено, познато е дека процесот на образование се остварува преку конкретни содржини кои се најчесто и конкретни факти, па оттука е многу полесно тие да се операционализираат. Воспитанието се остварува исто така преку одредени содржини кои во исто време се и содржини на образованието. Впрочем, многу човечки и општествени вредности ќе се откриваат и прифаќаат од страна на учениците толку успешно колку што истите се на најдобар начин откриени, протолкувани и поврзани со детското искуство. Значи, иако процесот на воспитание е помалку видлив и конкретен, во најголема мера зависи од наставникот, односно од тоа колку истиот тој ќе го направи достапен до учениците. Така на пример, зборувајќи за природните убавини, или поконкретно за реките и планините, наставникот не смее да се задржи само на образовната компонента која би се однесувала на усвојувањето на имињата на планините и реките во Македонија и местото каде што тие се наоѓаат, туку многу повеќе ќе треба да посвети внимание на развивање на еколошката свест, односно на еколошкото, естетското и моралното воспитание. Грешат оние наставници кои посветуваат внимание само на интелектуалистичката страна, а ги занемаруваат другите компоненти, што ја збогатуваат личноста во социјално - морален и емоционален план.
**Клучни зборови**: наставник, воспитание, улога.

# WORLD EXPERIENCES CONCERNING TEACHERS AND THEIR ROLE IN UPBRINGING

**Emilija Petrova Gjorgjeva[1]**
**[1]Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev” Stip**

**Abstract**
In realizing the educational component, teachers face a number of difficulties. Namely, it is known that the educational process is realized through concrete contents which are the most frequent and concrete facts, and that is why they are much more easily operationalized. Upbringing is also achieved through certain content which is at the same time educational content.. In other words, many human and social values will be discovered and accepted by students as successfully as they are best discovered, interpreted and related to the child's experience. So, although the process of upbringing is less visible and concrete, it depends to a large extent on the teacher, that is, on how the teacher will make it accessible to the students. For example, speaking about natural beauties, or more concretely about rivers and mountains, the teacher should not only dwell on the educational component related to the adoption of the names of mountains and rivers in Macedonia and the places where they are, but more attention should be paid to developing ecological consciousness, that is, to the ecological, aesthetic and moral education. Teachers who pay attention only to the intellectualist side and neglect other components that enrich the person at a social, moral and emotional plan are wrong.
**Key words:** teacher, upbringing, role.

Образовната компонента е многу полесна за остварување бидејќи како што веќе нагласивме, истата се остварува низ конкретни содржини, цели и задачи. Меѓутоа, реализирањето на воспитната компонента претпоставува и соодветни знаења и способности, односно компетенции што треба да ги поседува секој кој се определил за наставничката професија. Многу често наставникот се чувствува задоволен од тоа како ги реализирал содржините и ги остварил зацртаните цели и задачи, без да посвети внимание на воспитните цели, односно нив ги занемарува некогаш свесно, но некогаш и несвесно. Всушност, занемарувањето е од повеќе причини: недоволно време, и методичка умешност и оспособеност за реализација на воспитните елементи, неподготвеност и немотивираност за работа. Практиката покажува дека на наставниците им требаат дополнителни обуки за успешно реализирање на воспитната компонента. Некогаш оваа компонента се запоставува не само од несакање, туку и од незнаење како истата успешно да се реализира.
Од друга страна пак, факт е дека воспитните задачи значително повеќе зависат од личноста на самиот наставник, од неговата свест за потребата и значењето за засилено воспитно дејствување, токму поради сѐ поголемото занемарување на оваа функција од страна на семејството.
Во контекст на погоре посоченото, важни се неколку елементи: воспитната функција ќе се реализира толку поуспешно ако самиот наставник се ослободи од мислењето дека првенствено негова улога е само да пренесува знаење, да поучува, да следи и вреднува, односно да го оценува успехот на учениците. Наспроти тоа, наставникот треба да биде свесен дека покрај таа улога има и други. Имено, тој треба да биде успешен педагошки дијагностичар, програмер, планер и организатор на воспитно - образовната работа, а во тие рамки и да го насочува развојот на младата генерација. Наставниците сѐ повеќе им требаат на учениците и тоа многу повеќе, отколку само да пренесуваат знаења и вештини.
Денес, информатичко - комуникациската технологија овозможува стекнување на знаења од различни извори, но разбирањето, човечките гестови, грижата, вниманието, разбирањето на вредностите е сѐ повеќе поврзано со човечкиот фактор - наставникот и родителите.
Светските искуства во врска со воспитната проблематика се секогаш добредојдени и ние како земја, која настојува со последните концепциски измени да ги следи некои високоразвиени земји во светот, треба тоа да го прави и на полето на воспитното дејствување.
Во САД на дисциплинските проблеми се посветува многу повеќе внимание, отколку на самиот успех што се постигнува во училиштата. Всушност, целокупната просветна власт заедно со раководствата на училиштата и наставниот кадар, се трудат да изнајдат стратегија која би помогнала учениците во американските училишта да се однесуваат поодговорно и подисциплинирано. Од мерките кои се преземаат во американските училишта, а кои се однесуваат на воспитните проблеми, се следниве: превентивни активности, односно училиштата се задолжени да применуваат превентивни програми за обука на учениците, со цел тие да стекнат знаење, вештини и вредности кои го спречуваат насилството во училиштата. Други мерки се подобрување на школската безбедност и подобрување на училишната клима. (Попова - Коскарова, 2008:76)
Во Англија секое училиште задолжително изработува програма за антирасистичко делување, каде се наведуваат и основните принципи на школскиот систем: идентитет,

општество и квалитет. Со таа програма се запознаваат сите ученици, како и нивните родители. Меѓутоа, тоа запознавање не е формално, туку суштинско. Не е доволно да им се рече: „не правете го тоа“, туку низ главните принципи врз кои се заснова англискиот курикулум, се развиваат вредностите и се градат ставови кои помагаат да се надмине дискриминацијата, како и предрасудите во поглед на другиот.

Во Норвешка се поддржува ненаметливо управување со класот. Поголем акцент се става на емпатија, отколку на дисциплина и надворешна контрола. И во секој случај кога се работи со проблематични ученици, повеќето наставници обично користат стратегија за комбинирање на постапките и методите. Имено, повеќе се користи пофалбата за позитивно однесување, кобинирана со опомена за негативното, со тоа што секогаш предност се дава на пофалбата (исто како претходно).

Во Финска, во училиштата посебно се практикува емпатиско комуницирање, што во наједноставна форма кажано, претставува соживување со другиот. За емпатијата да стане дел од однесувањата, неминовно е практикување, односно нејзино вежбање низ воспитно - образовниот систем. Во текот на една недела се спроведува т.н. *недела на емпатијата*, каде учениците практично вежбаат развивање на емпатиски способности. За да се утврдат колку можат емпатиските способности да се развијат преку вежбање, формирани се контролна и експериментална група. Експерименталната група вежбала емпатиско комуницирање и била ставана во проблем ситуации каде било неопходна примена на емпатија, со цел, формалното однесување да се замени со вистинско, човечко однесување и чувствување. (Bratanic, 1996:85)

Резултатите покажале дека по една недела интензивно партиципирање во ситуации каде учениците се ставале во улога на поставување себе си во кожата на другиот, кај експерименталната група биле видливо забележани резултати на емпатиско комуницирање, отколку кај контролната. Всушност, резултатите покажале дека со свесно интенционално делување и активно учество, можно е да се влијае на развој на емпатијата. Посебно се развивале: емоционално прифаќање, емпатиско слушање и меѓусебно разбирање. Посочениот пример е уште еден релевантен доказ дека емпатијата не може да се развие без вежбање или само со теоретско предавање и информации.

Емпатијата, како и другите вредности кај учениците, можат единствено да се развијат низ организирани форми на делување на училиштето, низ практични ситуации, со вежбање и практикување на реални ситуации.

Во Шведска, од најмалата возраст, уште во рамките на предучилишниот период се практикува почитување на другиот, односно доследно спроведување на принципите на мултикултурна средина, каква што е шведското општество.

Во Канада насилството и агресивноста во училиштата се гледа како на најголем проблем во државата. Од дисциплинските проблеми, тука најчесто изразени се следниве: вербална злоупотреба, насилство (на релација ученик - ученик), но многу често и наставниците се мета на напади од страна на учениците. Носењето на огнено оружје сè уште е карактеристика на САД, а помалку на Канада. Во училиштата во Канада децидно се поставуваат овие барања:

- Доследно практикување на канадските вредности: мир, ред и почит кон различностите, односно развивање на културна сензитивност.
- Тоа значи доследно почитување на школските правила, а пред сè значи нулта толеранција за училишното насилство и агресивноста.

Најпознатото правило кое мора да се практикува во сите канадски училишта е т.н.. „зацврсти се“ правило, кое се темели на нулта толеранција, а тоа значи ученикот да биде брзо и неотповикливо казнет за своето недолично и проблематично однесување, односно доколку се користи: дрога, алкохол, оружје, или ако навредува некого врз национална основа. Притоа, казната е суспензија од училиштето во траење од една година. Со оглед на тежината на казната, денес, просветните власти во Канада се во потрага по барање на алтернативи на казната суспензија.
Во Австрија и Германија постојат прецизно изградени стандарди за воспитно дејствување. Имено, со самото запишување на ученикот во училиште, на родителот му се доставува кодексот на училиштето со предочување дека истиот треба доследно да се почитува. Секое отстапување, предизвикува последици и за ученикот, но и за родителите, кои финансиски ќе треба да ги компензираат материјалните штети доколку се направат. Меѓутоа, тоа не е најважното. Секое училиште има изградено стандарди за воспитно делување, кои многу често претставуваат и имиџ на училиштето. Имено, родителот се запознава со сите аспекти во кои неговото дете ќе биде поучувано. И тоа не само до образовниот дел, односно кои компетенции ќе ги стекне, туку и во воспитен аспект, во смисла на тоа какво однесување ќе се научи, како ќе се воспитува, кои се ефектите од воспитувањето и тоа од најбанални работи: од учење за пристојно јадење и држење на маса, социјален развој, комуникација, толеранција, стрпливост итн.
За тоа како во Германија се посветува внимание на воспитните аспекти, ќе наведеме една студија на случајот (case study). Пред неколку години, имав гости - мајка и ќерка, наши иселеници кои живеат и работат во Германија. Девојчето беше на возраст од 9 години и заедно со мајка ѝ беа дојдени во Македонија да го погребаат таткото во родната земја, кој починал во Германија. И бидејќи беше зимско невреме, летот на авионот за враќање во Германија им беше одложен и останаа кај мене два дена. За тие два дена, од однесувањето на девојчето, јас научив многу повеќе за германскиот систем и за воспитното делување во училиштата, многу повеќе отколку од книгите кои сум ги читал за тамошниот образовен систем. Имено, иако девојчето беше дете на татко - хроничен алкохоличар, кого никогаш во животот го немала видено во трезвена состојба, нејзиното целокупно однесување даваше впечаток како да беше дете на „високи интелектуалци“, а не дете кое растеше во дисфункционално семејство. Мајката, обична работничка во една германска болница, немаше ни доволно познавање од германскиот јазик и со многу трауми од насилното однесување на нејзиниот покоен сопруг.
Однесувањето на детето беше за воодушевување во секој поглед. На пример, аристократско држење на маса, за време на оброците, љубезно замолување доколку нешто и треба, во чинијата секогаш ставаше малку храна, не посегнуваше лакомо по ништо, и на мое инсистирање да земе повеќе, ми одговараше: „Нас во училиште нѐ учат дека додека не го изедеме тоа што го имаме во чинијата, не смееме да посегнуваме по друго. На моите прашања од каде научила толку добро да се служи со приборот за јадење, љубезно да го сослуша другиот, да не прекинува никој во разговорот, да не упаѓа во збор и сл., детето секогаш ми одговараше: „Така нѐ учат во училиште.“ Пред секој оброк, девојчето тивко, ненаметливо кажуваше молитва на германски јазик. Кога ја прашав што значи тоа што го шепоти, таа ми одговори: „Господ е во секој од нас, да се сакаме и да си помагаме сите“.
Коментар не е потребен. И до ден денес, се прашувам: Што ќе се случеше со девојчето, ако наместо во Германија, останеше да живее во такво семејство, во Македонија? Сигурно не ќе беше истото девојче.

**За размислување........**

Потребен ли е заклучок по овој презентиран текст, зарем секоја понатамошна расправа не е проблем во училиштата денес. Оттука следното обраќање ќе биде токму во насока на „враќање“ на воспитанието во училиштата и прашањата за начините и моделите како да се реализира воспитната улога на училиштето во современото општество денес......

**Литература**


- Bratanic, M (1996), Kriza odgoja, Hrvatska sveucilisna naklada, Zagreb.
- Brajsa, P (1995), Sedam tajni uspijesne skole, Skolske novine, Zagreb.
- Brajsa, P (1988), Dijete treba iskrenu i sigurnu sredinu, *Prosvijetni list 43,* Saraevo.,
- Cowley, S. (2003), Tajne uspjesnog rada u razredu, vjestine, tehnike i ideje, Skolska knjiga, Zagreb.
- *Key Competences for Lifelong Learning,* European Reference Framework, (2006) Education and Training, Education and Culture DG, Lifelong Learning, program Office for Official Publications of the European Communities, Official Journal of the European Union.

УДК 37.011.3-051:316.614
прегледен труд

# УЧИТЕЛОТ И СОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА

**Даниела Коцева[1]**
**[1]Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип**

**Апстракт:**
Социјализацијата е активен и долготраен процес кој се одвива во текот на целиот живот на личноста. Таа не е еднонасочен процес, напротив социјализацијата е поврзана со секоја социјална промена, па често пати во научната терминологија социјализацијата се изедначува со терминот култивација. Социјализацијата е процес преку кој учиме да станеме членови на општеството, преку интернационализација на нормите и вредностите на општеството, но и преку учење како да ги играме нашите улоги на работник, граѓанин, пријател, родител, учител и сл. Таа претставува воведување на младиот поединец во општествените процеси и односи, усвојување на духовни творби, преку свесен целесообразен и организиран напор на општеството и неговите членство. Целта на овој труд е да се укаже на евидентните проблеми присутни кај децата уште од најрана возраст, утврдувајќи дел од причините зошто имаме проблеми со социјализирањето и кој е одговорен за тоа?
**Клучни зборови**: социјализација, учител, семејство, ученик, социјални вештини.

# TEACHER AND SOCIALIZATION

**Daniela Koceva[1]**
**[1]Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev” Stip**

**Abstract:**
Socialization is an active and long lasting process that takes place throughout the life of a person. It is not a one-way process; on the contrary, socialization is related to every social change, so very often socialization is equated with the term cultivation in scientific terminology. Socialization is a process through which we learn how to become members of society through the internationalization of the norms and values of the society, but also by learning how to play our roles of a worker, citizen, friend, parent, teacher, etc. It is the introduction of the young individual in the social processes and relations, the adoption of spiritual creations, through a conscious appropriate and organized effort of the society and its membership. The aim of this paper is to indicate the evident problems present in children from the earliest age, identifying some of the reasons for having problems with socialization and who is responsible for that.
**Key words**: socialization, teacher, family, student, social skills.

## Вовед

Да се биде учител е возвишено и благородно, хумано, енергично, нешто што значи многу љубов, трпение и задоволство. Задоволство да создаваш и менуваш генерации, да градиш стабилно и отворено општество посебно во време и место како што е Македонија, каде се

потребни натчовечки способности за да успееш во истото. За жал денес оваа професија е девалвирана од сите аспекти на општественото живеење, тргнувајќи од учениците, родителите, па сè до институциите на системот.
Од учителот почнува сè, од учителот почнуваат сите професии, но не и процесот на социјализацијата. Овој процес започнува во рамките на семејството кое се јавува како основен и примарен чинител на оваа активност.

**Социјализацијата во семејството**

Најприфатлива класификација воопшто за социјализацијата дава Сергеј Флере, според која се разликуваат четири етапи во процесот на социјализацијата, а тие се: примарна социјализација, секундарна социјализација, социјализација во адолесценцијата и социјализација во возрасна доба. Примарната социјализација веќе спомнавме дека се одвива во рамките на семејството. Детето се раѓа како бел лист хартија и многу малку е подготвено за живот во надворешната средина. Почетокот на секој процес на развојот на социјализацијата, по правило, се одвива во поширок или потесен круг на семејството. Затоа семејтвото е незаменливо, кога станува збор за социјализацијата. Овде детето ги формира првите знаења, развива и формира навики и умеења, ги развива интелектуалните и други знаења (се образува и воспитува), се учи на општествен живот. По раѓањето, детето зависи од неговото најблиско опкружување, односно семејството, каде тоа може да ги задоволи своите развојни потреби. Семејното опкружување претставува место во кое детето, особено во првите години од животот, ги совладува примарните вештини – одење, говор, мислење. Од тој аспект, вклученоста на родителите во растењето на детето и создавање на пријатно семејно опкружување е основен предуслов за успешен социјален развој. Силната емотивна врска создадена во детството е основа за понатамошен успешен развој на детски емоционални, социјални и интелектуални вештини. Голем број истражувања потврдуваат, дека самоуверените деца полесно стапуваат во контакт со врсници и други личности, што воедно, им нуди подобра позиција во општеството и во голема мера го олеснува нивниот понатамошен развој. Самоувереноста, довербата, емотивната зрелост и социјалните вештини се карактеристики кои се формираат во текот на најраните интеракции на детето со родителите, кои тоа ќе ги користи во различни животни ситуации како општествена единка. Односите меѓу родителите, за детето претставуваат силен и незаменлив пример за односите меѓу половите. Семејството е важно и при развитокот на општествените чувства на детето, па и во прифаќањето на одредени авторитети во ликот на родителите, а во патријахалните средини, пред сè, во ликот на таткото. Покрај незаменливата улога која ја имаат родителите за примарната социјализација, доста значајни се и останатите членови на семејството, пред сè бабата и дедото, но и постарите браќа и сестри. Истражувањата покажуваат дека топлината и заедништвото, кое владеат во семејството, стои во позитивна корелација со успешната социјализација. Значењето на семејната социјализација е во тоа што децата не ја формираат својата личност само со свесно дејствување на родителите, туку и од секојдневниот семеен живот, од контекстот на средината, прифаќајќи го она што им е неопходно. Големото значење на семејството, посебно е евидентно, кога се набљудува физичкиот, психичкиот и општествениот развој на децата кои по некоја случајност

растеле надвор од семејството. Примарната социјализација е од значење, затоа што во голема мера од останатите, може да биде индивидуализирана, а со самото тоа и насочена кон природата на детето како личност во развојот и напредувањето. Оттука посебно значење има и наградувањето и казнувањето. И едното и другото, создаваат нови облици на однесување. Обврска на семејството е успешно да го социјализира својот потомок, но што всушност се подразбира под успешна социјализација?

Успешна социјализација претставува способноста за социјално разбирање, односно предвидување на туѓите реакции и разбирање на туѓите чувства. Социјално компетентните мали деца го усогласуваат своето однесување со туѓите, така што пронаоѓаат заеднички јазик, разменуваат информации и ги испитуваат сличностите и разликите. Социјалните вештини и социјалните диспозиции исто така преставуваат составни делови на социјалната компетенција. Начинот на кој детето стапува во интеракција со врсниците и возрасните, социјално гледано, е вештина која првенствено се развива во рамките на семејството и има важно влијание на нивото на социјална прифатеност во општеството. Социјалните диспозиции, како што се емпатија, дарежливост, љубезност или соработка се учат од околината (од моделот кој го нудат личностите во опкружувањето на детето), па од тие причини, неопходно е на детето да му се понуди пример и можност за тоа да може да ги усвои и манифестира.

Постојаните трансформации низ кои поминува општеството денес, предизвикуваат и трансформација на семејството, кое постепено се менува себеси и својата улога прилагодувајќи се на општествените барања и потреби. Интензивните случувања на полето на индустријата, науката, технологијата, неминовно се одразувале на општеството во целина, предизвикувајќи при тоа промени во идеологијата за семејните вредности.

Ситуацијата во денешните современи семејства е многу поразлична од она што некогаш бил концептот семејство. Дали денес можеме да зборуваме за топлина и заедништво во семејството, кога најголем дел од родителите се надвор од домот, надвор од државата во потрга по материјалната егзистенција. Токму од овде произлегуваат и бројните проблеми во поглед на социјализацијата.

Неретко, во процесот на социјализација се појавуваат проблеми како што се срамежливост, осаменост, агресија и сл., кои можат да потекнуваат од различни причини. Овие проблеми можат да бидат поврзани со недоволно развиената јазична способност, контролата на емоциите, недостатокот на вештини кои на детето му се потребни за да се вклучи во интеракција итн. Срамежливите, повлечени и осамени деца имаат чувство на отфрленост, поради што им е потребна помошта на родителите и учителите која ќе им помогне да стапат во однос со околината. Агресивноста е една од најчестите и најголемите проблеми во социјализацијата со која родителите и учителите се сретнуваат и често бараат интервенција за справување со претстоечкиот проблем. Непримерната агресивност, теоретски се објаснува преку теоријата на дефицит, според која детето има недостаток на одредена социјална вештина, односно со теорија на суфицит, која истакнува дека децата се агресивни бидејќи не можат да се справат со високите нивоа на бес и нетрпеливост. Проблемите со социјализацијата може да бидат согледани и во контекст на околината во која детето живее, давајќи му приоритетно значење на семејството, но притоа да не се миноризира влијанието на околината врз детето.

**Социјализација во училиштето**

Иако примарната социјализација во семејството му овозможува на детето да се развие како личност, сепак тоа не е доволно оспособено за да може да преземе и успешно да врши одредени општествени улоги. Искуствата од раното детство можат да бидат основа за подоцнежниот развој, но истите не се доволни за да му обезбедат на детето општествена содржина со која ќе се сретне подоцна во неговиот живот. Затоа е важна и секундарната социјализација која натесно и најдиректно е поврзана со училиштето. Оваа фаза на некој начин може да помогне да се исправи детето на прав пат онаму каде е испуштено или погрешно насочено. Факт е дека некогаш во генерациите се среќаваа по едно до две вакви деца, денес ситуацијата е алармантна.

Одењето во училиште го поттикнува духовниот развој на детето, посебно со учењето и развитокот на јазикот. Училиштето е општество во мало. Кога детето ќе почне да оди во училиште, тоа има повеќе значајни последици за него бидејќи неговиот начин на живот се променува. Посетувањето на училиштето има значајни последици за детето. Прво, училиштето е институција во која детето се наоѓа во обезличена состојба во која тоа за првпат е ставено во релативно рамноправни односи со другите, или поинаку кажано, тоа не е повеќе центар на вниманието и на постојана грижа за него; Второ, таму постојат бројни правила, а детето се учи на нивно усвојување; Трето, со влегување во училиште, детето се учи дека мора да го одложи задоволувањето на некои потреби, што не било случај во рамките на семејството. Четврто, посебно значајно што во училиштето децата се дисциплинираат. Имено тоа мора да биде мирно извесно време без прекин.

Голем дел од социолозите сметаат дека на училиштето не треба да му се препишува преголемо влијание во процесот на социјалиацијата, со оглед на тоа што неговото влијание ослабна со развојот на средствата за масовна комуникација, патувањата, групата на врсници и сл. Затоа, ниту во процесот на социјализацијата вината за неуспесите не треба да се префрлаат на училиштето. Поради многубројните општествени притисоци истото тоа училиште се наоѓа во многу тешка општествена положба. Но сепак неговото значење не смее да се потцени, бидејќи останува незаменлив фактор во процесот на развојот на личноста и во образованието. Сепак научно е докажано дека постојат значајни разлики , не само во духовниот, туку посебно и во когнитивниот развој меѓу децата кои одат и кои не одат на училиште. Токму овде се развива колективистичкиот аспект на социјалното однесување, каде улогата на учителот е клучна.

Во овој премин од семејство кон училиште главната улога и за адаптација и за социјализација ја има токму учителот. Неговата личност е привлечна за идентификација, особено кај помладите ученици, кога детето првпат влегува во училница. Децата низ воспитно-образовниот процес учат да бидат лојални кон нешто што е надвор од нивниот семеен круг, почитувајќи нови авторитети. Некои од децата се случува за прв пат да влезат во комуникација со другите. Приспособувајќи се кон барањата на наставниците, кои ги наградуваат или ги казнуваат преку системот на оценување, учениците стекнуваат престава за себеси и за другите како вредни, грижливи и обратно, оние што не успеваат да ги задоволат барањата на наставниците ја губат самопочитта, мислат за себе дека се неспособни и тоа може значајно да влијае врз нивното однесување, нивната престава за себе, дека се мрзеливи, неспособни да направат ништо вредно и корисно. Опасноста што

може да се појави во оваа етапа се наоѓа во единката, но може да се манифестира низ чувство на инфериорност.
Клучната улога на учителите во оваа секундарна социјализација се согледува низ следниве активности кои се очекуваат од нив, а тоа се: подучување и поттикнување на развојот и на умешноста; читање, пишување, сметање, одржување на внимание, учество во одделенски активности; пренесување на информации, насочување на децата кон духовното наследство; пренесување на општествените вредности, цели и идеи; обезбедување на атмосфера потребна за учење; надминување на разликите во знаењата на учениците и настојување да се индивидуализира пристапот кон ученикот; надзор и контрола.
За да можат децата да учат и да се развиваат, потребна е цврста соработка на учителите со семејствата и другите членови на заедницата. Кога учителот ќе ја разбере важноста на учењето дома и важноста на семејството како првичен образовен и социјален фактор за детето, ќе може да гради мостови помеѓу училиштето и семејството / заедницата и да остварува двонасочна комуникација. За да се овозможи успешно учење и развој на децата мора да бидат земени предвид различните услови во семејството и зедницата од која тие доаѓаат. Успешната соработка на учителите со семејствата се остварува доколку учителот е свесен за многуте начини на кои семејството може да придонесе децата да учат подобро, да се подобри атмосферата во училницата и во училиштето. Учителот ги почитува интересите и одговорностите на сите кои се вклучени во образованието и формирањето на иднината на децата доколку оствари успешна комуникација и интеракција меѓу семејствата, училиштето и заедницата, со што се придонесува за создавање поцврсто општество. Често пати учителите се соочени не само со проблемите на учениците, туку и со проблемите на родителите. Многу често во одлуките и правилата на учителите и неговиот авторитет се мешаат и родителите. Неуспехот во социјализацијата родителите многу бргу и лесно ја препишуваат на учителите, наместо да се запрашаат и да ги увидат сопствените грешки и покрај укажувањата на учителите и стручните служби. Оттука, често се поставува прашањето кого треба да воспитува и социјализира учителот - учениците или родителите?
Се случува и самите родители да не се социјализирани доволно за улогата родител и не обрнуваат доволно внимание на овој процес. Дури многу подоцна кога децата тргнуваат на училиште се соочуваат со проблемот кој во основа корените ги крие во семејството, а не во училиштето. Учителот овде се наоѓа во функција на олеснувач/насочувач кој треба да помогне во надминување на проблемите кои можат да произлезат од несоодветната социјализација.

**Заклучок**

Улогата и функцијата на учителот во социјализацијата е една од клучните. И учителите и родителите неопходно е сериозно да се посветат на овој процес, пред сè во насока за креирање на морално, етички и емоционално здрави генерации, кои ќе градат стабилно и отворено општество.
Добрите учители, треба да ги препознаат проблемите кои произлегуваат од нецелосната примарна социјализација како што се срамежливост, осаменост, агресија и сл., но треба

да знаат и како да ги надминат, олеснат и искоренат низ процесот на играта, работата, забавата и учењето. Учителите се тие кои треба да ги препознаваат и охрабрат залагањата и на учениците и на семејството од една страна, но и како да ја охрабрат и насочат надареноста од друга.

**Литература**


- Ацески, И. (2013), *Социологија,* Скопје: Филозофски факултет.
- Жоглев, З. (2002), *Социологија на образование*, Битола: Педагошки факултет.
- Петровски, В. (2006), *Социологија,* Штип: Педагошки факултет
- http://www.stepbystep.org.mk/WEBprostor/toolbox/fokusno_podracje_2.pdf

УДК 37.091.322.7"20"
прегледен труд

# ПОДУЧУВАЊЕ И УСВОЈУВАЊЕ НА ВЕШТИНИТЕ НА 21ВИОТ ВЕК

**Киро Јорданов[1]**
**[1] ООУ „Славејко Арсов“ Штип**

**Апстракт**
Јазот помеѓу вештините кои луѓето ги учат и вештините кои им се потребни станува сè поочигледен, бидејќи традиционалното образование не успева да ги опреми учениците со знаењето кое им е потребно за да постигнуваат успеси. Денешните кандидати за работа мора да се способни да соработуваат, комуницираат и да решаваат проблеми – вештини кои се развиваат во главно при социјално и емотивно учење. Комбинирано со традиционалните вештини, оваа социјално и емотивна подготвеност ќе ги опреми учениците за да можат да постигнат успеси во развивање на дигитална економија. Па, според истражувањата на пазарот на труд, консензусот е дека на учениците им се потребни вештини на транспарентно ниво во областите: Решавање на проблеми, Креативност, Аналитичко размислување, Критичко размислување, Соработка и Комуникација. Оваа листа на вештини на 21виот век не е случајно вметната во Основните Вештини. Зошто се важни овие вештини? Секоја од нив треба да се разгледа посебно и детално. И покрај сите промени кои ги има претрпено образованието во последните децении, сепак не успева да фати чекор со општествените промени и потребите на модерното општество. Така, учениците најчесто излегуваат од клупите со знаења кои многу малку ќе им користат во нивното општествено дејствување и пазар на труд, а се целосно неподготвени за она што ги чека во нивното натпреварување за работно место, нивната понатамошна работа и предизвиците кои ги очекуваат во светот на работата. Проблемот овде мора да се бара најпрво во образовниот систем, инертноста на наставниците, нивната неподготвеност за прифаќање на промените, спорото и несоодветно менување на образованието и расчекорот меѓу образованието и општеството.
**Клучни зборови:** образование, модерно општество, пазар на труд, промени, натпревар.

# TEACHING AND ADVANTAGE OF SKILLS IN THE 21st CENTURY

**Kiro Jordanov[1]**
**[1] Primary School “Slavejko Arsov” Stip**

**Abstract**
The gap between the skills people learn and the skills people need is becoming more obvious, as traditional learning falls short of equipping students with the knowledge they need to thrive. Today's job candidates must be able to collaborate, communicate and solve problems – skills developed mainly through social and emotional learning. Combined with traditional skills, this social and emotional proficiency will equip students to succeed in the evolving digital economy. So, according to the job маркет, the consensus is that students need transparency-level skills in the areas of: Problem solving, Creativity, Analytic thinking, Critical thinking, Collaboration and Communication. This 21st-century skills list is purposefully embedded within the Essential Fluencies. Why these skills are important? We should go through each point separately and talk about it in detail. Despite all the changes that the education has endured in the last decades, it still cannot take the pace with the changes in the society and the needs of the modern society. Thus, the students usually come out of the schools with knowledge that

will serve them very little in their functioning in the society and the labour market, and they are totally unprepared for what awaits them in their competition for a work post, their further work and the challenges which are coming in the world of work. The problem here should be looked for in the educational system, the inertness of the teachers, their unpreparedness for acceptance of the changes, the slow and discrepant change of the education and the gap between the education and the society.
**Key words:** education, modern society, job market, changes, competition.

## Вовед

Образованието мора да го промени својот фокус на подучување од образование по мерка на наставникот, наставниот план и програма на образование по мерка на детето, за подоцна да создаде човек кој е спремен да влезе во општеството како чинител кој ќе биде во чекор со општеството и потребите на модерниот начин на работа и функционирање на заедниците. За таа цел потребно е наставниот кадар и образованиот систем воопшто да бидат запознаени со потребите на општеството, потребите на работните организации и бизниси, како и потребите кои се наметнуваат со развојот на човештвото. Наставникот мора секогаш да е во чекор и во тек со глобалните, општествени промени и случувања за да може да ги подучува најважните и најсуштинските вештини кои се потребни на еден ученик за тој во иднина да биде полезен чинител на општеството во кое функционира. Според истражувањата на глобално ниво се дошло до заклучок дека учењето на 21виот век мора да го сочинуваат вештини кои најмногу се бараат на празарот на трудот и кои се потребни за учениците да бидат полезни единки за општеството, и тоа: Решавање на проблеми, Креативност, Аналитичко размислување, Критичко размислување, Соработка и Комуникација.

## Решавање на проблеми

Потребно е учениците да ја имаат способноста да решаваат проблеми во реално време.
**Зошто ова е важно?** Во иднина, сложени проблеми кои ние сеуште не можеме ниту да ги сфатиме ќе бидат насекаде околу нас. Како што ќе напредува општеството, така ќе се зголемува и сложеноста на конфликтите кои ќе треба да се разрешуваат. Колкуповеќе се фокусираме на способноста на учениците да доаѓаат до ефективни решенија на реалните проблеми во светот, толку поуспешни ќе стануваат тие ученици. Тоа значи дека учениците во иднина ќе мораат ефективно да решаваат сложени проблеми во реално време на уникатен и со внимателно смислени решенија.



Покрај ова, решавачите на проблемите ќе можат да работат независно од нивните повисоки супервајзери или надредени. Тие ќе треба да бидат оние кои ќе превземаат, да уживаат во превземање ризици и иницијативи и треба да не се плашат да си ги извалкаат рацете и да прават грешки. Тие исто така учат од тие грешки, и редовно ќе ги преиспитуваат нивните процеси за да создадат поефективни и поекономични решенија. Ова се луѓето кои ќе бидат успешни на глобалниот

пазар на труд. Таквата индивидуа е голем капитал како работна сила. Вреди да се спомене дека во иднина, работниците кои нема да можат да размислуваат проактивно кон решавањето на проблемите ќе имаат потешкотии во наоѓање на работа.

**Комуникација и соработка**

Учењето е основна социјална активност – дали тоа е во училиштата, работните места или друга средина. Вештините за комуникацијаи соработка се однесуваат на можноста на индивидуалците да комуницираат јасно, користејќи усен, пишан и невербален јазик и да соработуваат ефективно со различни популации. Во областа на вештините на комуникација, со зголемената разноликост на општествата општењето ќе станува сè поголем предизвик за луѓето. А комуникациските вештини, како што денес се мисли се бараат не само кај наједуцираната елита, туку потребно е секој да ги има. Додека образованието е фокусирано на основите на добрата комуникација – говор, пишување и читање – она што го бара општеството е добри социјални односи, додека глобалната економија бара повеќе други комуникациски и соработнички вештини и се смета дека денешните студенти треба да можат да:

- Искажуваат мисли и идеи ефективно, користејќи усни, пишани и невербални комуникациски вештини во различни форми и контексти;
- Да слушаат ефективно и да дешифрираат значења, вклучувајќи знаења, вредности, ставови и намери.
- Да ја користат комуникацијата за различни цели (да информираат, да даваат инструции, да мотивираат и да убедуваат)
- Да користат мултимедијални направи и технологија и да знаат како да ја оценуваат нивната ефикасност и сами да си даваат суд за нивното влијание.
- Да комуницираат ефективно во различни средини (вклучувајќи и повеќејазични)



Учениците мора да можат да комуницираат не само со текст или говор, туку и со повеќе мултимедијални формати. Тие мора да можат да комуницираат визуелно преку видео и слики исто ефективно како и преку говор и пишување текстуални пораки. **Зошто ова е важно?** Комуникацијата е широк термин кој вклучува повеќе нивоа на интеракција и споделување на информации. Учениците обожаваат да комуницираат користејќи технологија. Ова е многу важен дел од начинот на комуницирање. Но има нешто повеќе од самото ефективно користење на дигиталните медиуми, се работи и за личните, интерперсонални комуникации. Секогаш мораме да ги потсетуваме нашите ученици дека одговорната комуникација ја прикажува нивната најдобра претстава за тоа кои се тие како индивидуи во секој однос што го создаваат во животот. Дали тоа ќе биде зборување лице в лице, пишување на блог, пишување на пораки или создавање на визуален производ, нивните вредности и верувања се дефинирани од тоа колку добро комуницираат со другите. Ако ги охрабруваме да ги развиваат и усовршуваат сите аспекти на нивните вештини за комуникација ќе им послужи добро и во личниот и во професионалниот живот.

**Аналитичко размислување**

Учениците треба да имаат способност да размислуваат аналитички, што вклучува способност за споредување, спротивставување, вреднување, синтеза и примена без



инструкции или надгледување. **Зошто ова е важно?** Аналитичкото размислување значи дека можат да употребуваат повисок степен на Блумова Таксономија или вештини за размислување од повисок степен. Задачите кои бараат линеарно размислување сè повеќе и повеќе се бришат, па затоа е од особено значење да се водат учениците кон способноста да извршуваат аналитичко мислење. Тоа е од огромна важност за нивниот успех во животот после напуштањето на училницата. Аналитичките размислувачи ги гледаат податоците и информациите во многу различни димензии и од многу различни агли. Тие се вешти во концептуализација, организација и класификација и синтеза на знаењата. Овие вештини се од непроценлива вредност бидејќи тие им дозволуваат на учениците да се справуваат практично со проблеми од социјална, математичка и научна природа. Таа им дава сила да донесуваат ефективни и смирени одлуки во животот и односите со другите. Лесно е да се увиди зошто вештините за критичко и аналитичко мислење се важни за успехот после завршување на школувањето.

**Критичко мислење**

Вештините за критичко мислење ги вклучуваат способностите на индивидуите:

а) Ефективно да резонираат;

б) Јавно да поставуваат прашања;

в) Да анализираат и да вреднуваат алтернативни гледишта;

г) Критички да размислуваат за одлуки и процеси;

Критичкото мислење се дефинира како способност на човекот да анализира, интерпретира, вреднува, сумира и синтетизира информации. Она што на оваа до некаде традиционална вештина ѝ дава особеност во 21виот век е достапноста на напредната технологија з апристап, манипулирање, креирање, анализирање, ракување, зачувување и пренесување на информации.

**Соработка**

Учениците мораат да поседуваат способност за хомогена соработка и во физичкиот и во виртуелниот простор, со реални и виртуелни партнери глобално.



**Зошто ова е важно?** Учениците од дигиталната ера се социјални по природа. Тие пишуваат пораки, постираат, споделуваат, се допишуваат и постојано создаваат заедно во технолошките средини. Кога не можат да го прават ова во училиштето тие стануваат повлечени и одвоени од нивното учење. Врските и соработката со други е од огромно

значење не само за нивното учење, туку и за менталното и емотивното здравје. Тоа е вештина која едукаторите мораат редовно да ја вежбаат со нив. Работната сила на иднината (па дури и на сегашноста) се глобализира како резултат на интернетот. Сега е вообичаено да се комуницира на пазарот инстантно и ефективно. Бизнис партнерите на една компанија сега можат да бидат на другата страна од светот, а сепак да можат да се среќаваат и да работат заедно секој ден. Од огромна важност е способноста да се соработува и комуницира во вакви ситуации и состојби.

. Кога е во прашање соработката, учениците треба да можат да:

- Покажуваат способност да работат ефективно со различни тимови;
- Да покажуваат флексибилност и спремност да помагаат во неопходни компромиси за постигнување на заедничка цел;
- Да превземаат заедничка одговорност за соработка и да вреднуваат индивидуални придонеси кои ги има секој член од тимот.

Овие вештини за соработка можат да се научат преку различни методи (Учење засновано на проекти, учење засновано на решавање проблеми, дизајнирано учење и тн.)



**Креативност**

Учениците треба да можат да размислуваат и да работат креативнои во дигитални и недигитални средини за да развиваат уникатни и корисни решенија. **Зошто е ова важно?** Нашите дигитални ученици се во постојана состојба на стимулација и невралнен развој со употребата на технологијата. Тие се природни произведувачи и консументи на информации. Решавањето на проблеми е нешто што ним природно им доаѓа и ова може да се унапредува многу со соодветна вклученост во учењето. Ова доаѓа од проекти кои даваат резултат и со тоа награда за нивната работа и задачи кои во себе носат значење кои ги предизвикуваат да надминат имагинарни начини на работење. Прашајте ги учениците што сакаат да создаваат и ќе добиете една плејада од одговори. Тие постојано бараат начини да се изразат и да ја покажат својата уникатност. На социјалните медиуми тие ја покажуваат оваа нивна креативност и постојано добиваат моментален фид бек од врсниците. Со истава креативна моќ тие се соочуваат со интересни предизвици и смислуваат начини како да се соочат со нив со генијалност и визија. Исто како што бизнисите и индустријата мораат постојано да се адаптираат на постојаните брзи промени во овој 21ви век, така мора да се менува и образованието. Ова бара култура на иновативна информираност со податоци, истражувања и критичко и креативно мислење. Оваа група на вештини промовира креативно мислење и способност да се работи креативно со други. Креативноста често се опишува како основна вештина која може и мора да се негува. Недостатокот на внимание на развојот на вештините креативност и иновативност често се засновани на погрешната интерпретација дека креативноста е само за уметнички

настроените ученици и генијалците, дека креативноста е нешто со што или си роден или не си. Креативноста може да се негува од страна на наставниците во средини за учење кои поттикнуваат љубопитност, отвореност за нови идеи и учење по пат на грешки и неуспесиу. Вештините за креативност и иновативност можат да се развиваат како и сите други вештини, со вежбање и со време. Иако е тешко да се оценува креативноста, има повеќе инструменти кои се направени за мерење на креативноста во одредени полиња како што се решавање на проблеми и дизајн.

**Заклучни согледби**

Образовните системи мора да работат на тоа да создаваат личности кои после излегувањето од училишните клупи ќе бидат подготвени да одговараат на предизвиците на 21виот век пред кои ќе мораат да се исправат. Затоа, адресирањето на вештините на 21виот век е од круцијална важност, како за наставникот поединечно, така и за целиот образовен систем воопшто за да се постигнат целите на образованието. Образованието и наставниците мораат секогаш да држат чекор со развојот на општеството воопшто за да можат да одговорат на потребите на истото, што е и основната цел и задача на секој образовен систем. Вака поставеното образование, кое ќе одговара на потребите на општеството и ќе го следи неговиот раст и развој преку адресирање на вештините потребни за функционирање во 21виот век и нивното негување уште во училишните клупи ќе биде успешно во својата мисија за создавање на корисни граѓани во заедницата и бизнисите. Ова не е едноставна и лесна задача бидејќи бара многу работа, посветеност, следење и надградување од страна на наставниците и образовниот персонал воопшто, но резултатот е она што е важно, а тоа е напредок и развој на целокупното општество, отворање кон светот и конкурентност на глобалниот пазар на труд.

**Литература**


- AASL published *Information Power: Building Partnerships for Learning*, 1998;
- Characteristics of programs of information literacy that illustrate best practices: A guideline (2003). RESEARCH & EVALUATION D IVISION 10 Kamehameha Schools Research & Evaluation | 567 S. King Street, 4th Floor | Honolulu, HI 96813 | www.ksbe.edu/spi
- Lance, K., Rodney, R., & Hamilton-Pennell, C., 2000, Association of College and Research Libraries, 2000, Andretta, 2005;
- Pew Internet & American Life Project, “Teens and Social Media” December 19, 2007.KAMEHAMEHA SCHOOLS RESEARCH & EVALUATION D IVISION 11 Kamehameha Schools Research & Evaluation | 567 S. King Street, 4th Floor | Honolulu, HI 96813 | www.ksbe.edu/spi
- 21st Century Workforce Commission National Alliance of BusinessKAMEHAMEHA SCHOOLS RESEARCH & EVALUATION D IVISION 9 Kamehameha Schools Research & Evaluation | 567 S. King Street, 4th Floor | Honolulu, HI 96813 | www.ksbe.edu/spi


**Користени линкови:**


- https://www.weforum.org/agenda/2016/03/21st-century-skills-future-jobs-students/
- https://www.google.com/imgres?imgurl=http%3A%2F%2F1.bp.blogspot.com%2F-E9l62AeEK80%2FUzE---pIusI%2FAAAAAAAADPI%2FYucQeMMK_z4%2Fs1600%2F21st%2Bskills.jpg&imgref

url=http%3A%2F%2Fdaltonroel.blogspot.com%2F2014%2F03%2F21st-century-skills.html&docid=lmW6GbFXfN7g9M&tbnid=z3I12Y1c5z6RyM%3A&vet=10ahUKEwj098y96MjWAhUBbRQKHReADPw4ZBAzCFAoTjBO..i&w=1402&h=1116&bih=640&biw=1255&q=21st%20century%20skills&ved=0ahUKEwj098y96MjWAhUBbRQKHReADPw4ZBAzCFAoTjBO&iact=mrc&uact=8

- https://globaldigitalcitizen.org/21st-century-skills-every-student-needs
- https://www.google.com/imgres?imgurl=https%3A%2F%2Fimage.slidesharecdn.com%2Flife-130924081948-phpapp01%2F95%2Fteaching-21st-century-skills-and-knowledgefor-life-1-638.jpg%3Fcb%3D1380010937&imgrefurl=https%3A%2F%2Fwww.slideshare.net%2Fatpetrik10%2Fteaching-21st-century-skills-and-knowledgelife&docid=vMyQOuqMXKab3M&tbnid=kMlhWkkY2_xidM%3A&vet=10ahUKEwj098y96MjWAhUBbRQKHReADPw4ZBAzCCkoJzAn..i&w=638&h=479&bih=640&biw=1255&q=21st%20century%20skills&ved=0ahUKEwj098y96MjWAhUBbRQKHReADPw4ZBAzCCkoJzAn&iact=mrc&uact=8
- https://www.fractuslearning.com/2014/05/07/teaching-without-technology/
- http://www.emergingedtech.com/2013/11/21st-century-technology-skills-are-a-core-competency-for-todays-graduates/
- https://www.google.com/imgres?imgurl=https%3A%2F%2Fmedia.licdn.com%2Fmpr%2Fmpr%2Fp%2F1%2F005%2F066%2F334%2F06930b0.jpg&imgrefurl=https%3A%2F%2Fwww.linkedin.com%2Fpulse%2F20140605161616-2599811-21st-century-skills-and-volunteering&docid=kWCy8dcEZD6RqM&tbnid=spgZIvDQUykJQM%3A&vet=10ahUKEwj25Yrb58jWAhUJvhQKHWlDDE0QMwhgKDIwMg..i&w=750&h=470&bih=640&biw=1255&q=21st%20century%20skills&ved=0ahUKEwj25Yrb58jWAhUJvhQKHWlDDE0QMwhgKDIwMg&iact=mrc&uact=8
- http://psolarz.weebly.com/mr-solarz-eportfolio/teaching-and-assessing-21st-century-skills-in-the-classroom
- https://www.google.com/imgres?imgurl=https%3A%2F%2Fsites.google.com%2Fsite%2Fteachingempathy%2F_%2Frsrc%2F1472871879191%2F21st-century-skills%2Fdiagram_6_principles.jpg&imgrefurl=https%3A%2F%2Fsites.google.com%2Fsite%2Fteachingempathy%2F21st-century-skills&docid=rftrx9MPIck1-M&tbnid=TPDZaC7-ZerfjM%3A&vet=10ahUKEwj25Yrb58jWAhUJvhQKHWlDDE0QMwg0KBAwEA..i&w=340&h=340&bih=640&biw=1255&q=21st%20century%20skills&ved=0ahUKEwj25Yrb58jWAhUJvhQKHWlDDE0QMwg0KBAwEA&iact=mrc&uact=8
- https://www.google.com/imgres?imgurl=https%3A%2F%2Fstatic.wixstatic.com%2Fmedia%2Fda1d1a_059389e982574f2ea88f247858addc73.png%2Fv1%2Ffill%2Fw_385%2Ch_345%2Cal_c%2Cusm_0.66_1.00_0.01%2Fda1d1a_059389e982574f2ea88f247858addc73.png&imgrefurl=https%3A%2F%2Fwww.mrsd4ece.com%2F21st-century-skills&docid=eyVR9ycLoH-spM&tbnid=pvJfotxzQONkwM%3A&vet=10ahUKEwj25Yrb58jWAhUJvhQKHWlDDE0QMwgvKAswCw..i&w=385&h=345&bih=640&biw=1255&q=21st%20century%20skills&ved=0ahUKEwj25Yrb58jWAhUJvhQKHWlDDE0QMwgvKAswCw&iact=mrc&uact=8
- http://nrctech.weebly.com/21st-century-skills.html
- https://www.google.com/imgres?imgurl=https%3A%2F%2Fcommoncore.tcoe.org%2Fimages%2Fdefault-source%2Fdownloadables%2F21st-century-skills-logo.png%3Fsfvrsn%3D2&imgrefurl=https%3A%2F%2Fcommoncore.tcoe.org%2Fhome%

2Fdownloadables%2Fimages%2Fdefault-source%2Fdownloadables%2F21st-century-skills-logo&docid=uL5qHVC9FxKUDM&tbnid=DzpApoGA48Us2M%3A&vet=10ahUKEwj25Yrb58jWAhUJvhQKHWlDDE0QMwgyKA4wDg..i&w=1672&h=1295&bih=640&biw=1255&q=21st%20century%20skills&ved=0ahUKEwj25Yrb58jWAhUJvhQKHWlDDE0QMwgyKA4wDg&iact=mrc&uact=8

- https://elearninginfographics.com/deeper-learning-4-components-theory-action-infographic/
- https://www.envisionexperience.com/blog/13-essential-21st-century-skills-for-todays-students
- http://edglossary.org/21st-century-skills/
- https://en.wikipedia.org/wiki/21st_century_skills
- http://www.p21.org/our-work/p21-framework
- https://www.youtube.com/watch?v=4-DcjwzF9yc
- https://www.youtube.com/watch?v=P4JTW8eI6bk
- http://www.ala.org/ala/mgrps/divs/acrl/standards/informationliteracycompetency.cfm

УДК 37.035:316.723-021.463
прегледен труд

# МОЖНОСТИ НА ИНТЕРКУЛТУРАЛНОТО ВОСПИТАНИЕ

**Ирена Китанова[1] , Емилија Петрова Ѓорѓева[2]**
**[1, 2] Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип**

**Апстракт**
Интеркултуралната комуникација се однесува не само на комуникацијата помеѓу индивидуаите на различни култури и културни определувања, туку и на комуникациите помеѓу групите на различни културни определувања. Според тоа, колку повеќе учиме за другите народи на различни култури, толку повеќе откриваме за себе си, што резултира со самопочитување и толеранција на разликите помеѓу луѓето.
Тоа од нас прави многу поинтелигентен комуникатор во мултикултурните односи. Во интеркултурната комуникација учиме за другиот, но учиме и од другиот. Откриваме вредности од другата култура кои во корелација со нашата култура и култура на лично однесување наоѓаат соодветно место во изградување или подигање на нивото на нашето интеркултурно воспитание. Но, се поставува прашањето кои се можностите и границите на интеркултурното воспитание?
**Клучни зборови:** мултикултура, образование, воспитание, настава, толеранција.

# POSSIBILITIES OF INTERCULTURAL EDUCATION

**Irena Kitanova[1], Emilija Petrova Gjorgjeva[2]**
**[1, 2] Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev” Stip**

**Abstract**
Intercultural communication refers not only to communication between individuals from different cultures and cultural determinations, but also to communication between groups from different cultural determinations. Hence, the more we learn about other nations of different cultures, the more we discover about ourselves, which results in self-esteem and tolerance of differences between people.
This makes us a much more intelligent communicators in multicultural relationships. In intercultural communication we learn about the other, but we also learn from the other. We discover the values of the other culture that, in correlation with our culture and the culture of personal behavior, find a suitable place in building up or raising the level of our intercultural education. But the question arises what are the possibilities and limits of intercultural education?
**Key words:** multiculture, education, upbringing, teaching, tolerance.

Најпрво, потребата од интеркултурно воспитание треба да се бара во: филозофијата на интеркултуралноста, културниот плурализам, придонесот на секоја култура за човечката цивилизација, меѓународните документи во таа насока, внатрешно-политичките интереси, промената во разбирањето за интеграција на другите, потребата од демократизација на образованието и др.

Педагошките можности на интеркултурното воспитание треба да се бараат во идејата за интеркултурна педагогија, развивање на проблематиката во научно-образовните институции, создавање на меѓународни организации кои ќе се занимаваат со тие проблеми, воедно и можности за практично реализирање на интеркултурно воспитание, интеркултурното воспитание во рамките на училишните институции и др.

Наспроти позитивните можности, овој вид на воспитание се толкува и разбира погрешно во одредени средини во кои медиумите имаат негативен однос и др. Потребата од интеркултурно воспитание треба да се бара и во фолозофијата на интеркултуралноста чии корени се наоѓаат и во творештвото на Волтер, Лајбниц, Лок и др. Денес интеркултурализмот предлага нова вредносна рамка која одговара на интересите за мир и соработка меѓу народите. Конкретно, од социјално-политички аспект, наспроти нетолерантноста, расизмот, ксенофобијата, екскомуникацијата, дискриминацијата, етничките конфликти, во 70-те години на минатиот век се раѓа и потребата од интеркултурно воспитание.

Потребата од интеркултурно воспитание доаѓа до израз со појавата на два проблема во Европа: прашањето за малцинствата и прашањето за религиозниот плурализам. Миграцијата во Западна Европа раѓа нови демографски проблеми, пр: од доселените се раѓаат и се создаваат нови поколенија во Европа. Проблемот се продлабочува со зголемување на миграцијата Исток-Запад и на имиграциониот притисок од други континенти. Веќе од втората половина на 70-те години на минатиот век се гледа постапна промена на односот кон културите на мигрантите.

Потребата од интеркултурно воспитание и образование треба да се бара и во реалниот факт дека разликите во општеството никогаш нема да исчезнат. Нејзиното присуството го бара вистинската демократија. Интеркултурното воспитание е специфичен воспитен процес, поимот претполага наше вклучување во признавањето и почитувањето на различноста во културите. Разноликоста е вредност, таа се восприема лесно, ако се определат општите цели и детето ја открива другоста како врска со другиот рамен на него. Затоа, интеркултурното воспитание предлага процеси на откривање на заемни врски и на совладување на бариерите.

Идејата за интеркултурна педагогија или педагогија на заедништвото се јавува уште во 70-те години на минатиот век. Интеркултурната педагогија е нераскинливо поврзана со плури-мултикултурната педагогија. Таа кореспондира и со транскултурната педагогија. Интеркултурната педагогија ги открива разликите во начинот на живеење, јазик, мислење, религија, храна, облекување, празниците и формирање кај учениците сознанија за таа разлика, како и укажување дека треба да живееме прифаќајќи ги тие разлики.

Според брошурата на Швајцарскиот институт за општествено образование (1989) воспитната мисија на училиштето денес е да се интерпретира како подготовка на децата за живот во едно комплексно и мултикултурно општество. Училиштето треба да стимулира отвореност кон другите, толерантност кон имигрантите, заштита на правата на човекот и др. Само по тој пат училиштето ќе ги воспитува децата за плуралистичко и отворено општество. Сериозноста на улогата на училиштето се истакнува особено во прогнозите според кои од 2001 до 2010 г. повеќе од 70 % од одделенијата во САД и Европа веќе биле

составени од деца со различни етноси и раси и со тоа сите училишта станаа многујазични и мултикултурни.

Треба да се има предвид дека некој материјал не е интеркултурен сам по себе, зашто се зависи од учителот и начинот на негова имплементација за мотивација на учениците за интеркултурална комуникација. Според ова, интеркултурната педагогија или педагогијата назаедништвото е еден од најрелевантните процеси за обединување на духот од различни средини, култура и националности. Основна и темелна вредност за градење заедништво е љубовта како израз на битието способно да гради нови односи со замена на „културата на поседување“ со „култура на давање“. Љубовта треба да создава нови институции кои ќе бидат способни да создадат услови за реализација на големи цели и задачи.

Средството за таква комуникација мора да биде дијалогот кој ќе се одликува со благост, доверба и педагошко внимание. Дијалогот треба да биде плуралистички, мултинационален, мултиетнички, мултирелигиозен, мултикултурен. Таквиот дијалог е пракса која бара потполно поистоветување со други за да се разбереме.

Следствено, кога помеѓу нас ќе доживееме и оствариме вистинска заемност, што значи да се љуби и оној кој не ни возвраќа љубов, поточно да даваме љубов која ќе знае да прости тогаш создаваме своевиден етички кодекс кој може да го преобрази целото општество. Тоа упатува на потребата од создавање мали групи воспитувачи во детските градинки, училиштата и факултетите каде можат да се разменуваат искуства, педагошки проекти и сл. Сосема е јасно што е она што сакаме училиштето да им го дава на децата: да бидат добри граѓани, добри луѓе, да го сознаат и прифатат светот со разбирање, да се спознаат себеси и да ја развијат својата чувствителност. Со помош на чувствителноста ние ја бараме т.е. трагаме по смислата на нештата. Чувствителноста треба да биде на релација со луѓето, природата, кон светот на знаењето и конечно, чувствителност кон верата, кон нашиот Бог и Бог на луѓето со кои се поврзуваме на еден или на друг начин, како и безусловно почитување и приклонување пред моралните и Божјите принципи и барање на нивното место во својот сопствен живот. Интеркултуралното воспитание и образование во суштина значи дека различните народи се разликуваат, но работат заедно. Сепак, ако потребата од интеркултурно воспитание доаѓа до израз со појавата на два проблема во Европа: прашањето за малцинството и прашањето за религиозниот плурализам, тоа значи дека се поставува прашањето за мултикултурализмот во државата, во општеството, во образованието.

Во Македонија во периодот од 2007 година започнаа имплементирањата на неколку проекти кои беа поврзани со проблемот на интеркултурното воспитание, односно со мултикултурализмот. Ваквите проекти опфатија основни и средни училишта од неколку градови во кои живеат претежно албанско и македонско население за кое теренското истражување покажало конфликтни ситуации во училиштата. Ваквите проекти се сè уште активни и нивните резултати се видливи во некои области, а во некои сè уште се работи на нивно решавање. Интеркултурото образование се стреми да изгради заемен респект и толерантност преку запознавање на другите култури. Во Канадскиот парламент на пример во 1988 г. се гарантира респектот кон другиот, индивидуалната култура, културата на групата, културата на етносот, културата на другите народи.

Интеркултурализмот е истовремено факт и закон во канадското општество и националност. Ете зошто секоја индивидуа, секоја група, секое општество треба да се стеми кон градење на односи со сите култури, со сите општества, со секоја индивидуа ако сакаме интегрирање и создавање на подобар дом за живеење и битисување во светскиот дом на човештвото.

## Литература


- Валчев Р. Чувствителноста и иднината на образованието. *Културен живот*, Скопје, 2003, бр. 4.
- Gasparini, L. A. Humanisticki pristup i zajednistvo u odgoja, *Zbornik radova*, Krizevci, 2005
- Јорданова Р. Интеркултурно образование, ИПКУ „д-р Петар Берон“, Варна, 1996.
- Мултикултурализмот и меѓуетничките односи во образованието, (статија) УНИЦЕФ, Скопје, 2009.

УДК 069:[37.016:94
прегледен труд

# МУЗЕИТЕ И НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА

**Оливер Цацков[1]**
**[1]Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип**

**Апстракт:**
Наставата по историја е заснована врз изучување на историските остатоци која таа систематски ги открива, класифицира и истражува врз основа на нив и ги утврдува основните факти од кои произлегуват историските настани, појави и процеси. Музејот е совршено место за промовирање и поддржување на свест за природното, историското, археолошкото, културното и уметничко наследство.
**Клучни зборови:** музеј, историја, настава.

# MUSEUMS AND TEACHING HISTORY

**Oliver Cackov[1]**
**[1]Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delcev", Stip**

**Abstract:** History teaching is based on the study of historical remains that it systematically reveals, classifies and explores and, based on them, determines the basic facts from which the historical events, phenomena and processes arise. The museum is the perfect place for promoting and supporting the awareness of the natural, historical, archaeological, cultural and artistic heritage.
**Key words:** history, museum, teaching.

Наставата преставува најорганизиран систем на образованието и воспитанието. Затоа е потребно да се утврдат и спознаат сите нејзини вредности и структура како и содржини на работа. Таа има свој цели и задачи, период на траење, ефекти и постигнување на резултати. Натавата по историја е заснована врз изучување на историските остатоци која таа систематски ги открива, класифицира и истражува врз основа на нив и ги утврдува основните факти од кои произлегуват историските настани, појави и процеси. Овие случувања во суштина се однесуваат на активностите што треба да ги изведе наставникот со учениците во наставата по Историја. Потоа нивното поврзување со целите и задачите на овој наставен предмет. Наставата по Историја може да се изведува како во училиштето така и надвор до него. Еден таков објект кој има особено значење во наставата по Историја е и музејот. Музеите како установа сè уште немаат доволно примена во наставата по Историја. Во поново време современата методика и дидактика во наставата по Историја е насочена во правец на применување на нови методи, иновации, форми, наставни средства по предметот историја.

Реализацијата на историските содржини во музејот би добиле многу повпечатлива и посугестивна слика од богатото историско минато не само од на нашиот народ, туку и од другите народи.

Музеите ја преставуват меморијата на институцијата. Тие се одговорни за собирање и складирање на уникатни материјали за проучување и презентирање, па општо кажано за доборото за сегашните и идните генерации. Основните принципи од кои може да се отиде во историскиот музеј е принципот на историската вистина. Тргнувајќи од тоа, при посетата на музејот кај учениците треба не само да ги поттикнат сентимаенталните чувства, туку треба и да ги разбере општествените движења. Понатаму да го гледа животот на луѓето во рамките на општите историски случувања.

Имајќи го предвид сето ова потребно е да се воспостави тесна соработка помеѓу училиштата и музиите. За да се реализира сето ова неминовно е потребно наставникот по Историја однапред да има подготвено елаборат и програма за начинот на користењето на соработката помеѓу овие две институции.

Учениците покажуваат желба да се запознаат со непознатото, со она што е вредно и старо. Преку музејските експонати и останатите музејски материјали, археолошкиот, историскиот и етнографскиот, учениците непосредно се запознават со историските настани кои емотивно ги доживуваат и ќе го понесат како трајна слика во нивната свест. Наставникот по историја при обработка на годишниот план, треба да предвиде теми и методски единици кои планира да ги обработи во музејот, додека од друга страна вработените од музеите треба да ги вгради темите што ги предлага училиштата. Ваквата поставеност за соработка се сигурна гаранција за успешни резултати, успешна презентација и квалитетна наставата во просториите на музејот. Разбирливо е дека изложбите на секој музеј, па и историскиот се условени од разположливиот фонд на експонати. Меѓутоа во самото прикажување на едни одредени епохи, историските музеи доколку сакаат да ги исполнат своите воспитно-образовни задачи, мора да ги подреди експонатите колку и да се вредни и оргинални предметите, треба да ги покажат сите случувања, општествени односи и појавите на еден одреден период. Токму „поради ова посетата на музеите и обработката на наставната содржина во нив треба да ја практикува секој наставник по Историја во својата програма. Исто така користењето на музеите во функцијата на наставата по Историја овозможува примена на различни наставни облици како: фронтален, индивидуализирана, групна со учениците и слично“.[4]

Во музеите учениците обезбедуваат знаења, вештини, и неопходни за активно учество, креирање можност за дијалог, дискусии, решавање на конфликти, комуникација и интеракција, стимулирање на свест за одоговрност, норми на однесување етички и естетски вредности. На учениците треба да им се овозможи преку непосредно набљудување да се здобијат со основни сознанија од блиското и далечното минато на својот потесен ( локален) и поширок во Македонија. Музејот како објект не е само место за изведување настава, туку и составен дел на наставните содржини. Тој исто така е извор на знаења и предмет на изучување. Меѓутоа, многу е важно како наставникот ќе ги насочи учениците самостојно да ги организираат поставените задачи и цели.Тоа за ученикот значи работа со однапред определна цел и содржина за самообразование и начин како да се пронајде она што е важно за да се создаде навика за работа, за учење и истражување. Според Милутин Перовиќ посетите во музејот може да бидат поединечни, групни и одделенски. Иако само одделенските посети ги води наставникот тој мора да ги инспирира

[4] Наумовски,С. (1991) Методски прирачник за наставата по Историја, Просветно дело, Скопје.

и контролира поединечните и групни посети. Ако посетата наставникот ја договори со управата или кустосот на музејот тие можат многу да допринесат за темелно совладување на материјалот по Историја и проширување на општата култура кај учениците“[5].

Наставникот по историја одредува што и како ќе се учи во просториите на музејот. Објаснувањето на материјалот треба да биде јасен за да може да се поврзе со претходните знаења и кои задачи и цели треба да се извршат. Тој подготвува прашања и одговори, целосно ја контролира работата во музејските одделенија, археолошкото, историското или етнографското. Што ќе научат учениците од предавањето на наставникот зависи од методот на предавање, кој треба да одговори на поставените стандарди. Наставникот треба да му овозможи на ученикот слободно да се изразува, да заклучува и да ги актуелизира настаните, да донесува свој став и со аргументи да допринесува за создавање на точно вреднување за тоа што се учи и што треба да се знае. Во музејот учениците треба да се мотивираат и да остварат што поголеми интелектуални, работни и мобилни активности. Од нив се бара да одговорат на прашањата, да откријат, да се запознаат и што се случувало во тој период од минатото. За да ја разберат вистинската суштина, тие треба да комуницираат, соработуват, демонстрираат, за потоа успешно да презентираат.

Во музејот наставникот по Историја треба да го користи и програмираното учење.Тоа произлегува од потребата прецизно да се реализира она што ќе се учи, да се фиксираат активностите, кои ќе овозможат успех, ќе обезбедат услови и средства да создадат и психолошка клима, за стекнување на знаења, контрола и развој на ученичките способности. Преку ова учење ученикот има можност да учи она што го интересира спрема своите индивидуални способности како и услови за повратна врска во која успехот е загарантиран. Вградувајќи одредени проблемски активности наставникот по историја го реорганизира и модифицира класичниот наставен час.

Во овој објект процесот на учење е и демонстрирањето на одредени експонати. Со ова наставата станува попродуктива, а наставникот и ученикот добиваат нови посовремени, научни-методски улоги.

Во музејот учениците ќе се запознаат со многубројни фотографии, слики од војни, борци, народни херои. Македонската борба познава многумина кои, со својата чесност и искрена љубов кон својот народ ќе ги остават своите животи за татковината. Ваквите имиња и личности ќе предизвикаат восхит и љубов и чувство на патриотизам кај учениците кои никогаш нема да ги заборават бидејќи тие ќе бидат вградени во нивниот живот како нешто вредно во нашата сегашност и иднина.

Музејот во Штип ќе започне еден пристапен, популарен начин да ги доближи младите како дел од нивното живеење, реалност и извор на задоволство и сознание. Сето ова ќе биде преточен во проектот „Едукативна функција на Заводот и музеј Штип“ во кој биле вклучени како вработени во Музејот така и повеќе наставници од основните училишта во градот. Проектот имал за цел „нашата институција покрај другите дејности да стане еден вид специфична форма на училница во која учениците ќе стекнат нови сознанија за националното-културно наследство, здобивање културолошки навики, чувство и грижа за зачувување на културното наследство и почит кон истото“.[6] Проектот содржи активности од видот на теренска настава со учениците, приказ на работа од

[5] Перович, М. (1995) Методика наставе историје.ЗУН, Београд.

[6] Петкова,К. ,Панзов, Н. (1998) Едукативна функција на Заводот и музеј Штип. ЗЗСК и Музеј Штип, Штип.

конзерваторската лаболаторија, едукативни предавања од археологијата, етнологијата и историјата.

Училиштето треба да овозможи такви услови за работа во музејот што ќе ги доведат учениците самостојно да согледуват, да истражуваат, испитуваат, да мислат, да решаваат проблемски задачи што ги наметнува наставата по Историја. Училиштето и наставата мора да го помагат и да овозможат развиток на творештво кај учениците.
Посетата и работата во музејот се гледа како дел од едукацијата. За музејот е важно да се има професионален пристап кон училишниот систем. Образовните програми треба да се креираат во согласност со училишните планови. Паралелките треба, редовно да се повикуваат за редовна соработка со институцаијата музеј. Несомнено е лицето што има позитивно искуство од детството со музејот, повторно ќе го посети како возрасен, исто така, преку ученичките информации за музејските настани можат да се пренесат и до родителите.

Наставникот по Историја во музејот применува повеќе начини на работа. Една од тие е индивидуализираната форма на работа. Оваа форма му помага на наставникот да ја стимулира работата на поединците, самостојно следење и да го одвои важното од споредното. Сите ученици активно соработуват и комуницираат меѓусебе додека се извршуваат задачите. Метода која често се употребува е и методот на демонстрирање. Наставникот на учениците и го приближува историското минато, интересот за историското минато, за историските настани, доживување и создавање на сопствено мислење.

Методски се слични одделенските посети на музеите при изведување на екскурзии. Разликата се состои во тоа што ваквите екскурзии се изведуват најчесто на почетокот или на крај на годината. Тие не се директно поврзани со една одредена тема или наставна содржина. Но и овој вид на посета има најчесто карактер на продлабочување и проширување на историските знаења и општата култура на ученикот. Наставникот по Историја при предавањето на наставните содржини или при утврдувањето, повторувањето и систематизирањето на материјалот, треба често да се повикува и на оние содржини поминати кои се видени или поминати во музејот.

Музејот раполага со многу содржини голем број на поединечни предмети, примероци, уметнички дела, документи, фотографии и артефакти. Сите овие го претставуваат природното и културното наследство. Тие имаат важна должност да ја развијат нивната образовна улога и да привлечат поширока публика од целокупната јавност на која е ставена на располагање. Промовирањето на нивното културно и историско наследство преставува интегрален дел од образовната улога на музејот. Тие прават напори да понудат нови содржини кои ќе бидат актуелни и во современи услови. Во наставната програма на студентите по Историја, идните наставници, се предвидени активности и наставни содржини кои можат да се обработат и реализираат во самата институција музеј. Овде можат да се изведат не само теоретски, туку и практични активности. Со вклучувањето на студентите во музејските активности тие стекнуваат од една страна стручна и научна работа, а од друга добиваат просветна и педагошка улога. Во музејот тие можат да организираат разни проекти бидејќи истите така се поставени да можат да ги опфатат идеите за музеите и да се соочат со дидактички цели. Музејскиот комплекс има потенцијал да ги вклучат студентите во директни искуства со практичната и со критичко мислење за музеите бидејќи тој преставува голем собирач на минатото сегашноста и иднината. Музејот дава можност, за организирање на едукативни

работилници со најразлични теми, а најмногу од оние кои се застапени во наставната програма по Историја. Актуелни ќе бидат теренските работи на археолошките локалитети, историските збирки, работа во етнолошкото одделение во историја на уметноста, видео снимки и друго. Преку овие активности ќе го чуваме, актуелизираме нашето национално, историско и културно наследство. Подобро да ја запознаеме својата историја како нација и како дел од светското културно наследство. Преку овие реализирани активности во институцијата музеј стдентите имаат можност да ја развијат својата интелектуална мисла, развивање на соодветни инструменти за собирање податоци, за истражување, избирање на соодветни методи, форми и наставни средства. Студентите ќе се сретнат и ќе доживеат нови естетски сфаќања, мисловни и сетилни доживувања, реакции и презентирање, зад кои се вткаени искуствата од минатото и сегашноста. Во оваа институција студентите ќе се сретнат со многубројни историски извори кој бараат внимателен пристап при нивниот избор. Потребно е солидно познавање на методологијата на критиката на изборите, на анализата и нивното користење. Историчарот „треба да утврди и селектира што е соодветно и вредно. Од податоците што им ги даваат изворите и врз основа на тие докази да ги утврдат историските факти, односно да се објективни и научно издржани. Интерпалацијата на историските настани, процеси, појави и личности што ги истражува“.[7] Студентите исто така се запознаваат со методологијата како се средува документацијата на предмети преку која се овозможува полесно откривање на потеклото, идентификацијата и состојбата на секој предмет.

Фотографиите заземаат специјално место во музеите и музејската архива. Тие се разликуват по темата и форматот. Корисни се за секој и нивната употреба се менува со текот на времето. Фотографиите се музејски податоци и се поврзани со материјали од било кое време. Бидејќи фотографиите се важно средство од многу аспекти на музејската работа и имаат значајна улога за сите кои имаат потреба од нив.

Посетата на изложбите што ги организира музејот треба да бидат дел од потребата за само образование и една од основните задачи од наставниот процес како дел од општото образование. Во музејот и понатаму доминира усната историја. Таа може да биде дефинирана како процес на извршување и документирање на интервјуа со цел собирање на информации од историско значење. Усната историја има многу апликации во контекст на музејот. Музејските проекти се базирани на усната историја и се значајни во документирањето и интерпретацијата на историските теми и субјекти кои се од интерес. Преку овие активности студентите ќе бидат доведени во состојба самостојно да согледуваат, мислат и да решаваат проблемски задачи, што ги наметнува наставата по Историја. Давањето на услуги е дел од самата суштина на музејот. Уникатноста на збирките и нивното место во разбирањето, истражувањето и толкувањето на минатото треба јавно да се обелодени за да се добие признавањето на нивната важност.

Музејот е совршено место за промовирање и поддржување на свест за природното, историското, археолошкото, културното и уметничко наследство. За време на археолошката, теренската работа, студентите можат да собират и категоризираат примероци, со цел учесникот активно да стане дел од процесот на учењето, со кој тој ќе се стекне со животни знаења. Студентите по Историја треба исто така да организраат средби и разговори со кустосите, конзерваторите, познавачи на музеите и директорот. Со ваквата теорија и практика со професионалицте тие им се доближуват на студентите. Новата

[7] Петреска, Д., Ачкоска,В. ( 2007) Осознавање на историјата.Скопје:Универзитет „Св. Кирил и Метродиј“- Филозофски Факултет.

„генерација на музејските професионалци се обидува да го преобрази музејот да го донесат во 21 век како место кое би можело да се натпреварува со другите собиралишта во слободното време место кое, повеќе ќе овозможува прославување, отколку само разгледување“.[8] За да можат корисниците на музејот да ги искористат сите можности за учење и задоволство кои се на располагање тие треба да се чувствуват добредојдени. За да се постигне сето тоа вработените во музејот треба да планираат и овозможат простор за посети, разбирање и уживање во збирките. По завршувањето на посетата на музејот се врши утврдување и систематизирање на впечатоците, емоциите доживеани од убавите моменти кои ќе остават трајни сеќавања поминати во институцијата музеј.
Музеологијата во Македонија како дел од нејзината културна историја има долга и значајна традиција.

**Литература**


- Вит, Д.(2009). *Музејски архиви* (2009) Скопје:Поинтер.
- Марстајн, Џ. (2009) *Нова музејска теорија и пракса*.Скопје: Нетпрес.
- Музеј Штип (2000*) Културно-историски водич*. Штип: 2-август Штип.
- Практичен прирачник ,*Управување со музеј* (2009).Скопје:Три.
- Петкова, К., Панзов, Н. (1998) *Едукативна функција на заводот и Музеј Штип*. ЗЗСК и Музеј Штип, Штип.
- Перович, М. (1995) *Методика наставе историје.* Београд: ЗУН
- Наумовски,С. (1991) *Методски прирачник за наставата по историја*. Скопје: Просветно дело.
- Петреска, Д., Ачкоска, В. (2007). *Осознавање на историјата*.Скопје:Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Филозофски факултет.


[8] Марстајн, Џ. (2009) Нова музејска теорија и пракса.Скопје: Нетпрес.

УДК37.091.12.011.3-051:005.963]:811.111
прегледен труд

# ПРЕДИЗВИКОТ НА НАСТАВНИКОТ ПО АНГЛИСКИ ЗА СПЕЦИФИЧНИ ПОТРЕБИ

**Маријана Кротева[1]**
**[1]Универзитет „Гоце Делчев“ Штип**

**Апстракт**
Современите општествени трендови денес ја наметнуваат потребата од модернизација на образованието во контекст на продуктивна и ефективна практична имплементација во секојдневието. Наставата по англиски јазик, е исто така предмет на промени, особено во повисоките степени на образование. Впрочем, она што некогаш беше регуларен курикулум и се однесуваше на генерален англиски јазик, сега се насочува согласно конкретните потреби на целната група. Англиски за специфични потреби како дисциплина се појавува во 1970-те години, сепак до израз доаѓа во 2000-те со рапидниот развој на технологијата. Воведувањето на англиски за специфични потреби кај нас е отежнат процес заради недостигот на литература и недоволната информираност, што само по себе претставува предизвик кај наставникот по англиски јазик во методолошки контекст.
**Клучни зборови:** настава, предизвици, извори, професионални лингвистички компетенции.

# THE CHALLENGES OF THE TEACHER OF ENGLISH LANGUAGE FOR SPECIFIC PURPOSES

**Marijana Kroteva[1]**
**[1]University “Goce Delcev“  Stip**

**Abstract**
The contemporary trends imply the need of modernization in education in a context of productive, effective and practical implementation of knowledge in everyday life. The teaching of English language is also a subject of changes, particularly at the higher levels of education. In fact, what was once a regular curriculum and referred to the English language in general is now directed towards specific needs of the target group. English for specific purposes emerges during the 1970s yet it blooms in the 2000s due to the rapid technology development. The introduction of English for specific purposes in our schools is a very difficult process due to the lack of literature, the insufficient background which presents a challenge for the teacher of English language in a methodological context.
**Key words**: teaching, challenges, resources, professional linguistic competences

## Вовед

Ефективната комуникација е суштината на нашето општествено постоење. Тоа може да доведе до многу успешно завршени акции и односи, но исто така може да биде причина за многу недоразбирања, неодобрувања и немири. Успешната комуникација на меѓународно ниво, по некое непишано правило, се потпира на соодветно и доволно познавање на англискиот јазик. Затоа учењето странски јазик, особено англискиот јазик, и флуентноста

во говорот се исклучително важни приоритети за гарантиран успех за секој професионалец. Наставниците од англискиот како странски јазик (ЕФЛ) отсекогаш се стремеле да најдат ефикасни начини на учење на странски јазик. Како резултат на потрагата по најдобрите и најефикасните наставни методи, се појавија значителен број под-методологии во наставата на странски јазик.
Потребата за добро познавање на англискиот јазик за секоја професија и во секој сегмент од животот е едноставно неспорна. Затоа методолозите предвидоа потреба од воведување на англиски јазик за специфични цели, со цел целиот процес на учење да стане поефективен и повеќе корисен за крајниот корисник - ученикот. Ова произлегува од фактот дека сметководителот и докторот имаат различни перспективи и потреби во изучувањето на јазикот, за што им се потребни различни методолошки пристапи. Факт е дека напредокот на англискиот јазик за специфични цели (ESP) варира во различни образовни системи поради недостаток на ресурси и доволно образование.

**Аспект на англиски јазик за специфични цели**

Враќајќи се во историјата, првиот објавен документ на англиски јазик за специфични цели датира од 1576 година, кој се состои од фрази од областа на туризмот. Ова покажува дека важноста на спроведувањето на англискиот јазик за специфични цели за туризам датира со векови. Како и да е, ESP се оживува по Втората светска војна, а до крајот на 1980-тите некои универзитети во Англија воведоа програми за постдипломски студии по ESP.
ESP е всушност под-делот на генералниот англиски јазик кој се фокусира на реалните резултати од ESP-курс (Dudley-Evans & St. John, 1998; Hutchinson and Waters, 1987). Во принцип, таа се однесува на одредена група студенти што учат англиски за специфични полиња на професионална кариера. Разликата помеѓу општиот англиски јазик и англискиот јазик за конкретни цели е во тоа што вториот се фокусира на специфични теми и вештини кои им се потребни на учениците од ESP во одредена предметна област. Во наставната програма по општ англиски јазик се разгледуваат само потребите за општ англиски јазик, но во рамките на наставната програма ESP акцент се става на општите и на специфичните потреби. Така, на пример, програмата за ESP во туризмот, особено, треба да се фокусира повеќе на специфичната терминологија и облици на комуникација.
Како и да е, овој подддел од генералниот англиски јазик е наменет да им помогне на оние кои веќе се течни говорителу, како и имигрантите, со цел да се справат правилно и соодветно на нивното работно место и да го користат англискиот јазик во нивната инженерска, научна и медицинска кариера. Иако ESP е генерално дизајниран за средно и напредно учење, исто така може да го научат и почетници, но со внимателно внимание на анализата на потребите и соодветен избор на наставни материјали.
Бидејќи разновидноста на дискурсот може да биде збунувачка за креаторите на ESP курсот, треба да се стави посебен аспект врз анализата на потребите за да може да придонесе кон голем број на потреби, намери и дискурси за да може ESP правилно да се прилагоди, и да биде ориентиран кон целта. ESP никогаш не се предава во однос на предодредена методологија, туку преку одредена наставна техника која главно се фокусира на комуникациските вештини за да се усвои во некои контексти за учење и учење. За време на учењето на вториот јазик се претпоставува дека сите ученици имаат различни учења стратегии, потреби и мотивации. Затоа, анализите на дискурсот треба да определуваат одредени граматички и лексички карактеристики за секој ученик, така што материјалите на ESP ќе бидат релевантни за автентичната работна средина на ученикот. За

да се постигне ова, анализите за потребите се од особена важност, бидејќи преку неа се обезбедуваат потребите на ученикот за одредена област. Важно е да се обезбедат информации поврзани со лингвистиката и дискурсот. Може да се заклучи дека суштинската карактеристика во дизајнирањето на ESP курс е ефективната анализа на потребите за комуникација и аспирациите на ученикот за кој се учи јазикот; затоа наставата по ESP треба да биде силно насочена кон учениците.

**Предизвици на ESP наставниците**

Наставниците се клучни фигури во пренесувањето и надградбата на човечкото искуство и знаење. Со оглед на многу високиот техничко-технолошки развој и глобализацијата, наставничката професија станува уште покомплицирана. Повеќе не е поврзана само со способноста за подучување, туку се гледа и преку активното учество во развојот на образованието. Професионалниот наставен ангажман се однесува на планирање, организирање, водење, менторирање, оценување, анализирање, собирање и обработка на податоците - сите овие работни активности подразбираат воспоставување на интеракција во рамките на основната институција, но и со надворешни слични субјекти за ефективна примена, дисеминација и обработка на информации, како и аналитичко-истражувачки активности кои се директно поврзани со реализацијата на образовните функции.

Како последица на ова, во однос на наставата и наставниците по англиски јазик, се појавија разни под-области на наставата по англиски јазик за специфични цели на полето на општото изучување на англискиот јазик. Методологијата за креирање на специфични наставни програми се однесува на социолингвистичките и психолингвистичките перспективи на учениците кои го опфаќаат прашањето за секојдневната неформална комуникација фокусирана кон анализата на дискурсот од општествен аспект и влијанието на социјалните и културните фактори врз разбирањето и толкување на пораката меѓу луѓето од различно потекло. Еден многу корисен модел за подготовка за разбирање на странската култура и подготовка за живот во мултикултурна средина е направен од Quing (2007), кој работеше на наставниот модул за влијанијата на културните фактори врз комуникацијата и разбирањето. Во таа смисла, тој вели дека клучните односи меѓу културата и комуникацијата, културните димензии и бариери, како и некои основни вештини за меѓукултурна комуникација, како што е свесноста, се основни во проучувањето на меѓучовечкото разбирање. Неговиот наставен модул се состои од часови со времетраење од по 50 минути, што треба да придонесе за ефикасноста во разбирањето на пораката. Темелно, учениците се запознаваат со моќта на меѓучовечките односи, човечката комуникација, концептот на "глобалното село", но и со концептот на хегемонија или во моментот кога медиумите влијаат врз мислењето на луѓето и начинот на размислување. Ова е многу важен сегмент кој треба да се земе во предвид кога се прилагодува наставната програма според потребите на специфичната целна група.

Понатаму, за солидна наставна програма треба да се разработи емпириско истражување на профилот на работникот од 21-от век во конкретната област. На крајот, студиските програми на ЕСП треба да ја нагласат важноста на воведувањето јазични курсеви и добро приспособена наставна програма со цел да придонесат за ефикасно формално и неформално користење на ЕФЛ.

**Заклучок**

Познавањето на англискиот јазик е еден од првите приоритети во градењето на соодветен кадар за промоција, работа и одржување на одредена област. Воведувањето на англискиот јазик за специфични цели на факултетите е неопходно во креирањето на наставната програма. Важноста на курсот ESP е неразбирлива бидејќи ги подготвува студентите за потребните јазични вештини кои им се потребни за да се справат со јазичните барања за нивната специјализација и правилно и течно да го користат англискиот јазик во професионалното опкружување за кое се очекува да се приклучат. Курсот треба да биде повеќе ориентиран кон комуникација наместо стекнување на знаења, и постепено ги обучува студентите да ги толкуваат и да ги користат зборовите соодветно и да формулираат граматички точни изјави.

**Литература**


- Basturkmen, H. (2006): Ideas and options in English for specific purposes, Mahwah, New Jersey: Lawrence Erlbaum Associates.
- Celce-Murica, M. (2001): Teaching English as a Second or Foreign language, Thomson Learning Inc.
- Douglas, D. (2000): Assessing languages for specific purposes. Cambridge: Cambridge University Press
- Dudley-Evans, T. & St. John, M.J. (1998). Developments in English for Specific Purposes, Cambridge: Cambridge University Press.
- Hutchinson, T., & Waters, A. (1987). English for specific purposes: a learning- centered approach. Cambridge: Cambridge University Press.
- Munby, J. (1978). Communicative syllabus design: A sociolinguistic model for defining the content of purpose-specific language programmes. Cambridge: Cambridge University Press
- Richards, J. C. (2001). Curriculum Development in language Teaching. Cambridge: Cambridge University Press.
- Quing, Q. (2007): Factors That Influence Interpersonal Communication: Culture, Power and Technology, Teaching Module, Western Michigan University

УДК 37.091.12.011.3-051:005.963
прегледен труд

# ОБРАЗОВАНИЕТО, УЧИТЕЛОТ И ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ

**Данче Николовска Вратеовска[1]**
**[1]Совет на о. Штип**

**Апстракт**
Човековиот капитал или уште наречен невидлив капитал и/или недопирлив капитал се создава преку образовниот процес и преку научно истражувачката работа. Тој во себе ги инфилтрира знаењето, иновациите, информациите, дисеминацијата на идеи, креирање на нови вредности, базите на податоци, софтверските решенија, брендирањето, талентираните поединци, правата од интелектуална сопственост и имплементација на нови проекти. Човековиот капитал а со тоа и образованието како канал за негово создавање, претставува значаен ресурс во денешната современа економија и е важна детерминанта на економскиот раст и развој. Човечкиот капитал во однос на физичките и материјалните ресурси (кои со текот на времето имаат опаѓачка вредност и се амортизираат) има растечка вредност. Ова е поради фактот што знаењето (иако застарува) не се троши, т.е. едни исти знаења или пронајдоци или идеи, може повеќекратно да бидат употребувани, надоградувани и дури да прераснат во јавно добро а со тоа, долгорочно да го дефинираат и економскиот развој во земјата. Овој труд служејќи се со научните методи на историска анализа, трендовска анализа и методот на индукција и дедукција ги истражува трансмисионите канали на влијание на образованието и учителот врз економскиот раст и развој со посебна анализа на состојбата во Р. Македонија.
**Клучни зборови:** човечки капитал, знаење, образование, современа економија.

# EDUCATION, TEACHER AND ECONOMIC GROWTH AND DEVELOPMENT

**Dance Nikolovska Vrateovska[1]**
**[1] Municipal Council – Stip**

**Abstract**
The human capital or also called invisible capital and / or untouchable capital is created through the educational process and through scientific research work. It infiltrates knowledge, innovations, information, dissemination of ideas, creation of new values, databases, software solutions, branding, talented individuals, intellectual property rights and implementation of new projects. The human capital, and thus education as a channel for its creation, is an important resource in every modern economy and is an important determinant of economic growth and development. The human capital compared to physical and material resources (which over time have a declining value and are depreciated) has a growing value. This is due to the fact that knowledge (although it becomes outdated) is not consumed, i.e. the same knowledge or inventions or ideas can be used repeatedly, upgraded and even turned into a public good, and thus, in the long run, define the economic development in the country. This paper, using the scientific methods of historical analysis, trend analysis and the method of induction and deduction, explores the transmission channels of the influence of education and teachers on the economic growth and development with a special analysis of the situation in the Republic of Macedonia.
**Key words**: human capital, knowledge, education, modern economy

**Вовед**

Трошоците за создавање на човечкиот - нематеријалниот капитал се полесно мерливи во однос на бенефитите од истиот, поради неговиот индиректен начин на учество во профитабилноста на компаниите. Затоа, еден од тековните предизвици на истражувачите е изнаоѓање на методи за менаџирање со нематеријалниот капитал и мерење на неговата вредност, како дел од вкупната актива на претпријатието. Притоа, најчесто користен метод за проценка на вредноста на расположливиот нематеријален капитал во едно претпријатие е соодносот помеѓу пазарната и сметководствената вредност на фирмата. Имено, често вкупната измерена пазарна вредност на едно претпријатие е повеќекратно повисока од неговата сметководствена вредност. Вредносната разлика ја чини токму недопирливиот, невидливиот т.е. човековиот капитал. Најновите истражувања говорат дека во успешните компании, учеството на нематеријалниот и невидливиот капитал учествува со во просек од околу 80% во нивната вкупната актива (Vrateovska, Mojsoska, Dujovski and Tikveshanska, 2014).

**Образованието и учителот во функцијата на создавање на човечки капитал**

Образованието и научно истражувачката развојна дејност се основните институционални општествени канали, преку кои се генерира човечкиот капитал како основен општествен стожер на современата економијата базирана на знаење. Тие се активности преку кои се стекнуваат знаењата и иновациите на поединецот и општеството во целина и се правопропорционално поврзани со растот на продуктивноста во економијата преку создавањето на човечки капитал и поквалитетна работна сила за развивање на малите и средните бизниси, претприемништвото, услужниот сектор (како најпродуктивен) и на пропулзивните брзорастечки индустрии; и преку создавањето на научници и истражувачи како инструменти за иновации, нови технички и технолошки пронајдоци

Суштествена улога во процесот на трансфер, генерирање и акумулирање на знаење има човечкиот фактор т.е. во рамки на образовниот процес: наставниот кадар. Наставниот кадар т.е. учителите во образовните институции, почнувајќи од описменувањето на населението, па до усовршувањето во посебна област, ја имаат иницијалната, примарната и најважаната улога при креирањето на човечкиот капитал и создавањето на општество и економија базирани на знаење. Новата улога на наставникот е условена од новопоставените принципи на имплементирање на едукативниот процес: потикнување на самостојното и критичко учење, стимулирање на индивидуална и тимска работа, учење по пат на решавање на проблеми, спроведување на методите бура на идеи и групни дискусии, проектно учење и самостојно истражување, вештини за користење на повеќе извори на знаења, студиии на случај и сл. Имено, со цел успешно спроведување на образовниот процес, квалитетниот и современ наставник е потребно да ги сервисира следниве функции: да ја осознае почетната состојба на целната група која е предмет на образовниот процес; соодветно на ваквото осознавање; да ја креира наставата и воспитно-образовната програма; да подучува; информира и води; да оценува; да ги креира и регулира социјалните интеракции помеѓу наставниците; учениците и родителите и надворешното општествено опкружување; да ги стимулира интересот и мотивацијата кај учениците; кариерно да ги насочува учениците; успешно да менаџира со промените; континуирано да ја самоевалуира, истражува и унапредува сопствената работа; и да биде модел на позитивна, морално-одговорна и угледна личност за идентификација на учениците.

**Човечкиот капитал како детерминанта на економскиот раст и развој во Република Македонија**

Човечкиот капитал е исклучително важен дефинирачки фактор на стапката на продуктувност и раст на БДП во дадената економија. Економистите ширум светот консензуално ја имаат прифатено теоремата дека квалитетот (образование и квалификации), а не квантитетот (број на работоспособно население) на работната сила е развојната компонента во економијата. Постојат повеќе истражувања кои покажуваат дека статистичката корелација меѓу стапката на раст на БДП и стапката на развојот на човековиот капитал е во пропорционална зависност. Поради тоа, *демографските инвестиции*, т.е. трошоците за образование, квалификации и стекнување со вештини стануваат инвестиции во човечки капитал и се значаен фактор за пораст на продуктивноста на трудот и инпут за обезбедување на економски раст и развој во земјата. Спроведено истражување во земјава на трендовска анализа врз серија податоци (Вртаеовска, Николовска и Тиквешанска, 2014) сублимира дека во анализираниот временски период од 13 години (2000 – 2013 година) генерално постои растечки тренд на агрегатните буџетските расходи (како процент од БДП) издвоени за ресорот образование и истите се движат од 2,4% до 4,7% од БДП, а во просек изнесуваат 3,45% од БДП. Друго истражување во Р. Македноија (Боглевска и Тасевска, 2012), спроведено по методот на регресиона анализа за серија на податоци во интервалот 2003-2012 година подвлекува дека невработеноста е во инверзна врска со БДП per capita, т.е. доколку стапката на невработеност се зголеми за 1% тогаш БДП по жител ќе се намали за 85,98 американски долари. Воедно, бројни студии докажале дека постои тесна корелациона врска помеѓу нивоата на образование и можностите за вработување на пазарот на труд. Потврда за тоа е и анализата на податоците на невработени лица во Р. Македонија според образовната структура. Имено, вкупното учество на невработените лица кои се стекнале со високо образование, магистратура или со степен доктор на науки изнесува само 17,9% од вкупниот број на невработени во месец јануари, 2014 година, додека останатите високи 82,1% отпаѓаат на работна сила без образование, со основно, средно и вишо образование (Вртаеовска, Николовска и Тиквешанска, 2014). Во функција на докажување на оваа теза ќе ги подвлечеме и податоците од истражување на World Economic Forum во 2013 година, за рангираноста на квалитетот на работната сила во Р. Македонија во споредба со други 121 земја, според четирите клучни критериуми: образование (52-ро место), здравје и здравствена заштита (63-то), работна сила и вработување (115-то) и работни услови и околина (54-то место). Имено, според овој извештај, земјава се наоѓа на 65-тото место, при што најдобрите работници во светот ги имаат Швајцарија (4-то место во образование), Финска (која е прва на листата според критериумот образование), Сингапур (3-то по образование), Холандија (7-мо место според критериумот образование) и Шведска (14-то по образование).

Од сето погоре изнесено заклучуваме дека, човечкиот капитал е детерминанта со висока значајност во дефинирањето на економскиот раст и развој во земјата бидејќи невработеноста е економетриски во инверзна зависност од БДП per capita; а пак можноста за вработување и најрационално алоцирање на расположливите ресурси е високозависна од нивото на образование на работната сила. Долгорочноста од сето се огледа во тоа што знаењето не се троши, повеќекратно се употребува, се надоградува и развива и станува своевидно јавно добро во функција на економскиот развој. Токму затоа и трошоците за

образование (и на микро и на макроекономско рамниште) прераснуваат во демографски инвестиции – инвестиции во човечки капитал и во економски раст и развој.

**Заклучок**

Заради се погоре аргументираното, подвлекуваме дека надвор од автохтоните промени во образовниот систем, создавањето на општествена инфраструктура и механизми кои обезбедуваат и поттикнуваат современи образование и наставен кадар, станува основен предуслов за економски раст и развој во секоја економија. Во таа смисла, укажуваме дека професионалниот развој, односно подготовката, усовршувањето и оспособувањето на образовните кадри е од есенцијално значење за квалитетно и модерно образование кое ќе е во функција на генерирање на квалитетна работна сила и човечки капитал. За постигнување на успешен професионален развој на наставниците, потребно е истите да поседуваат инцијално образование, да се обезбедат услови за континуирано надградување на нивните знаења и создавање на професионално - стимулативни услови за долгорочно развивање на нивните компетиции, вештини и способности.

**Литература**


- Боглевска К., Тасевска К, (2012). „Анализа на факторите кои го детерминираат одржливиот развој во Р. Македонија„ *Журнал за економија CEA- Center for Economic Analyses*.
- Вратеовска Н. Д., Николовска Џ. В., Тиквешанска Н. В. (2014).„ Микро и макроекономски аспекти за влијанието на образованието врз човековиот капитал, пазарот на труд и економскиот раст и развој „*Научно-стручна конференција со меѓународен карактер: Современото воспитание и образование, состојби, предизвици и перспективи*, Совет на Општина Штип;
- Vrateovska N. D. ,Mojsoska S., Dujovski N. and Tikveshanska N.V. (2014). The needed elements for knowledge-based economy in the function of growth and development of SMEs, *International scientific conference: SMEs development and innovation: building competitive future of South-eastern Europe, Faculty of Economics - Prilep, University "St. Kliment Ohridski" – Bitola, Proceedings.*
- World Economic Forum (2013).The Human Capital Report. *Insight Report, WEF.*

УДК 37.035:316.723-021.463]:159.955.6
прегледен труд

# РАЗВОЈ НА КРИТИЧКОТО МИСЛЕЊЕ КАКО КЛУЧЕН ПРЕДИЗВИК ЗА МАКЕДОНСКОТО МУЛТИКУЛТУРНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Трајче Стојанов[1]**
**[1]Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип**

# DEVELOPMENT OF CRITICAL OPINION AS A KEY CHALLENGE FOR MACEDONIAN MULTICULTURAL EDUCATION

**Trajce Stojanov[1]**
**[1] Faculty of Educational Sciences, University "Goce Delcev", Stip**

## Вовед

Јакнењето на демократските капацитети на поединецот низ образовниот процес е клучно за мултикултурниот карактер на Балканските општества, ergo и на Македонија. Сметам дека изградбата на т.н. демократско граѓанство низ процесот на образование, всушност е цел на мултикултурното образование. Поточно, вистински демократско организирано мултикултурно образование треба да води кон јакнење на основните либерални вредности.

Во мојата скромна академска и истажувачка кариера сум се среќавал со мултикултурализмот и мултикултурното образование на различни нивоа. Како професор по Етика во образованието, Философија на образованието, Мултикултурализам и Мултикултурно образование сум ги предавал овие предмети на моите студенти на додипломски и последипломски студии во кои мултикултурализмот и мултикултурните вредности биле делумно или целосно вклучени во курикулумот. Со гордост сум волонтирал во невладини организации кои се занимаваат со помош на маргинализирани групи. Сум бил инволвиран во неколку проекти кои се занимаваат со овие проблеми. И во сето ова сум чувствувал дека нешто недостасува!? А недостасува втемеленост на мултикултурното образование и мултикултурализмот воопшто во поширокиот општествено-политички контекст. Недоставува разработен теориски пристап од либерално-демократска перспектива на мултикутурализмот и со тоа организирање на сосодветна пракса.

## Теориски основи на мултикултурализмот

Во принцип мултикултурализмот и како теорија е една прилично голема збрка. Има разни пристапи кои се обидуваат да ја осмислат и организираат мултикултурната стварност, но во суштина, мултикултурализмот како идеја се врзува за политичката философија која сака да одговори на диверзитетот во едно општество. Мултикултурализмот никне од неколку политички теории - „политики на идентитет“[9], „политики на разлики“[10]

[9] A., Gutmann, 2003, *Identity in Democracy,* Princeton: Princeton University Press
[10] M., Young, I. 1990, *Justice and the Politics of Difference,* Princeton, NJ: Princeton University Press

„политики на признавање“[11] или „групно издиференцирани права“.[12] Без да навлегуваме поединечно во секоја од овие теории, сите тие, во основа можеме да ги сведеме на два извора. Првиот доаѓа од комунитаристите и нивната критика на либерализмот. Впрочем првите најави на мултикултурализмот никнаа токму во таборот на комунтаристите кои „природно“ инклинираа кон давање предност на заедницата. Вториот извор на мултикултурализмот, всушност доаѓа од рамките на самите либерални теории и теоретичари. Најпознатиот претставник меѓу нив, Вил Кимлика, вели дека токму заради темелните вредности на либерализмот: автономијата, слободата и еднаквоста на индивидуите, треба да се испорачаат повеќе права на групите.

Но, тука почнуваат и проблемите во тој однос помеѓу демократијата и мултикултурализмот. Имено, многу бргу се раѓа прашањето дали не постои тензија помеѓу демократските вредности, негувањето на граѓанството и социјалните, културните, а особено етничките и религиозните диверзитети? Како да се помират основните вредности на демократијата со специфичните културни вредности? Од една страна, видовме, се бара почитување на групните идентитети и промовирање на културните разлики, од друга страна либерализмот налага универзални вредности за сите. Иако за Кимлика и некои други теоретичари, изгледа самоевидентно дека токму заради темелните демократски вредности треба да се испорачаат групни права, сепак проблемите во теорија, но и во пракса бргу се појавуваат. Не се исклучуваат ли граѓанската еднаквост и мултикултурниот диверзитет? Дали со тоа мултикултурализмот е сериозен предизвик за демократијата и граѓанската еднаквост? Или уште попрецизно каков мултикулурализам е потребен кој ќе води кон интеграција, наместо сегрегација, кон јакнење на граѓанската еднаквост како демократски идеал? Како може граѓанското образование да се стреми кон граѓанска еднаквост во услови на културен диверзитет? И особено, дали мултикултурализмот не ги предизвикува демократските принципи?

**Решение на мултикултурната загатка преку критичко мислење**

Мултикултурализмот е роден во демократија и може да функционира единствено во демократија. Мултикултурализмот е невозможен во пракса без јакнење на демократските капацитети и либералните вредности. Нема мултикулурализам без граѓанство. Мултикултурализмот е демократска придобивка, недемократска култура не може да роди мултикултурализам и мултикултурни практики. Мултикултурализмот е невозможен во општество со слаб демократски капацитет и неизградени либерални вредности. Затоа, ако сакаме да градиме мултикултурни вредности кои ќе водат до интеркултурна интеграција, треба да се јакне демократскиот капацитет на општеството и цивилното граѓанство. И едно мултикултурно образование мора да биде организирано токму на тој начин, токму од перспектива на овој факт. Затоа мултикултурното образование кај нас треба да биде во функција на градење на демократските капацитети и индивидуалните либерални вредности.

Затоа нам ни е потребен демократски пристап кон мултикултурното образование. Во книгата *Демократско образование*, една од најзначајните политички теоретичари за овие теми во САД (Amy Gutmann) Ејми Гутман, го исцртува општиот пристап на мултикултурното образование и неговите практични резултати во образовниот систем во

[11] C., Taylor, 1992, “The Politics of Recognition,” in *Multiculturalism: Examining the Politics of Recognition,* A. Gutmann (ed.), Princeton: Princeton University Press

[12] W., Kymlicka, 1989, *Liberalism, Community, and Culture,* Oxford: Oxford University Press

САД. Централно место во тој пристап зазема токму демократскиот идеал на граѓанска еднаквост[13]. Тоа значи дека мултикултурното образование треба да помогне во промовирање на граѓанската еднаквост: толеранција на културните разлики, нивно прифаќање и инкорпорирање на нивната улога во оформувањето на заедничкиот идентитет на општеството. Не само оваа теоретичарка, ами и многумина други се согласуваат дека мултикултурализмот во демократско општество треба да биде усогласен со демократските вредности, што во основа значи дека демократијата не може да ја толерира секоја културна практика ако таа е спротивна со демократските идеали и не води кон граѓанска еднаквост. Danielle Allen and Rob Reich во *Education, Justice, and Democracy*[14] исто така се обидува да испита како овие институции и практики можат да ја поддржат демократијата со создавање на еднакво граѓанство. Од овие мотиви Rob Reich во својата книга *Bridging Liberalism and Multiculturalism in American Education*[15] развива либерална теорија на мултикултурализам во кој водечка цел е култивирање на индивидуалната автономија на децата. Оттука, нашиот проект всушност води од Ејми Гутман, преку Роб Рајх до Harvey Siegel. Конечно, доаѓаме до Харви Сигел, како методологија за организирање на мултикултурното образование и образовната пракса воопшто. Зошто и како? Во својата *Educating Reason: Rationality, Critical Thinking, and Education*[16] тој е силен застапник на култивирање на рационалноста и критичкото мислење како врвна epistemic goal in education. На планот пак на мултикултурализмот и мултикултурното образование тоа ќе значи дека исполнувањето на демократскиот идеал на мултикултурното образование (Amy Gutmann), е можно преку автономна индивидуа (Rob Reich), со силен демократски капацитет, а образовната методологија да се постигне тоа е култивирање и развој на критичка индивидуа (Harvey Siegel).

Улогата на разумот во мултикултурно општество и вештините на рационална аргументација се круцијални за учество во демократското донесување одлуки како за различните интересни групи, така и за поединците. Конечно, на прашањето – како демократските држави се справуваат со културните разлики помеѓу своите граѓани? – Сигел одговара: „едно вообичаено решение, кое јас го прифаќам, би било да се зајакнуваат вештините и способностите на студентите, однесувањата и диспозициите потребни за целосно учество во демкратските процеси на одлучување и воопшто во демократскиот живот“[17] Значи, *ако е прифатлива теориската рамка на Ејми Гутман, тогаш патот до остварување на истата е преку силна, автономна единка за која се залага Роб Рајх, а методот за тоа е развојот на критичкото мислење за кое, меѓу другите се залага Харви Сигел!* Или поинаку: ако целта е демократскиот пристап до мултикултурното образование на Ејми Гутман, до него се стигнува со автономните единки на Роб Рајх, со методот на Харви Сигел. Ете, тоа е позицијата што се застапува во овој труд.

**Заклучок**

Оттука, предложената теза, во суштина е поврзување на политичката теорија со образовните политики, т.е. поврзување на демократските цели со мултикултурното образование во едно мултикултурно општество како што е нашето. Тоа е обид да се најде

[13] Amy, Gutmann, *Democratic Education*, Princeton University Press: Princeton, NJ, 1987

[14] Rob, Reich and Danielle Allen, ed. *Education, Justice, and Democracy*, Chicago University Press, 2013

[15] Rob, Reich, *Bridging Liberalism and Multiculturalism in American Education*, University of Chicago Press, 2002

[16] Harvey, Siegel, *Educating Reason: Rationality, Critical Thinking, and Education*. London: Routledge, 1988

[17] Harvey, Siegel, *Educating Reason: Rationality, Critical Thinking, and Education*. London: Routledge, 1988

решение на спомenатата тензија помеѓу култивирање на граѓанството од една страна, и социјалниот, културниот и етничкиот диверзитет од друга страна. Од туку што исцртаните теориски основи погоре, можеме да го мапираме и контекстуализираме мултикултурализмот и мултикултурното образование во Македонија. Споменатиот недостаток што го чувствував во сета моја досегашна пракса е токму заради овој факт дека до сега не беше прецизно утврден пристапот и специфичниот образовен контекст. Мултикултурното образование кај нас е концептуален неред заради немањето увид во фактот дека тоа нема независно значење, значење само по себе, надвор од општествениот и образовниот контекст. А нашиот контекст е следниов: *пристапот на Кимлика кон мултикултурализмот како обезбедување групно издиференцирани права е во поодмината фаза, сега ќе се движиме или кон сегрегација, или кон интеграција*. Ако сакаме кон интеграција, потребно е да го имаме предвид идеалот на теоретичарите како Ејми Гутман за демократскиот идеал и промовирањето на граѓанското добро, барањето на Роб Рајх за јакнење на индивидуалната автонимија и методот на развој на критичко мислење на Харви Сигел.

Затоа, овој труд треба да помогне - од погоре нотираната референтна рамка - да се утврдат *целите, задачите, содржините и практиките* на мултикултурното образование кај нас. Откако констатиравме дека нам ни е потребно демократско мултикултурно образование кое ќе биде во функција на јакнење на либераните вредности и демократските капацитети, многу полесно ќе можеме да ги дедуцираме содржините, задачите и практиките на мултикултурното образование. И конечно ќе тргнеме во создавање на либерален плуралистички мултикултурализам, кој ја потврдува политичката власт од заедничка гледна точка. На Македонија, со својата консенсуална демократија ѝ прилега делиберативната демократија како најодговарачки за овој политички контекст. А ако делиберативната демократија инсистира на делиберација, не на агрегација на гласовите од избори до избори, тогаш овој концепт бара силни демократски капацитети. Да се јакнат тие капацитети, значи да се јакне демократското граѓанство, а да се јакне демократското граѓанство значи да се јакнат индивидуалните потенцијали на секој поединец. Македонија може да успее единствено ако мултикултурниот концеп води до интеркултурна интеграција која ќе го јакне самото демократско граѓанство. Тоа мора да се прави преку силен акцент на критичкото мислење во образовните процеси.

**Литература**


- Gutmann, A.(2003). *Identity in Democracy,* Princeton: Princeton University Press
- Gutmann, A. (1987). *Democratic Education*, Princeton: Princeton University Press, NJ
- Kymlicka, W. (1989). *Liberalism, Community, and Culture,* Oxford: Oxford University Press
- Reich, R. and Allen, D.(2013). ed. *Education, Justice, and Democracy*, Chicago University Press
- Reich, R. (2002). *Bridging Liberalism and Multiculturalism in American Education*, University of Chicago Press
- Siegel, H. (1988). *Educating Reason: Rationality, Critical Thinking, and Education*. London: Routledge
- Taylor, C.(1992). The Politics of Recognition in *Multiculturalism: Examining the Politics of Recognition,* A. Gutmann (ed.), Princeton: Princeton University Press

- Young, I. M. (1990). *Justice and the Politics of Difference,* Princeton, NJ: Princeton University Press

УДК 37.014.091.32(480)
прегледен труд

# ФИНСКИ ЛЕКЦИИ ЗА НАШИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ

**Кирил Барбареев[1], Билјана Димковска[2]**
**[1] Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, [2] Студент на втор циклус магистерски студии на Факултет за образовни науки**

**Апстракт**
Ако имаме предвид дека последните десетина години учениците во Република Финска на меѓународните екстерни тестирања на знаења, вештини и способност за примена на наученото од одредени научни области се постојано меѓу првите места и покажуваат континуиран успех, тогаш сосема логичен и оправдан е нашиот интерес за финскиот образовен модел. Ваквите тестирања се дел од меѓународни проекти со цел градење слика за степенот на постигнувања на образовните стандарди во одредени наставни подрачја. Така, во рамки на проектот ПИСА (Programme for International Student Assessment), учениците од завршните одделенија од основното образование во Р. Финска, последната декада бележат одлични резултати од областа на читање со разбирање, како и знаења од природно-математичките области.
**Клучни зборови:** образование на наставници, Финска, ПИСА.

# FINLAND LECTURES FOR OUR EDUCATIONAL SYSTEM

**Kiril Barbareev [1], Biljana Dimkovska [2]**
**[1] Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev” Stip, [2] Student of second cycle master studies at the Faculty of Educational Sciences**

**Abstract**
If we take into consideration that the last decade students in Republic of Finland are always among the first at the international knowledge tests, skills and abilities for applying the learned material from certain scientific fields, and show continuous success, then, our interest for the Finish education model is logical and justified. Such testing are part of international projects aiming at building a picture for the level of achievements of educational standards in certain scientific fields. So, within the frames of the project PISA (Programme for International Student Assessment), students from the upper classes at primary schools in r Finland mark significant results in the last decade in the field of reading with understanding as well as knowledge from natural-mathematical fields.
**Key words:** education for teachers, Finland, PISA.

До не многу одамна образовниот систем на оваа европска земја покажуваше слабости и нивните ученици на меѓународните истражувања покажуваа просечни резултати. Тоа всушност беа причините за сериозен приод и реформирање на образованието во оваа земја и градење стратегија за негов развој. Реформите во образовниот систем на Република Финска беа темелни и беа резултат на ангажирањето и длабока анализа на истражувачи, практичари и научници, односно на сите оние кои се дел од образовната теорија и пракса и кои ја познаваат оваа материја. Целосното реформирање на системот на воспитание и образование во Република Финска е причина за успехот на

учениците во екстерните тестирања спроведени на меѓународно ниво. Современото образование во Република Финска, целосно е посветено кон остварување на интересите на детето и неговата вклученост во социјалниот живот. Денес, во основата на политичката програма во Финска се посебни развојни програми насочени кон децата и младите како непроценливи ресурси на општеството. Во таа смисла, определени се три подрачја на делување:

- општество ориентирано кон детето,
- економска стабилност на семејството,
- превенција од социјално исклучување (Damjanoviċ,R. 2010: 202).

Програмата за развој на образованието на Република Финска се потпира врз реформи во сите нивоа на образование: основно, средно, високо. Во основното образование се направени реформи кои се однесуваат на наставните планови и програми, како и методологијата на работа. За многу кратко време се покажани и првите резултати. Важно за потенцирање е развој на програмата за работа со деца со потешкотии во развојот или совладување на училишната програма. Оваа програма предвидува детектирање на потешкотии во раниот развој, односно во првите три години од основното образование и насочување на наставниците кон надминување на одредени состојби. Особено внимание се посветува во градењето на ставовите и вредносниот систем кон овие деца. Во седмо, осмо и деветто одделение, учениците кои се соочуваат со одредени потешкотии или пречки во воспитно-образовниот систем, се издвојуваат во посебни групи, мали по обем и со нив работат повеќе наставници со цел помагање во надминување на било каков вид потешкотии. На ваков начин се превенираат сите можни слаби исходи или несоодветно однесување и се овозможува секој ученик во процесот на основното образование да ги стекне минимум компетенциите потребни за заокружување на воспитно-образовниот процес.

Во финскиот образовен систем, особено внимание се посветува на осмислување и изготвување на курикулумот. Тој се обновува на секои десет години. Во општество кое учи, брзо се менуваат условите, потребите, степенот на очекувања, парадигмата на учење. На национално ниво, постои Национален совет за образование како највисоко тело. Постојат три степени на курикулумот: национален, средишен и локален (училиштен). Наставниците се обучени сами да го изготвуваат училишниот курикулум кој има важност од десет години. Придобивките се повеќекратни: активен документ кој се претвора во активности, јакнење на тимската работа, јакнење на стручноста и професионалноста, одговорноста, посветеност, добри резултати. Во изработка на средишен курикулум учествуваат наставници - практичари, истражувачи, издавачи на учебници. (Damjanoviċ,R. 2010: 208)

Учениците во образовниот систем на Република Финска имаат најмалку „употребени"часови за учење и совладување на наставните содржини споредено со другите европски земји. Овие наставни часови во најголем дел се во период на редовната настава како и часови за дополнителна или додатна настава. Неформалното образование е незначително застапен. За споредба - кај нас и во другите балкански земји, децата една смена посетуваат редовна настава, друга смена посетуваат приватно (неформално) образование, а навечер пишуваат домашни задачи. (Damjanoviċ, R. 2010: 215)

Во образовниот систем на Република Финска за време на училишните часови предвидени со редовна настава, се совладуваат наставните содржини, а дома, во најголем дел, учениците се ослободени од активности кои се однесуваат на училишниот процес. Во

процесот на настава во училиштата, методите ги определуваат содржините. Тоа подразбира нагласување на процесот на подучување. Тоа значи дека акцент се става на суштината, односно начинот на кој се доаѓа до резултатот. Истражувачките проекти се дел од секојдневната пракса и наставникот кој за време на студиите стекнал компетенции за реализирање на истражувачки проекти, го пренесува искуството на децата и тие низ процесот на настава ја учат и вежбаат таа вештина на осмислување и реализирање на проектни задачи.

Пред целосните реформи во образовниот систем, мал број ученици достигнувале високо ниво на постигања. Наместо очекувањето мал број ученици да постигнат одличен успех, се приоѓа кон помали очекувања на голем број ученици. Постепено, очекувањата се зголемуваат кај просечниот ученик.

На меѓународните тестирања во рамки на ПИСА проектот, според резултатите од истражувањата, учениците на Република Финска последната деценија се меѓу најдобрите. Важно за напомена е дека на овие тестирања не се врши проверка на знаењата како запомнети факти и нивно репродуцирање, туку решавање на проблем ситуации. Тоа говори дека нагласок во процесот на учење се става на начините на кои се доаѓа до решение. Децата од најрана возраст се учат на вештините и оспособување за барање решенија, наместо да им се понудат готови одговори. Четири клучни фактори се причини за ПИСА успесите: образовниот систем, учениците со своето опкружување, наставниците и нивното образование.

Основните столбови врз кои се потпира образовниот систем на оваа земја се:
- долгорочно планирање,
- визија за општество засновано на знаење,
- достапност и еднаквост во образованието,
- делегирање на моќ на одлучување на локално ниво,
- култура на доверба (нема инспекција, има постоење советодавни тела).

Во услови на општествена економска и социјална стабилност, организиран образовен систем, резултатите се очекувано повеќе од добри.

Наставничките компетенции со кои се стекнуваат студентите, идни наставници, во Р. Финска се должат во најголем дел на студиските програми на високите школи. Интересот за студии на наставничките факултети во Република Финска е голем. За 700-800 слободни места, конкурираат пет до шест илјади кандидати. Ова се должи на улогата на наставникот во општеството и угледот кој го имаат просветните работници. Во делот на високото образование, студентите кои се образуваат на наставничките факултети, мора да поминат низ строга селекција бидејќи интересот во оваа држава за наставничката професија е особено голем.

Високото образование е под директна јурисдикција на државата во смисла на финансирањето. Наставниците – ментори кои работат на волонтерска основа, (посетувајќи и самите претходно обуки) ги обучуваат студентите – идни наставници за следниве профили: предметни наставници, одделенско раководство, за специјално образование и наставници за работа во претшколски установи – градинки. За сите компетенции, освен за работа во градинки, е потребно стекнување на звање master. (Damjanovič,R. 2010: 220)

Образованието на идните наставници е засновано врз практична настава и истражувачка работа која е вградена во секоја тема од почетокот до крајот на студирањето.

Во студиските програми практичната настава процентуално е застапена и до 50% од вкупните број на наставни часови. Тоа подразбира јакнење на компетенциите на идните наставници во делот на истражувачки проекти и практична работа. Подоцна, во образовната пракса, наставниците го пренесуваат искуството на своите ученици во делот на истражувачка работа и практична примена на стекнатите знаења. Во делот на начините и методите со кои се реализира наставата, акцент е ставен врз процесот на осознавање на стварноста, процесот на размислување и саморефлексија. Важна е суштината, а не формата. Процесот на осознавање има поголема вредност отколку исходот. Имајќи го ова предвид, не зачудува фактот за ПИСА успесите на учениците на Република Финска. (Damjanovič,R. 2010: 220)

Образовниот систем во Република Финска постојано е предмет на темелни реформи. Денес во Финска се најавува укинување на предметите и водење дневник за секојдневните активности на учениците, а наместо тоа, се практикува учење за животот низ определени теми. Владините политики во општеството се насочени кон креирање стабилни економски политики кои водат кон социјална и економска благосостојба на секое семејство. На тој начин се создаваат предуслови за правилен раст и развој на младите во општеството.

Со вклучувањето на секое дете во системот на образование, се превенира исклучување на поединецот од социјалниот живот. На тој начин младите во текот на својот живот се активни учесници во креирање на општествените процеси во општество засновано на знаење. Владата е насочена кон јакнење на образованието од кое ќе произлезат компетентни граѓани, подготвени за живот и работа во дваесет и првиот век.

Ако направиме компарација помеѓу законската регулатива за степенот на иницијално образование на наставниците во Република Финска и во Република Македонија, ќе видиме дека постои разлика во делот на бројот на студиски години потребни за заокружување на иницијалното образование на наставниците. Во образовниот систем на Република Финска, идните наставници по заокружување на своето иницијално образование, се стекнуваат со титула master, а бројот на студиски години е пет (5).

Секако, лична определба на наставникот е дали ќе го продолжи процесот на дополнителна наобразба или своето професионално усовршување ќе биде резултат на обуки, семинари и друг вид на јакнење на наставничките компетенции. Сепак, јакнењето на образовниот систем во целост, е нераскинливо поврзано со јакнењето на компетенциите на наставникот и основен предуслов за реализација на квалитетна и современа настава. Ако ги имаме предвид насоките на Советот за образование на Европа и финскиот образовен модел како позитивен пример, можеме да пријдеме кон изработка на автентичен модел на образование на наставниот кадар кој ќе одговори на потребите на времето и општеството.

Ако се обидеме да направиме компарација на начинот на кој наставниците ги стекнуваат своите наставнички компетенции кај нас и во земјите на Европска Унија, можеме да забележиме дека постојат сериозни разлики.

Разликите во начинот на стекнување наставнички компетенции за време на студиите, но и во текот на професионалната доедукација на наставниците кои се дел од училишната пракса, се вредни за компаративна анализа со образовните системи кои се покажале како успешни. Тоа може да послужи како основа за барање и изнаоѓање подобри начини за јакнење на нашиот воспитно- образовен систем во делот на јакнење на наставничките компетенции.

Еден од најпознатите стручњаци за развој на образованието *Pasi Saghlberg,* објаснува на што треба да се стави акцентот во реформата на образованието.

1. Во реформите на воспитно-образовниот систем треба да се земат предвид менталитетот и културното наследство.

2. Акцентот не треба да биде ставен на тоа детето да биде подготвено за училиште, туку училиштето да биде подготвено во истата училница да ги прифати децата кои доаѓаат со различни вештини, од оние кои едвај ги препознаваат буквите, до оние кои веќе читаат и пишуваат.

3. Не може да се има добро образование кое ќе создава задоволни и реализирани ученици, ако немаме добри, задоволни, добро платени и почитувани учители.

4. Не може да има креативен образовен систем, ако учителот нема слобода тој да одлучи како ќе подучува.

5. Потребно е училиште во кое учениците кои доаѓаат од семејства со различен материјален статус и образование – подеднакво успешно да учат.

6. На факултетите за наставници треба да се пријавуваат најдобрите, високо талентирани и мотивирани кандидати.

7. Креативноста бара голема автономија. Дајте повеќе простор за креативност, повеќе часови за музика, ликовно, драма, спорт.

8. Централизиран систем нема доверба во учителот, а граѓаните немаат доверба во институциите, па така и во училиштето.

9. Условите за работа и учење и квалитетот на работа меѓу училиштата треба да се минимални.

**Литература**


- Andelka P., Minarevic V., Ucitelj – Nositelj promjena u obrazovanju, Učiteljski fakultet, Osijek, https://bib.irb.hr/datoteka/413060.Ucitelj_-_nositelj__promjena__u_obrazovanju.pdf
- Биро за развој на образование, (2008) Скопје, *Концепција за деветгодишно образование.*
- *Celozivotno obrazovanje nastavnika – u rascepu izmegu stvarnosti I svesti o vaznosti,* достапно на:file:///C:/Documents%20and %20Settings/ Administrator/ My%20Documents/Downloads/Pages_from_ek_vjesnik_10_1_3.pdf
- Damjanovic R. (2010) Finski obrazovni sustav, Ministarstvo prosvete Republike Srbije, достапно на: file:///C:/Documents%20and_%20Settings/Administrator_/My %20Documents/Downloads/13_Damjanovic.pdf
- Eurospka komisija Euridice, достапно на:_http://eacea.ec.europa._eu/_education_/ eurydice./documents/thematic_reports/145HR.pdf
- Loncaric D. Pejic P. (2009), Риjека, Profiliranje uciteljskih kompetencija, достапно на: https://__bib.irb.hr/__datoteka/__450386.__Loncaric___Pejic__Papak___2009___ Profiliranje_uciteljskih_kompetencija.pdf
- Polic M. K filozofiji odgoja, (1993), Zagreb Institut za pedagogijska istraživanja, достапно на*:* http://www.radionicapolic.hr/filozofija/polic93.pdf
- Резултати од меѓународни проверки на знаења на учениците во Р. Македонија http://nces.ed.gov/pubs2011/2011004.pdf

- Резултати од меѓународни проверки на знаења на учениците во Р. Македонија http://www.oecd.org/pisa/pisaproducts/pisa2012technicalreport.htm
- Резултати од меѓународни проверки на знаења на учениците во Р. Македонија
  http://www.oecd.org/general/searchresults/?q=makedonija
  http://www.dic.edu.mk/mk/proekti/timss
  http://timssandpirls.bc.edu/timss2011/downloads/T11_IR_Mathematics_FullBook .pdf
  http://timss.bc.edu/PDF/p06_international_report.pdf

УДК 378.014.3(497).
прегледен труд

# РЕФОРМСКИ ТЕНДЕНЦИИ ВО УНИВЕРЗИТЕТСКАТА НАСТАВА

**Јадранка Рунчева[1]**
**[1]Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип**

**Апстракт**
Високото образование е важен сегмент во секоја земја и услов од кој зависи развојот на самата земја. Од квалитетот на наставата зависи какви индивидуи ќе се оформат, а самите индивидуи пак ја претставуваат срцта на општествениот прогрес. Поради тоа неопходно е континуирано унапредување на универзитетската настава и подигнување на нејзиниот квалитет. Квалитетна настава е наставата која обезбедува услови студентите да станат добро информирани и длабоко мотивирани граѓани кои можат да мислат критички, настава која од една страна ги оспособува студентите да научат како да учат, а од друга страна ја поттикнува нивната креативност, храброст и желба за континуирано учење. Еден од клучните фактори од кој зависи каква настава ќе се реализира се токму наставниците. За квалитетна настава се залагаат земјите потписнички на Болоњскиот процес. Република Македонија приклучувајќи се кон Болоњскиот процес се обврза дека ќе ги следи и реализира неговите препораки.
**Клучни зборови:** високо образование, настава, студенти, наставници

# REFORM TRENDS IN UNIVERSITY TEACHING

**Jadranka Runcheva[1]**
**[1]Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delcev” Stip**

**Abstract**
Higher education is an important segment in every country and it is a condition which effects on the development of the country. What kind of individuals the society will have, depends from the quality of teaching. These individuals represent the core of social progress. Therefore, it is necessary to continuously improve the university teaching and to raise its quality. Quality teaching is teaching that provides students with the opportunity to become well-informed and deeply motivated citizens who can think critically, a teaching which, on the one hand, enables students to learn how to learn, and on the other hand encourages their creativity, courage and desire for continuous learning. Teachers are one of the key factors which affects on teaching. For quality teaching advocate signatory countries of the Bologna process. The Republic of Macedonia, joining the Bologna Process, has committed itself to monitoring and implementing these recommendations.
**Key words:** higher education, teaching, students, teachers

## Вовед

Високото образование се менува се со цел да одговори на очекувањата на заинтересираните страни и да одговори на општествените и економските промени. Промените во високообразовните системи во Европа потекнуваат од четири главни

области во општеството: економијата, демографијата, глобализацијата и телекомуникацијата (Eggins, 2003, стр. 117-122).

Во агендата за модернизација на високото образование објавена од страна на Европската комисија, покрај нагласените потреби од финансиски реформи и реформи кои ќе бидат насочени кон воспоставување и зајакнување на стратешки партнерства, посебно се нагласува и потребата од реформирање на наставата и тоа преку: создавање на флексибилни патеки за учење, студентот во центарот на наставата и поттикнувањето на мобилноста (The Gallup Organization, 2009, стр.4). Организацијата на универзитетската настава треба да биде во чекор со современото живеење и да знае да одговори на предизвиците кои ги носи новото време. Наставата треба да биде насочена кон студентот и да создава услови за самостојно истражување и непосредна активност на студентите.

Од потпишувањето на Болоњската декларација од страна на РМ во септември 2003 година, па се до ден денес, нашето високо образование постојано се преструктуира и реорганизира за да се подигне квалитетот на студиите и како такво да биде отворено, конкурентно, усогласено и препознатливо на европскиот пазар на академски услуги и пошироко. Иако факултетите веднаш пристапија кон дизајнирање на своите програми согласно Европскиот систем за акумулација и трансфер на кредити (ЕКТС), се уште нивните програми претрпуваат измени. Измените кои ги претрпуваат програмите се со цел да се намали доминантноста на енциклопедизмот, да се намали употребата на застарени методи и форми на работа и да се зголеми учеството на студентот во наставата.

**Менување на начинот на учење и поучување**

Ако денес предаваме на истиот начин на кој што предававме и вчера, тогаш нема да дозволиме да дојде утрешнината за нашите деца (Џон Дјуи). Наставникот мора да се движи со чекорот на општеството, со чекорот на научните достигнувања и на тој начин тој ги придвижува и студентите во денешницата и овозможува тие да бидат присутни во сегашноста.

Големите заложби за активно вклучување на студентот во наставата, донесуваат голема ангажираност и посветеност наставникот да ја организира наставата на начин поинаков од претходниот, да воведе нови методи и форми на работа, да му даде централно место на студентот во наставата. Ова со сигурност носи уште поголем ангажман на наставникот, иако неговата доминатност е намалена.

Според Kember & Kwan (како што е цитирано кај Henard и Leprince – Ringuet), наставниците имаат еден пристап во наставата, и тоа: во центарот да е содржината, или во центарот да е учењето.

Првиот тип на наставник, во наставата и предавањето гледаат главно како начин на пренесување на знаење, додека вториот тип на наставник, во предавањето и наставата гледаат како начин на олеснување на учењето. Разликите во пристапот кој го имаат овие наставници, води кон разлики и во наставните стратегии кои тие ги користат.

За постоењето на два типа на наставници говори и Usaci заедно со една група на автори во Implication of Bologna Process on the academic curriculum. An approach focused on student’s perspective.

Имено, според нив постојат наставници кои сметаат дека нивната улога е само да го водат процесот на учење, да го контролираат пристапот до информации на студентите и кои го сметаат учењето како дополнителен процес. Многу веројатно е дека ваквите наставници ќе придонесат за површинско учење кај своите студенти, добиеното знаење ќе

биде привремено, генерализацијата на знаењето сиромашна и учењето „како да се учи “минимално.

Од друга страна, пак постојат наставници кои го охрабруваат учеството на студентите во процесот на учење и се фокусираат на квалитетот на резултатите од учењето. Овде пак многу е веројатно дека овие наставници ќе поттикнат когнитивно подлабоко и побогато искуство од учењето кај нивните студенти (Usaci и др., 2010, стр. 526).

Една од најголемите промени во високото образование во текот на втората половина на дваесеттиот век е тоа што станува се повеќе насочено кон студентот. Усвојувањето на ЕКТС, како дел од Болоњскиот процес се движеше токму во оваа насока, имаше за цел да им помогне на високообразовните институции да го префрлат акцентот од традиционалните програми во кои во центарот е наставникот, кон програми насочени кон потребите и очекувањата на студентите. Новиот начин на организирање на наставата подразбира охрабрување на студентот да учи заедно со други лица преку дискусии и дебати, студентите да учат на тој начин што сами ќе поставуваат прашања и самостојно ќе доаѓаат до нивните одговори, а наставникот ќе ги води студентите, ќе поддржува современи форми на учење и ќе ги ангажира студентите во наставата.

Посочувањето на разликите кои постојат меѓу традиционалното и современото учење покажува и на тоа во кои насоки треба да се дејствува, кои се промени треба да се воведат, посебно кои се промени треба да ги воведе наставникот во својата настава, за да може да се постигне едно ниво на современо учење во универзитетската настава. Очигледно е дека промените не се едноставни и не се мали, со сигурност може да се каже дека тие бараат голема посветеност, ангажираност и подготвеност на наставникот за да ги постигне овие посакувани цели. Карактеристиките на традиционалното и современото учење се дадени во следнава табела.

Табела 1. Карактеристики на традиционалното и современото учење

| Традиционално | Современо |
|---|---|
| **Постои минимална можност студентите да<br><br>преземаат иницијатива, да се искажат и да<br><br>бидат во директна интеракција со нивните<br><br>врсници. Тие имаат минимална контрола<br><br>над нивните студии** | Студентите се охрабруваат да преземат иницијативи, централно место во нивното учење зазема самоизразувањето. Од огромна важност се дијалогот и интеракцијата со другите студенти |
| **Студентите се индивидуални поединци и не постои или постои минимална интеракција помеѓу нив. Кога социјалната интеракција е присутна** | Комуникацијата и соработката меѓу студентите претставува главен извор на учење. Студентите имаат слобода сами да формираат социјални групи за нивно |

| | |
|---|---|
| **таа обично се случува во формални (контролирани) ситуации. Студентите се охрабруваат да работат индивидуално и да се споредуваат со другите** | понатамошно учење. Во рамки на групата истовремено се присутни и поддршката и предизвикот |
| **Кога станува збор за развојот на студентите се мисли само на академскиот развој** | Кога станува збор за развојот на студентите се мисли на нивниот: личен, општествен, морален, етички и академски развој |
| **Површинско учење** | Учење како да се учи |
| **Курсевите се базираат на наставната програма која е организирана, дефинирана од страна на професорот** | Курсевите се базирани на проблемите, идеите, интересите, потребите на студентите и професорите. Ова вклучува преговори, планирање, донесување одлуки, експериментирање и осмислување |

*Извор: Ashwin, P.(2006), Changing Higher Education,Oxon: Routledge*

Создавањето на услови за реализирање на едно современо учење во високото образование е условено од бројни фактори, но сепак клучната улога во целиот тој процес ја има наставникот. Охрабрувањето, мотивирањето и истовремено олеснувањето на наставникот да одговори на предизвиците на новото време може да дојде од неколку страни.

Воведувањето на информациската и комуникациската технологија во образованието од една страна претставува еден од чекорите кој водеше кон застарување на традиционалното образование, а од друга страна беше поддршка и охрабрување на реализирањето на настава во чиј центар ќе биде самиот студент.

Денес, препораките кои се насочени кон модернизација на високото образование говорат дека интеграцијата на дигиталните технологии и педагогиите треба да претставува составен елемент на стратегиите за настава и учење на високообразовните институции (ЕС, 2014, стр. 30).

Земајќи во предвид дека преминот кон настава насочена кон студентот бара покреативен пристап во наставата и повеќе часови поминати на развивање на нови начини на работа, потребно е институциите да пронајдат начин да го мотивираат својот академски кадар да поминува онолку време колку што е потребно за креирање, евалуирање и редизајнирање на своите предметни програми. Потребно е да се насочи и мотивира академскиот кадар секаде каде што има можности и услови тој да заземе улога различна од улогата на екс-катедра наставник (Sursock & Smidt, 2010, стр. 48-49).

Настојувањето на наставниците да имаат повеќе време на располагање за истражувачка отколку за наставна работа може да се бара главно и во доминантните

политики кои акцент сепак главно ставаат на истражувачката продуктивност. За давањето приоритет на истражувањето наспроти квалитетната настава е дискутирано и пред повеќе од дваесет години кога во истражувањето спроведено од Оксфордскиот центар за развој на кадарот од високообразовните институции во Велика Британија е забележано дека во 38% од институциите не е остварено ниту едно унапредување кое се базира на реализирана квалитетна настава (Henard & Leprince-Ringuet, стр. 18).

Одредени поместување на овој план може да се бараат кај помладиот академски кадар (се разбира во зависност од потпишаниот работен договор) каде истражувачките активности кои се јадро на самата професија, се дополнуваат и со наставни активности и обуки во насока на стекнување и унапредување на педагошките компетенции (Sursock & Smidt, 2010, стр. 48-49).

Имплементирањето на нови начини на учење и настава во високото образование е потенцирано и во извештајот до Европската комисија подготвен од членовите на работната група кои работеле на темата модернизација на високото образование. И во таа насока, една од упатените препораки е и поддршката која треба да ја дава Европската комисија на земјите членки за имплементирање на нови начини на учење и настава во високото образование (ЕС, 2014, стр. 25).

Важен сегмент кој треба да биде присутен и во иницијалното образование на наставниците и во нивното континуирано професионално усовршување е обуката која треба да ја добива кадарот во делот на дигиталната технологија и педагогијата (ЕС, 2014, стр. 33).

И покрај тоа што резултатите од истражувачките активности на наставниците се полесно мерливи, за разлика од активностите на наставниците во наставата, сепак во ниту еден момент не треба да се дозволи да се доведе до прашање квалитетот на наставата. Квалитетна настава е таа која обезбедува услови студентите да станат добро информирани и длабоко мотивирани граѓани кои можат да мислат критички. Квалитетната настава ги оспособува студентите да научат како да учат, ја поттикнува нивната креативност, храброст и желба за континуирано учење. Овие придобивки кои ги носи квалитетната настава се доволна причина сите засегнати страни и учесници во високото образование да ги вложат своите сили и да обезбедат нејзино остварување. Овие придобивки се и доволна мотивирачка сила која треба да ги движи наставниците кон континуирано залагање за унапредување на универзитетската настава.

**Литература**


- Ashwin,P.(2006), Changing Higher Education,Oxon: Routledge
- Eggins, H.(2003), Globalization and Reform in Higher Education, Glasgow: Bell & Bain Ltd стр. 117-122
- European Commission. (2014). Report to the European Commission on New modes of learning and teaching in higher education, Luxembourg: Publications Office of the European Union.
- Henard, F. &Leprince-Ringuet, S. The path to quality teaching in higher education. Преземено на 1 декември 2017 од: https://www1.oecd.org/edu/imhe/44150246.pdf
- Sursock, A., Smidt, H. (2010), Trends 2010: A decade of change in European Higher Education, Brussels: European University Association.
- The Gallup Organization, (2009). *Students and Higher Education Reform. Survey among students in higher education institutions, in the EU Member States, Croatia, Iceland,*

*Norway and Turkey*. Преземено на 12 мај 2010 г. од http://ec. europa.eu/ public _ opinion/flash/fl_260_en.pdf

- Usaci, D., Norel,M., Niculescu,R.” и др”, *Implication of Bologna Process on the academic curriculum. An approach focused on student’s perspective*. Преземено на 10 ноември 2010 г. Од http://www.wseas.us/e-library/ conferences /2009/ vouliagmeni/ ACCMM/ ACCMM2-21.pdf